# ПОСЛАНИЕ ДО ЕФЕСЈАНИТЕ

## Како да го следиме Исуса во тешки времиња

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2023

**ПОСЛАНИЕ ДО ЕФЕСЈАНИТЕ**

Автор: Џон К. Меквеј

Број 3/2023

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

# СОДРЖИНА:


1. Павле и Посланието до Ефесјаните ........................................ 7

2. Божјиот голем христоцентричен план.................................. 14

3. Силата на прославениот Исус............................................... 21

4. Како Бог нѐ спасува ................................................................ 28

5. Хоризонтално помирување – Христос и Црквата ............... 35

6. Тајната на евангелието ........................................................ 42

7. Обединетото тело Христово ................................................ 49

8. Живот по углед на Христа и говор исполнет со Духот ...... 56

9. Мудро живеење ..................................................................... 63

10. Мажите и жените - заедно крај крстот ............................. 70

11. Покажување врвна посветеност на Христа ......................... 77

12. Повик да стоиме цврсто ...................................................... 84

13. Воспоставување мир.............................................................. 91

14. Пораката на Посланието до Ефесјаните во срцето............... 98


**Додаток**


Утрински стихови – јули ......................................................... 106

Утрински стихови – август ...................................................... 107

Утрински стихови – септември ............................................... 108

Секојдневно читање на Библијата...........................................110

Текстови за вечерно богослужение .........................................111

Табели за почеток на саботата во Македонија.................... 112-114

# ПОСЛАНИЕ ДО ЕФЕСЈАНИТЕ
# КАКО ДА ГО СЛЕДИМЕ ИСУСА ВО ТЕШКИ ВРЕМИЊА



Во Посланието до Ефесјаните, Павле ни зборува за самите верници од Ефес. Поминале многу години од возбудливите настани во раните денови на христијанската мисија во Ефес, и тие сега се мачеле околу тоа да го разберат значењето на својата христијанска вера.

Павле, кој некогаш ја загрозувал економијата на тој четврти по големина град во Римската империја, сега бил потиснат настрана и се наоѓал во затвор. Пишувајќи од затвор, тој ја изразува својата загриженост дека верниците во Ефес би можеле да „ослабат" и да го изгубат од вид секој осет за тоа што значи да се биде Исусов ученик во своевидна, урбана и целосно паганска култура на Ефес. Иако неговите слушатели веќе биле христијани, Павле им се обраќа со тон на некој што само се обидува да ги придобие. Тој настојува повторно да ги придружи кон христијанската вера, да го обнови пламенот на нивната посветеност кон Христа и да го воскресне нивниот елан со фактот дека тие се дел од Божјиот голем потфат во светот – црквата.

Бидејќи христијанската вера е целосно сосредоточена на Христа, говорот на Павле зрачи со восхит и обожавање. Нему му е јасно дека ако колебливите ученици христијани некогаш повторно застанат на свои нозе, тоа ќе биде само затоа што ќе се вратат на својата прва љубов кон Исуса и ќе изградат нова доверба во Неговата благодат и сила. Затоа Павле го нагласува Христовото устоличување на небото и стекнувањето власт над сите сили и божества кои се натпреварувале за преданост на верниците во Ефес. Исус е во центарот на божествениот вечен план, според кој верниците, како црква, играат важна улога во Божјото настојување да ги обедини сите во Христа.

Сепак, додека се обидува да разбуди кај верниците во Ефес нова привзаност спрема нивниот Господ, Павле воопшто не ги смалува барањата на христијанското следбеништво. Тој детално опишува како изгледа христијанското однесување и заедницата на верници. Христијаните се повикани на предводено од Духот, од Бога воспоставено богослужение во чест на Исуса Христа, што Павле го илустрира секогаш одново. Лојалнос-

та кон Христа влијае на однесувањето и на речникот на човекот. Да го сакаме Христа, значи да ги почитуваме и да ги цениме припадниците на нашата вера. Ова значи да се спротивставиме на обрасците на лошото и сексуално декадентно однесување, кое било толку распространето во нивната култура. Тоа значи да го следиме примерот на самопожртвуваност што Христос ни го оставил во сите наши односи внатре во црквата и домаќинствата. Ова значело да им се понудат на граѓаните на Ефес јасни примери на нов образец според кој човекот треба да живее.

Добар дел од своето послание Павле го посветува на изразување на својата одушевеност од тоа ново дефинирање на значењето на човечноста преку припадноста кон Божјата црква. Тој е особено восхитен од помислата дека отуѓените сегменти на човештвото – Евреите и незнабошците – Бог ги обединил како „едно“ во црквата. Бидејќи живееле во единство каде што можело да се очекува само непријателство, им била дадена можност јавно да ги покажат обележјата на Божјото ново општество и на Неговото царство што доаѓа.

Во своите напори да нагласи колку е важна припадноста кон Божјата црква, Павле развива четири метафори за неа. Верниците го сочинуваат Христовото *тело*, покажувајќи ја својата посветеност на Христа и на единството едни со други. Тие се жив храм, изграден со Христовата жртва на Голгота, во кој се прославува Бог. Тие се Христова невеста, која ја чека големата свадбена церемонија, кога ќе дојде Младоженецот да ја земе како своја. Според последната метафора со која Павле се обидува повторно да ги заинтересира за христијанската вера, тие се Христова *војска*, која воспоставува мир во Негово име, спротивставувајќи се на силите на темнината со Божја сила додека го чека Христовото враќање.

Според тоа, Посланието до Ефесјаните посебно се обраќа до едно време слично на нашето, во кое привлечноста на светот и токот на времето се закануваат да ја ослабнат жарта на христијанското следбеништво. Таа го воздигнува Христа и нагласува колку е важно да Го следиме како ангажирани, активни членови на Неговата црква, додека живееме со надеж во Неговото враќање. Во ова тримесечје имаме привилегија, со молитва, да го слушаме читањето на писмото до Ефесјаните и повторно да ја искусиме одушевеноста додека го следиме Исуса во тешки времиња.

*Д-р Џон К. Меквеј е професор по религија и ректор на Универзитетот Вала Вала во Колеџот Плејс, државата Вашингтон во Соединетите Држави, каде што служи од 2006 година.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 1**
**Од 24 до 30 јуни 2023**

# ПАВЛЕ И ПОСЛАНИЕТО ДО ЕФЕСЈАНИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 18,18-21; Дела 19,13-20,1; Дела 20,17-38; Ефесјаните 1,1.2; Ефесјаните 6,21-24; Ефесјаните 3,13; Ефесјаните 1,9.10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Соопштувајќи ни ја тајната на Својата волја, според Своето благоволение, што го одреди во Него, за да ја спроведе кога ќе се исполнат времињата: за да соедини повторно во Христа: сè што е на небесата и што е на земјата – во Него“ (Ефесјаните 1,9.10).**

Кога пишуваме нешто, тоа обично го правиме со одредена цел, која понекогаш носи значителна тежина. Абрахам Линколн, на пример, го напишал своето познато обраќање во Гетисбург во 1863 година по страшните пустошења во една битка што се одвивала таму за време на Американската граѓанска војна, во која загинале околу 7.000 војници. Во тоа обраќање, повикувајќи се на татковците-основачи, Линколн го изразил своето уверување дека граѓанската војна бил конечна проверка за тоа дали нацијата создадена во 1776 година ќе опстане или „ќе исчезне од лицето на земјата“.

Павле имал на ум една значајна цел која го поттикнала да го напише ова послание. Затоа што, делумно поради неговото затворање (Ефесјаните 3,13; Ефесјаните 6,20) а делумно поради постојаните прогонства и тешкотии, Ефесјаните биле во искушение да паднат со духот. Затоа Павле ги потсетува на она што се случило кога се обратиле, кога го прифатиле Христа како свој Спасител и станале дел од црквата. Тие станале Христово тело (Ефесјаните 1,19-23, Ефесјаните 4,1-16), материјал за градење на храмот (Ефесјаните 2,19-22), Христова невеста (Ефесјаните 5,21-33) и добро опремена војска (Ефесјаните 6,10-20). Тие имале стратешка улога во исполнувањето на големиот Божји план – сите да се обединат во Христа (Ефесјаните 1,9.10). Павле пишувал за да го разбуди кај верниците во Ефес чувството за нивниот целосен идентитет и предимствата што ги имале како Христови следбеници.

## ПАВЛЕ - ЕВАНГЕЛИСТ ВО ЕФЕС

**Што прави Павле при својата прва посета на Ефес пред крајот на неговото второ мисионерско патување? (Дела 18,18-21)**

_____________________________________________________________

_____________________________________________________________

_____________________________________________________________

Ефес бил еден од најголемите градови на Римското царство, со околу 250.000 жители. Тоа бил главен град на една од најбогатите провинции на Царството, провинција на Азија која покривала поголем дел од она што нам денес ни е познато како Мала Азија. Во времето на Павле, таа провинција уживала период на раст и просперитет. Исто така, како пристаништен град, Ефес се наоѓал на крстосницата на важни копнени патишта. Иако луѓето од градот обожавале многу богови, Артемида, која ја сметале како заштитничка на градот, била врховно божество. Во врска со тоа, обожавањето на Артемида претставувало центар на сите граѓански церемонии, атлетски игри и годишни прослави (Римјаните Атемида ја нарекувале Дијана; видете Дела 19,24.35).

Подоцна Павле се враќа во Ефес на своето трето мисионерско патување (Дела 19,1-12) и останува таму „три години“ (Дела 20,31). Затоа, апостолот му посветил значително време на Ефес, со намера таму цврсто да го воспостави христијанството.

**Кој необичен настан довел до зголемување на почитта кон „Господ Исус“ во Ефес? (Дела 19,13-20).**

_____________________________________________________________

_____________________________________________________________

Лука изнесува необична сторија за седум патувачки еврејски егзорцисти во градот. Мешањето на Исусовото и Павловото име со нивните баења се покажало како многу непромислен потфат. Кога веста за тоа се проширила низ улиците на градот, „сите нив ги спопадна страв; и името на Господ Исус се величаше“ (Дела 19,17). Настанот, исто така, извршиле големо влијание врз некои од оние кои веќе станале верници, кои јавно ги запалиле своите скапи прирачници за магиски вештини, вредни „педесет илјади сребреници“ (Дела 19,19). Така, заедно со другите жители на градот, верниците сфатиле дека обожавањето на Исус не смее да се разводнува со обожавање на што и да е друго или на кој било друг.

**Што значело палењето на сопствените книги, и покрај тоа што тоа претставувало толку голем трошок за нив? Што кажува тоа за целосната посветеност на Господа?**

## БУНТ ВО АМФИТЕАТАРОТ

**Прочитајте Дела 19,21-20,1. Кои поуки можеме да ги извлечеме од тој настан?**

___

Сведочењето на Павле во тој голем раздвижен град Ефес било толку успешно што се одразило на важниот економски двигател на градот – туризмот сосредоточен на храмот на Артемида. И каков храм бил тоа! Таа величествена градба се состоела во дел од 127 столбови, високи преку 18 метри и направени од мермер од островот Парос – чист бел, беспрекорен мермер, високо ценет камен за изработка на скулптури. Триесет и шест од тие столбови биле посебно изваjани и обложени со злато, со што храмот добил репутација на едно од седумте чуда на стариот свет.

Загрижен дека беседите на Павле против идолопоклонството би можеле да ја исцрпат финансиската поддршка за храмот (Дела 19,27), златарот Димитриј поттикнал бунт меѓу своите колеги занаетчии. Гневната толпа, која брзо се множела, дошла од пазарот во големиот амфитеатар, кој можел прими околу 25.000 луѓе. Таму продолжил метежот, при што луѓето непрекинато извикувале цели два часа: „Велика е Артемида Ефеска!“ (Дела 19,34) Откако градскиот службеник ја растерал толпата, Павле се состанал со верниците, а потоа го напуштил градот.

**На крајот од своето трето мисионерско патување, Павле се состанал со старешините на ефеската црква. Како би ги сумирале главните преокупации на Павле? (Види Дела апостолски 20,17-38.)**

___

___

Кратка хронологија на дејствувањето на Павле поврзано со Ефес:

* Година 52: Првата кратка посета на Павле на Ефес (Дела 18,18-21).
* Година 53-56: Тригодишната служба на Павле во Ефес (Дела 19,1-20,1). Кон крајот на престојот во тој град, тој го составува првото послание до Коринќаните (1. Коринќаните 16,5-9).
* Година 57: Додека бил на Милит, Павле се состанува со црковните старешини од Ефес (Дела 20,17-38).
* Година 62: Павле го составува Посланието до Ефесјаните, веројатно за време на неговото престојување во затворот во Рим.

**„Затоа бидете будни и помнете дека цели три години дење и ноќе не престанував со солзи да поучувам секого од вас“, вели Павле (Дела 20,31). Што мислите, што би ја „поучувал со солзи“ Павле нашата црква денес и зошто?**

## СЛУШАЊЕ НА ПОСЛАНИЕТО ДО ЕФЕСЈАНИТЕ

Павле го напишал посланието до Ефесјаните со намера тоа да се чита на глас во куќните цркви на верниците во поширокото подрачје на градот Ефес. Во годините по заминувањето на Павле, христијанското движење во Ефес растело, а бројот на куќните цркви се зголемувал. За тие први верници, важен настан бил кога Тихик, личниот претставник на основачот на нивната црква, апостол Павле, ќе застанел меѓу нив и ќе им прочитал писмо од него. Како што сугерира самото послание, собраната група веројатно ги вклучувала членовите на домаќинството – таткото, мајката, децата и робовите (Ефесјаните 5,21-6,9). Во тоа време домаќинството опфаќало и други поединци – посетители (слободни луѓе кои зависеле од гостопримството на домаќинот), па дури и деловни соработници. Значи, и тие можеле да бидат присутни таму, како и членовите на други домаќинства.

**Во врска со нацртот на посланието што го даваме подолу, прочитајте го целото послание, по можност на глас (за ова ќе ви требаат околу 15 минути). Кои теми се повторуваат низ целото послание?**

---

I Воведен поздрав (Ефесјаните 1,1.2)

II Почетен благослов (Ефесјаните 1,3-14)

III Молитва за верниците да примат мудрост сосредоточена на Христа (Ефесјаните 1,15-23)

IV Некогаш духовно мртви, сега се возвишени со Христа (Ефесјаните 2,1-10)

V Христос ја составува Црквата од Евреи и незнабошци (Ефесјаните 2,11-22)

VI Павле како Христов проповедник упатен кај незнабошците (Ефесјаните 3,1-13)

VII Молитва за верниците да ја искусат Христовата љубов (Ефесјаните 3,14-21)

VIII Да се придржуваме до единството на Црквата вдахновено од Духот (Ефесјаните 4,1-16)

IX Да живееме нов живот во кој се негува единството (Ефесјаните 4,17-32)

X Да одиме во љубов, светлина и мудрост (Ефесјаните 5,1-20)

XI Да водиме живот сличен на Христовиот во христијанското домаќинство (Ефесјаните 5,21-6,9)

XII Да стоиме заедно – Црквата како Божја војска (Ефесјаните 6,10-20)

**Која клучна тема се појавува во ова послание? Што ви кажува тоа? Кој посебен детаљ или детали се однесуваат на домот?**

## ПОСЛАНИЕТО ДО ЕФЕСЈАНИТЕ ВО ВРЕМЕТО КОГА БИЛО НАПИШАНО

**Како Павле го започнува и го завршува своето писмо до верниците во Ефес? Што дознаваме за неговите најдлабоки желби за нив? Видете: Ефесјаните 1,1.2; Ефесјаните 6,21-24.**

---

На почетокот на посланието, Павле се претставува како нејзин автор (Ефесјаните 1,1). Отприлика на половина, тој повторно се претставува по име, велејќи за самиот себе дека тој е „затвореник на Исус Христос за вас незнабошците“ (Ефесјаните 3,1), што претставува вовед во личното размислување за неговото апостолско дело (Ефесјаните 3,1-13). На крајот од посланието, тој повторно зборува за своето затворање (Ефесјаните 6,20) и завршува со една лична порака (Ефесјаните 6,21-22). Иако некои библиски научници го негираат Павловото авторство, важно е да се забележи дека во самото послание наоѓаме јасна потврда дека Павле е негов автор. Повеќето христијани прифаќаат, и со право, дека Павле е авторот.

**Како Павле ја изразува својата загриженост за влијанието што неговото затворање ќе го има врз верниците во Ефес? Видете Ефесјаните 3,13.**

---

Се чини дека посланието до Ефесјаните ја дели истата општа временска рамка и околности со другите две посланија кои Павле исто така ги напишал од затвор: Колошаните (видете особено Колошаните 4,7.8) и Филимон. Освен тоа, се чини дека посланието е напишано долго време по Павловото служење во Ефес (Ефесјаните 1,15; Ефесјаните 3,1.2). Павле веројатно го составил Посланието до Ефесјаните во затворот во Рим околу 62. година.

Во ова послание, Павле изнесува неколку конкретни детали во врска со ситуацијата на неговите слушатели од Ефес. Опсегот на теми, на кои тој овде посветува внимание, е доста широк. Се занимава со прашања кои покриваат долг временски период, почнувајќи од Божјите одлуки донесени „пред светот да биде создаден“ (Ефесјаните 1,4), и опширно размислува за големите теми поврзани со Божјото спасение понудено во Христа. Во исто време, неговото писмо открива префинет книжевен стил, со долги реченици, повторени изрази и развиени метафори. Павле го користи овој стил и на други места (на пр. во Римјаните 8,31-39), но тој е особено присутен во посланието до Ефесјаните, кое содржи многу изрази на пофалба, молење и обожавање (Ефесјаните 1,3-14; Ефесјаните 1,15-23; Ефесјаните 3,14-21) и нуди внимателно осмислени, високо реторички исечоци (на пр. Ефесјаните 4,1-16; Ефесјаните 5,21-33; Ефесјаните 6,10-20).

## ЕФЕСЈАНИТЕ - ПОСЛАНИЕ ДЛАБОКО ПРОНИКНАТО СО ХРИСТА

**Како Павле ја најавува темата на своето послание? Ефесјаните 1,9.10.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Како може да се сумира пораката на Ефесјаните? Павле од затвор изнесува визија за Божјиот христоцентричен план за крајот на времето и за улогата што црквата ќе ја има во него. Бог работи преку Христа за да го започне својот план „за да соедини сè небесно и земно под една глава - во Христос“ (Ефесјаните 1,10), а тоа го прави со создавање на црквата како ентитет составен од едно ново човештво кое ги опфаќа и Евреите и незнабошците (Ефесјаните 2,14). Верниците се повикани да дејствуваат во согласност со тој божествен план, објавувајќи им на силите на злото дека Божјата крајна цел токму сега се остварува (Ефесјаните 3,10).

Како што објавува текстот Ефесјаните 1,9.10, единството што Бог го има на ум е сосредоточено на Христа. Затоа, не треба да се изненадиме кога ќе откриеме дека посланието до Ефесјаните е едноставно „натопено“ во Христа, дека постојано ги фали Божјите дела направени во Христа и го слави пристапот кон духовните ресурси што им се нудат на верниците во Христа. Павле повеќе од триесет пати го користи изразот „во Христа“, како и изрази слични, и секој пат го воздигнува Исуса. Додека го читате ова послание, побарајте ги тие изрази и обратете внимание на сите начини на кои Павле се сосредоточува на Исуса.

Павле настојува повторно да ја разгори искрата на духовна посветеност кај верниците во Ефес, потсетувајќи ги дека тие се дел од црквата, која е во срцта на Божјиот план сите да ги обедини во Христа. Кога го користи зборот „црква“ (грчки ekklēsia) во ова послание, Павле мисли на „универзалната“ црква или на црквата воопшто (не на локалната заедница).

Главната стратегија што тој ја користи е да зборува за црквата, а тоа го прави користејќи живописни метафори, од кои четири развива подетално:

1. Црквата како тело (Ефесјаните 1,22-23; Ефесјаните 2,16; Ефесјаните 3,6; Ефесјаните 4,1-16,25; Ефесјаните 5,23.29.30).
2. Црквата како градба/храм (Ефесјаните 2,19-22).
3. Црквата како невеста (Ефесјаните 5,22-27).
4. Црквата како војска (Ефесјаните 6,10-20).

Секоја од овие слики, на свој начин, открива која е Божјата цел и какви намери има Тој за својата црква.

**Во црквата на која сте дел, Адвентистичката црква на седмиот ден, Бог собира една транснационална, повеќејазична, мултирасна, меѓукултурна заедница (Откровение 14,6.7) која го покажува патот кон исполнувањето на Неговиот план сите да ги состави во Исуса (Ефесјаните 1,9.10). Како можеме да постапуваме во согласност со тој голем Божји план?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Приказната за егзорцистите кои го злоупотребувале Исусовото и Павловото име (Дела 19,13-20; видете ја лекцијата од недела) ни помага да објасниме зошто Павле сто толку многу изрази зборува за силата во Посланието до Ефесјаните. Некои од новите верници, под обновеното сведочење за Исусовиот суверенитет, ги фрлиле своите скапи магиски прирачници во оган. Благодарение на откритието на околу 250 папируси кои се занимаваат со магија, како и други наоди, имаме изобилни илустрации на ритуали, гатања, баења, клетви итн., слични на оние што веројатно се наоѓале во тие прирачници за магии. Многу такви книги содржеле совети до верниците како да спроведат одредени ритуали за да ги убедат боговите, божиците и други духовни сили да направат што и да побараат од нив.

Лука ни кажува дека тие книги вределе 50.000 гроша или 50.000 дневници. (Во денешни околности, под претпоставка една дневница на квалификуван работник да изнесува 80 долари, тоа би изнесувало 4 милиони долари!). Тој детаљ покажува колку голема важност и значење им придавале на тие книги во нивниот секојдневниот живот. „Потребна била Божјата моќна интервенција за да ги убеди дека треба целосно да се покаат за нивната постојана употреба на разни амајлии, вражарења, баења и други традиционални средства за стекнување духовна сила“ (Clinton E. Arnold, Ephesians; Grand Rapids, MI: Zondervan, 2010, стр. 34).

Според тоа, можеме да заклучиме дека посланието до Ефесјаните било напишано за верниците на кои им биле потребни упатства за тоа „како да се справат со постојаното влијание и нападите на злокобните космички ‘сили’“ (Clinton E. Arnold, Power and Magic: The Concept of Power in Ephesians; Grand Rapids, MI: Baker Books, 1992, стр. 165). Како одговор на тоа, Павле го пишува Посланието до Ефесјаните, во кое укажува на Христа како Оној кој е возвишен над секоја сила (Ефесјаните 1,20-23) и нагласува колку е надмоќна таа сила со која Бог ги обдарил верниците (Ефесјаните 2,15-19; Ефесјаните 3,14-21; Ефесјаните 6,10-20).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои сили или авторитети се активни денес во нашиот свет и во приватниот живот? Како се манифестираат овие сили, искушувајќи ги верниците да ги почитуваат и да им се восхитуваат, наместо својата неподелена лојалност да ја посветат на прославениот Христос?**
2. **Во контекст на Божјиот план да ги состави сите работи во Христа по „исполнувањето“ на времето, Павле ја изразува својата надеж за иднината. Размислете како го користи зборот „надеж“ во следните стихови: Ефесјаните 1,18; Ефесјаните 2,12 и Ефесјаните 4,4. Зошто верува дека има надеж за иднината?**
3. **Како Павле укажува на големата идна надеж во Христовото враќање во следните стихови: Ефесјаните 1,13.14; Ефесјаните 1,21; Ефесјаните 2,7; Ефесјаните 4,30; Ефесјаните 5,5. Што значи таа надеж за нас токму сега?**

**Лекција 2**
**Од 1 до 7 јули 2023**

# БОЖЈИОТ ГОЛЕМ ПЛАН ХРИСТОЦЕНТРИЧЕН ПЛАН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 1,3-14; Ефесјаните 2,6; Ефесјаните 3,10; Колошаните 1,13, 14; 5. Мојсеј 9,29.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Нека биде благословен Бог и Отецот на нашиот Господ Исус Христос, Кој нè благослови со секаков духовен благослов од небесата во Христос“ (Ефесјаните 1,3).**

Дваесет и пет години откако стана првиот човек кој стапна на Месечината, Нил Армстронг напиша благодарница до креативниот тим кој ја дизајнирал вселенската облека за одење надвор од леталката (ЕМУ), облека во која ги направил тие историски чекори. Нарекувајќи го „најфотографираниот дел од вселенската опрема во историјата“ и шегувајќи се дека успеал да го скрие „неговиот грд корисник“ од погледот, Армстронг ѝ се заблагодари на „екипата на ЕМУ“ од Вселенскиот центар Џонсон за „цврстата, доверлива и речиси милувачка“ облека што му го спасило животот, упатувајќи им „благодарност и честитки кои ги заслужуваат и по четврт век“.

Павле го започнува своето писмо до Ефесјаните со величествена благодарница, славејќи го Бога за благословите што ги излеал – благослови кои се исто толку неопходни за животот на верникот како што е вселенскиот костум за некој што оди по Месечината. Павле тврди дека овие животно важни благослови Бог ги подготвува „уште пред светот да биде создаден“ (Ефесјаните 1,4) и му упатува похвала на Бога што дејствувал во полза на верниците со векови.

Воведот што го прави Павле овде им дава посебна вредност на Посланието до Ефесјаните, бидејќи ни дава пример како да го славиме и фалиме Бога за бројните благослови што ни ги дал.

## ИЗБРАНИ И ПРИФАТЕНИ ВО ХРИСТА

Благодарноста обично го вклучува и описот на дарот или даровите што се примени. Во текстот Ефесјаните 1,3-14, Павле дава долга листа на дарови додека му се заблагодарува на Бога за благословите на евангелието.

Тој го фали Бога за фактот дека „нè благослови со секаков духовен благослов... во Христа“ (Ефесјаните 1,3). Фактот дека благословите се духовни (грчки, pneumatikos), сугерира дека тие потекнуваат од Духот (pneuma), што нè упатува на завршеток на Павловиот благослов, каде што тој го велича делото на Светиот Дух во животот на верниците (Ефесјаните 1,13.14).

Текстот Ефесјаните 1,3-6 содржи вдахновен говор за тоа како Бог нè гледа во Христа. Уште пред создавањето на светот, Бог нè избрал преку Христа и нè одредил да стоиме „свети и праведни“ во Неговото присуство (Ефесјаните 1,4; сп. Ефесјаните 5,27) како драгоцени синови и ќерки врз основа на создавањето и откупувањето преку Христа (Ефесјаните 1,5). Уште пред да почне сонцето да грее, Неговиот план бил да бидеме прифатени во Неговиот „Возљубен“ Син (Ефесјаните 1,6). Накратко, Божјата намера за нас е да бидеме спасени. Спасението можеме да го изгубиме само врз основа на нашите сопствени грешни избори.

**Што значи изразот „во небесата“ во Ефесјаните (единственото место што се користи во Новиот завет)? Проучете ја употребата на тој израз. (Видете: Ефесјаните 1,3.20; Ефесјаните 2,6; Ефесјаните 3,10; Ефесјаните 6,12; споредете со: Ефесјаните 3,15; Ефесјаните 4,10; Ефесјаните 6,9).**

---

Изразите „во небесата“ или „на небесата“ во посланието до Ефесјаните укажуваат на небото како Божјо живеалиште (Ефесјаните 1,3; Ефесјаните 6,9), седиште на духовните сили (Ефесјаните 1,10.20.21; Ефесјаните 3,10.15; Ефесјаните 6,12) и место на Христовото поставување од десната страна на Таткото (Ефесјаните 1,20). Верниците веќе во сегашноста имаат пристап до тие „небеса“ како сфера во која духовните благослови се нудат преку Христа (Ефесјаните 1,3; Ефесјаните 2,6). Меѓутоа, иако „небесата“ станале место на благослов за верниците, тие сè уште се поприште на судирот со злите сили кои се борат против Христовото владеење (Ефесјаните 3,10; Ефесјаните 6,12).

**Задржете со во мислите на стихот Ефесјаните 1,4, каде што се вели дека преку Него, Христос, сме избрани „пред основањето на светот“. Што значи тоа? Како тоа ни ја открива Божјата љубов кон нас и Неговата желба да бидеме спасени?**

## СКАПО СПАСЕНИЕ – ПРЕОБИЛНО ПРОШТАВАЊЕ

Гревот бил мрачна, владејачка сила во животот на Павловите слушатели. Зборувајќи за нивното минато, тој ги опишува како мртовци кои одат – кои иако „мртви поради вашите престапи и гревови“ (Ефесјаните 2,1), сепак „оделе“, односно живееле како што им налагал сатаната (Ефесјаните 2,1-3). Како робови на гревот и на сатаната, тие не биле способни да се ослободат сами. Ним им требало спасение. Бог го направил тоа со Своето милостиво дејствување преку Христа, а Павле сега слави два нови благослови на Божјата благодат во животот на верникот – избавување (откупување) и простување.

**Прочитајте Ефесјаните 1,7.8. „Избавувањето“ („откупувањето“; заб. на прев.) идеја која често се користи во Новиот завет. Споредете ја употребата на таа идеја во Колошаните 1,13.14; Тит 2,13.14 и Евреите 9,15. Кои заеднички теми ги делат овие стихови со Ефесјаните 1,7.8?**

_______________________________________________________________

Грчкиот збор преведен со „откуп“ во Ефесјаните 1,7 е apolutrōsis, првично користен за купување слободата за роб или откупнина за ослободување на заробеник. Едноставно може да се слушне како одекнува гласот на трговецот со робови додека ја нуди својата *стока* и студеното ѕвечење на оковите на заробеникот. Кога станува збор за *избавувањето*, односно *откупувањето*, Новиот завет ја нагласува високата цена за ослободување на робовите.

Нашата слобода доаѓа со исклучително висока цена: „Во Кого (Исуса) имаме откуп преку неговата крв“ (Ефесјаните 1,7). Идејата за откупување, исто така, ја велича милостивата великодушност што Бог ја покажал плаќајќи толку висока цена за нашата слобода. Бог ни дава слобода и достоинство. Ние веќе не сме поробени!

„Да се биде откупен значи да се биде третиран како личност, а не како предмет. Тоа значи да се стане граѓанин на небото, а не да се биде роб на земјата“ (Alister E. McGrath, What Was God Doing of the Cross?; Grand Rapids, MI: Zondervan, 1992, стр. 78).

Меѓутоа, треба да посебно да се чуваме од идејата дека Бог ја плаќа цената на откупување на сатаната, која потекнува од средниот век, а не од Библијата. Бог ниту му должи нешто на сатаната ниту му плаќа нешто.

Придобивките што ни ги дава Голгота вклучуваат и „проштавање на гревовите“ (Ефесјаните 1,7). На крстот, Христос ја презел врз себе цената за нашите гревови, како минатите така и идните, „извршувајќи го ракописаниот закон, кој со своите прописи стана наш непријател“ (Колошаните 2,14). Кога го изврши тоа дело на откупување и простување преку Христа, Бог постапил како наш великодушен Татко, „според богатството на Неговата благодат, која ја излеа изобилно на нас во секоја мудрост и разумност“ (Ефесјаните 1,7.8).

**Што значи за вас тоа што сте откупени и што ви е простено врз основа на Христовата жртва на помирување? А што ако се чувствувате недостојни за тоа? (Навестување: вие навистина сте недостојни; во тоа е целата поента на крстот.)**

## БОЖЈИОТ ГОЛЕМ ХРИСТОЦЕНТРИЧЕН ПЛАН

**Кој е Божјиот план за „исполнувањето на времињата“ и колку е тој далекусежен? Прочитајте Ефесјаните 1,9.10. Преведен од англиски јазик (ESV), тој текст би гласел вака: „Објавувајќи ни ја тајната на Својата волја, според Неговата цел, која ја изнесе во Христа како план за полнотата на времето, да соедини во Него сѐ што е на небото и што е на земјата“.**

---

Павле користи три одредници на Божјиот план. Тоа е (1) „тајната на Својата волја“, (2) „Неговата цел“ и (3) „планот за извршување (полнотата) на времето“. Тогаш, кој е Божјиот краен, конечен план? Сѐ, и насекаде, да соедини во Исуса.

Изразот што Павле го користи за да го долови тој план е многу живописен (грчки: anakephalaiōsasthai) и значи да се „собере“ или „сумира“ сѐ во Христа. Во древната сметководствена практика, би „собрале“ колона од бројки и би го напишале вкупниот број на врвот. На сличен начин, Исус се наоѓа на врвот на Божјиот последен, есхатолошки план. Тој христоцентричен план настанал „пред светот да биде создаден“ (Ефесјаните 1,4) и е толку обемен што го опфаќа целокупното време („исполнувањето на времињата“) и целокупниот простор („сѐ небесно и земно“). Павле, значи, го најавува единството во Христа како голема, божествена цел за целата вселена.

Зборувајќи за Божјото „уредување и исполнувањето на времињата“ (Ефесјаните 1,10), Павле ја начнува тема со која ќе биде проткаено целото послание. Тој заклучува дека Бог го започнува својот план за сеопшто обединување, вкоренето во смртта, воскресението, вознесението и прославувањето на Исуса Христа (Ефесјаните 1,15-2,10), така што ја основа црквата и во неа ги обединува различните делови од човештвото – Евреите и незнабошците (Ефесјаните 2, 11-3,13).

На тој начин црквата им објавува на силите на злото дека Божјиот план е во тек и дека нивното владеење, кое води до поделби, наскоро ќе заврши (Ефесјаните 3,10). Како што вели Библијата на друго место: „Зашто ѓаволот слегол кај вас со голем гнев, бидејќи знае дека му останува малку време!“ (Откровение 12,12)

Втората половина од Павловото писмо започнува со огнен повик на единство (Ефесјаните 4,1-16) и продолжува со долг совет да се избегнува какво било однесување кое му штети на единството, и наместо тоа да се гради солидарност со другите верници (Ефесјаните 4,17-6,9). Потоа Павле завршува со возбудливата слика за црквата како обединета војска, која решително учествува во ширењето на мирот во Христово име (Ефесјаните 6,10-20).

**Како можете да го познаете и да го славите фактот дека откупувањето што лично сте го доживеале во Христа Исуса е дел од нешто огромно и величествено – составен дел од промислениот и конечен Божји план за обединување на сите и сѐ во Христа?**

## ДА ЖИВЕЕМЕ ЗА „ПОФАЛБА НА СЛАВАТА НЕГОВА“

**„Преку Него ние бевме избрани за наследници, однапред определени според одлуката на Оној Кој врши сè според волјата Своја, за да послужиме како пофалба на славата Негова ние, кои од порано се надевавме на Христос“ (Ефесјаните 1,11.12).**

Изгледа дека верниците во Ефес го изгубиле јасниот осет за тоа кои се тие како христијани и дека „ослабнале“ (види Ефесјаните 3,13). Затоа Павле, во согласност со она што го кажувал претходно (Ефесјаните 1,3-5), сакал повторно да го зајакне нивниот идентитет како христијани. Тие верници не биле жртви на некои случајни, произволни одлуки на некакви божества или астрални сили. Тие биле Божји деца (Ефесјаните 1,5) и имале пристап до многу благослови преку Христа, врз основа на длабоките совети и вечните Божји одлуки. Она што се одиграло во нивниот живот било според Божјата намера, совет и волја (Ефесјаните 1,11), во согласност со уште посеопфатниот Божји план сите да ги обедини во Христа (Ефесјаните 1,10). Тие можеле да имаат непоколеблива доверба во својата положба пред Бога и во делотворноста на благословите што Тој ги дава. Нивниот живот требало да зрачи со пораката од текстот Ефесјаните 1,3-14: Да биде благословен Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христос!

**Споредете ги начините на кои идејата за „наследство“ се појавува во различни стихови: Ефесјаните 1,11.14.18. Што мислите, зошто оваа идеја била важна за Павле?**

---

Дали некогаш сте добиле наследство по нечија смрт? Можеби некој роднина ти оставил вреден имот или значителна сума пари. Според мислењето на Павле, врз основа на Исусовата смрт, христијаните добиле наследство од Бога (Ефесјаните 1,14) и станале „наследство“ за Бога (Ефесјаните 1,18).

Во Стариот завет, Божјиот народ понекогаш се смета за негово „наследство“ (5. Мојсеева 9,29; 5. Мојсеева 32,9; Захарија 2,12). Тоа чувство дека сме и дека стануваме Божјо наследство е јасно претставено во стихот Ефесјаните 1,18, а веројатно го претставува и правото значење на изразот што го наоѓаме во стихот Ефесјаните 1,11 (кој може да се преведе и на следниов начин: „Во него станавме наследство“). Павле сакал верниците да бидат свесни за својата вредност пред Бога, како централен елемент на нивниот христијански идентитет. Тие не само што поседувале наследство од Бога (Ефесјаните 1,14; Ефесјаните 3,6; споредете со Ефесјаните 5,5), туку и самите тие биле Божјо наследство.

**Која е разликата помеѓу стекнување нешто со работа и наследувањето? Како оваа идеја ни помага да разбереме што ни е дадено во Исуса?**

## СВЕТИОТ ДУХ – ПЕЧАТ И ЗАЛОГ

**Во Ефесјаните 1,13-14, Павле накратко го опишува преобратувањето на своите читатели. Кои чекори ги набројува тука?**

---

Разгледувајќи ја важноста на Светиот Дух во животот на верникот, Павле користи две слики или метафори за Духот. Тој прво го опишува Светиот Дух како „печат", препознавајќи го присуството на Духот кое запечатува, а кое се јавува од моментот на преобратувањето. Во древно време, печатите имале широк спектар на употреба. Тие се користеле како потврда за автентичноста на преписите на закони и договори или за квалитетот и квантитетот на содржината на пратките (на пр. Езекиел 28,12), но воедно и како сведоштво за трансакции (на пр. Еремија 32,10-14.44), договори, писма (на пр. 1. Царевите 21,8), тестаменти и посвојувања. Доколку бил втиснат на некој предмет, печатот истовремено означувал сопственост и гарантирал заштита. Според тоа, присуството на Светиот Дух во животот на верниците ги обележувало како такви кои му припаѓаат на Бога и им го пренесувало Божјото ветување дека ќе ги заштити (споредете со Ефесјаните 4,30). Тие биле запечатени со „Светиот Дух на ветувањето" (Ефесјаните 1,13).

„Павле јасно кажува дека во моментот кога некој ќе му го предаде својот живот на Исуса и ќе поверува во Него, Светиот Дух го запечатува (грчки: sphragizō) тој верник во Христа за денот на откупувањето. Колку е тоа прекрасна, олеснувачка и охрабрувачка вистина! Божјиот дух ги обележува Христовите следбеници со печат на спасението во истиот момент кога ќе поверуваат" (Jiří Moskala, „Misinterpreted End-Time Issues: Five Myths in Adventism", Journal of the Adventist Theological Sociaty 28, no. 1 2017, стр. 95).

Друга слика што Павле ја користи за Светиот Дух е „залог". Светиот Дух е залог за нашето наследство, што нè упатува на моментот кога наследството целосно ќе ни биде предадено (споредете со 2. Коринќаните 1,22; 2. Коринќаните 5,5).

Зборот преведен со „залог" (arrabōn) бил заемка од еврејскиот јазик, која широко се користела во обичниот или грчкиот коине јазик од новозаветното време, за да ја означи „прва рата", „депозит" или „капар"„ со кој исплатувачот се обврзувал дека ќе ги изврши и дополнителните уплати.

Забележете дека верниците не го плаќаат тој залог, туку го примаат од Бога. Драгоценото присуство на Светиот Дух во животот на верниците, кажува Павле, ја претставува „првата рата" на целосното наследство на спасението и откупувањето што ќе го добиеме при Христовото доаѓање. А наша должност е да го примиме со благодарно и покорно срце она што ни е понудено во Исуса.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Дали текстот Ефесјаните 1,3-14 нè учи дека Бог ја предодредува иднината на човекот, избирајќи едни за вечен живот, а други за вечна смрт? За жал, многу луѓе веруваат во тоа. Сепак, разгледајте ги следните идеи:

1. Во тој текст (Ефесјаните 1,3-14), улогата на Христос е решавачка, со оглед на божествениот избор да нè усвои „преку Исуса Христа“ (Ефесјаните 1,4.5.11). Ова укажува дека Бог ги избира и ги предодредува за спасение сите оние кои ќе се определат да веруваат во Христа, наместо луѓето да ги раздвојува, од случај до случај, на спасени и изгубени, дури и пред да се родат. Тој избор е промислен, предодреден, божествен одговор на оние кои покажуваат вера во Христа.

2. Текстот Ефесјаните 1,3-14, исто така, содржи живописен говор за Божјето дело на спасение кое се заснова на односите. Бог е „Таткото“, а ние сме Негови „посвоени“ деца (Ефесјаните 1,3-5), кои ги добиваат Неговите благослови во изобилство (Ефесјаните 1,8). Според тоа, темата за Божјиот избор и предодреденост мора да се разбере во светлината на тој богат говор заснован на заемните односи. Бог не е некој далечен судија без емоции, кој оддалеку донесува одлуки, туку Татко кој се грижи за сите свои деца (видете Ефесјаните 3,15).

3. Дека Бог го почитува изборот на човекот може да се види од текстот Ефесјаните 1,3-14 (особено Ефесјаните 1,13, каде што важност се придава на „слушањето“ и „верувањето“), но и од другите стихови во ова послание (Ефесјаните 2,8; Ефесјаните 3,17; Ефесјаните 4,1-6,20, од кои сите нагласуваат или претпоставуваат донесување одлуки и одговор на верата), а исто така и други текстови во Новиот завет (на пр. 1. Тимотеј 2,4; Дела 17,22-31). Или, како што кажала Елена Вајт: „Со ненадминатиот дар на својот Син, Бог го опкружил цел свет со атмосфера на милост, како воздухот што кружи околу земјината топка. Сите што решаваат да ја вдишуваат таа животодавна атмосфера, ќе живеат и ќе израснат „кон него кој е глава: Христос“ (*Патот кон Христа*, стр. 68 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои аргументи би ги додале на горенаведеното, а кои ја поддржуваат идејата дека Бог не избрал произволно и не предодредил, пред да бидеме создадени, кој ќе биде спасен а кој изгубен?**
2. **Чиј избор на крајот одлучува дали некоја личност ќе има спасение во Исуса?**
3. **„Во Кого имаме откуп преку Неговата крв, простување на гревовите по богатството на Неговата благодат“ (Ефесјаните 1,7). Како овој стих ја открива стварноста на спасението само врз основа на верата, а не со делата на законот?**

**Лекција 3**
**Од 8 – 14 јули 2023**

# СИЛАТА НА ПРОСЛАВЕНИОТ ИСУС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 1,15-23; Ефесјаните 3,14-21; 1. Солуњаните 5,16-18; 5. Мојсеева 9,29; 1. Коринќаните 15,20-22; Псалм 110,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме преку дејството на Неговата крепка сила. Таа сила Тој ја покажа во Христос, кога Го воскресна од мртвите и Го постави од Својата десна страна на небесата“ (Ефесјаните 1, 19, 20).**

Човечките суштества, се чини, секогаш се стремат кон поголема сила и моќ. Така, на пример, производителот на автомобили Девел Моторс се пофали со нов модел на своето возило, кое има 16-цилиндричен мотор, користи околу 12 литри гориво на километар и развива повеќе од 5.000 коњски сили. Или, ако тоа не е доволно, да го земеме предвид полукамионот Петербилт кој има три млазни мотори. Со своите 36.000 коњски сили, тој камион поминува повеќе од четвртина километар за 6,5 секунди и редовно достигнува брзина од над 600 километри на час пред да ги активира своите два падобрани.

Спротивно на тоа, Павле се молел верниците во Ефес, кои биле во искушение да се восхитуваат на различните сили и божества на нивната култура, да ја спознаат со посредство на Светиот Дух неизмерната сила што Бог им ја ставил на располагање во Христа. Таа божествена сила не се огледува во коњските сили ниту магиски моќи, туку во четири настани од историјата на спасението кои го промениле космосот – а тоа се: (1) Исусовото воскресение; (2) Неговото вознесување на Божјиот престол; (3) потчинување сè на Христа; (4) Христос даруван на црквата како нејзина глава (Ефесјаните 1,19-23).

Со разгледување на овие четири настани, верниците ќе почнат да го увидуваат – и доживуваат – огромниот опсег на силата со која Бог се служи во нивна корист.

# МОЛИТВА И БЛАГОДАРЕЊЕ

Поттикнат од веста дека верниците во Ефес напредуваат во својата вера во Исуса и во меѓусебната љубов (можеби од веста донесена од Тихик, Ефесјаните 6,21.22), Павле ги известува дека се моли за нив.

**Споредете ги двата извештаи на Павле за молитвата во Ефесјаните: Ефесјаните 1,15-23 и Ефесјаните 3,14-21. Кои теми се заеднички за двата текста?**

______________________________________________________________________

Понекогаш општиот тон на нашите молитви е тажен, кога се жалиме поради нашите предизвици и проблеми. Меѓутоа, извештајот на Павле за молитвата во Ефесјаните сугерира дека „мајчиниот јазик“ на молитвата е – благодарноста. Треба да ги набројуваме Божјите благослови и да Му благодариме за нив. Треба да се трудиме да го видиме Бога на дело кога сме во тешки околности и да Го фалиме за Неговото присуство кое го преобразува нашиот живот. Кога ја славиме благодатта и силата на прославениот Исус (Ефесјаните 1,20-23), му благодариме што ги благословил оние кои се во нашиот круг на влијание. Еве ја тајната на Павле за молитвата која преобразува – *молитвата е клуч за пофалата и благодарноста.*

Павле исто така вели: „Постојано Му благодарам на Бога, спомнувајќи ве во молитвите свои“ (Ефесјаните 1,16; видете исто така Филипјаните 1,3.4; 1. Солуњаните 1,2 и 1. Солуњаните 5,16-18).

Што навистина значи „молете се постојано“ (1. Солуњаните 5,18)? Ова секако не значи дека треба постојано да клечиме пред Бога во молитва. Тоа значи дека, благословени од Божјиот Дух, ние се движиме низ животот со срца отворени за Божјото присуство и сила, барајќи можности да Му се заблагодаруваме. Тоа значи дека сме подготвени да ги решаваме важните животни прашања во Божјо присуство, да го бараме божествениот совет кога поминуваме низ пресврти што ни ги носи животот. Тоа значи да живееме – не во отуѓеност од Бога, туку во заедница со Него, и секогаш да бидеме отворени за божественото водство.

Премногу често на молитвата гледаме како на нешто истенчено, префинето, како додаток на учеништвото што треба да се примени кога е погодно. Меѓутоа, Павле илустрира едно поинакво гледиште. Тој сериозно ја сфаќа задачата да се моли за верниците во Ефес, а едновремено се заблагодарува за нив (Ефесјаните 1,16; сп. Ефесјаните 1,3-14) и посредува за нив (Ефесјаните 1,17-23; сп. Ефесјаните 3,14-21). За него молитвата е основна, дури и суштинска задача на христијанската вера. Тие стихови упатуваат трогателен повик за молитва, повик до секој од нас да размисли за сопствената „молитвена служба“ во светлината на Павловата посветеност на неа.

**Зошто е важно секогаш да му благодариме на Бога во молитва за она за што треба да бидеме благодарни?**

# ДОБИВАЊЕ НА УВИД ОД СВЕТИОТ ДУХ

**„Постојано Му благодарам на Бога, спомнувајќи ве во молитвите свои, та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Отецот на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение за да Го познаете“ (Ефесјаните 1,16-17).**

Известувајќи за своите молитви, Павле бележи едно клучно барање што го упатува пред Божјиот престол. Тој веќе спомнал дека Светиот Дух влегол во животот на верниците во времето на нивното преобратување (Ефесјаните 1,13.14). А сега Павле се моли за нов благослов на Духот што ќе им го даде потребниот духовен увид за да стекнат уште подлабоко разбирање на Исуса („за да Го познаете“, Ефесјаните 1,17).

**Во врска со кои три теми Павле се моли Светиот Дух да им донесе посебен увид на верниците? Видете Ефесјаните 1,17-19.**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Кога се моли за верниците да добијат увид во „надежта на повиканите од Него“ (Ефесјаните 1,18), Всушност, Павле се моли тие да бидат свесни за делото што Бог го презел за нивно спасение во минатото (Ефесјаните 1,3-9.11-13), но и за славната иднина што ја планирал за нив (Ефесјаните 1,10.14).

Кога се моли за увид во „богатството на славата од наследството негово во светите“ (Ефесјаните 1,18), тој се потсетува на старозаветната идеја за верниците како Божјо наследство (5. Мојсеева 9,29; 5. Мојсеева 32,9; Захарија 2,12, споредете со Ефесјаните 1,11). Според тоа, Павле сака тие да бидат свесни не само дека поседуваат наследство од Бога, туку и дека тие самите се Божјо наследство и да ја сфатат вредноста што ја имаат пред Бога.

Кога се моли за духовен увид во тоа „колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме“ (Ефесјаните 1,19), Павле замислува како Светиот Дух донесува ново разбирање за неизмерноста на Божјата сила и ја остварува во нивното искуство.

Врз основа на сите тие молитви, се гледа дека Павле сакал тие луѓе сами да го искусат сето она што им било дадено во Исуса.

**Како би можеле подобро да доживеете „колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме“? Што би значело тоа во вашиот секојдневен живот?**

## УЧЕСТВО ВО СИЛАТА НА ВОСКРЕСЕНИЕТО

Во останатиот текст од својот молитвен извештај, Ефесјаните 1,20-23, Павле ја проширува таа трета тема за увидот за која се надева дека Светиот Дух ќе им ја донесе на верниците – увид во изобилната Божја сила Тој ја покажува во нивна полза. Тој започнува на тој начин што укажува на два настани од историјата на спасението како примарни илустрации за Божјата сила: (1) Исусовото воскресение од мртвите; (2) издигнување на Исуса на престолот на вселената (Ефесјаните 1,20).

**Како се пројавила Божјата сила за време на Исусовото воскресение? Ефесјаните 1,20; 1. Коринќаните 15,20-22; Филипјаните 3,8-11; Евреите 13,20.21; 1. Петрово 1,3.**

______________________________________________________________

Исусовото воскресение е верување кое во христијанството не се доведува во прашање (1. Коринќаните 15,14.17). Токму затоа што Христос воскреснал, посветените верници чекаат големо, идно воскресение во вечен живот за времето на второто Христово доаѓање (1. Коринќаните 15,20-23). И токму затоа што Христос воскреснал, денес можеме да ги очекуваме од Него сите благослови на Евангелието, вклучувајќи го и присуството на Светиот Дух во нашиот живот.

Сликата на Бога, кој Христа „го постави од Својата десна страна на небесата" (Ефесјаните 1,20) е преземена од стихот Псалм 110,1, најчесто цитираниот текст во Новиот завет (се чини дека сите штотуку цитирани стихови се засноваат на него). Христовото вознесување на престолот зазема многу истакнато место во посланието до Ефесјаните. Верниците исто така седат „на небесата во Христос Исус" (Ефесјаните 2,6). Покрај тоа, Павле го спомнува тоа Христово вознесение како вовед во тврдењето дека Христос исполнил сѐ и ѝ дал дарови на својата црква (видете Ефесјаните 4,8-11).

Во Ефесјаните 4,8-11, Павле нѐ предупредува сликата на Христа на престолот на Отецот да не ја сфатиме како некоја статична сцена, туку како „динамична новозаветна слика на устоличениот Христос, кој преку својот Дух оди во целиот свет победувајќи и да обеди" (F. F. Bruce, *The Epistles to the Colossians, to Philemon, and to the Ephesians;* Grand Rapids, MI: Eerdmans, 1984; p. 133). Според тоа, Павле го прикажува Христовото устоличување/крунисување не само како илустрација на божествената сила којашто им се нуди на верниците, туку и како извор на таа сила.

**На кои начини ни е потребно Христовата сила да се пројави во нашиот живот и како можеме подобро да ја искористиме таа сила? Кои навики и обичаи го попречуваат нашиот пристап до Неговата сила?**

# ХРИСТОС НАД СЕКОЈА ВЛАСТ

Павле го слави устоличувањето на Исуса, кој сега седи со Отецот на престолот на универзумот. Откако ја дефинирал Христовата положба во однос на Отецот („Бог на нашиот Господ Исус Христос... Го постави од Својата десна страна на небесата", Ефесјаните 1,17.20), Павле ќе се сврти кон Исусовиот односот спрема „властите". Како ковладетел со Отецот, Исус е далеку над сите нив (Ефесјаните 1,21).

**Споредете го начинот на кој Павле ги спомнува злите духовни сили во Ефесјаните 1,21; Ефесјаните 2,2 и Ефесјаните 6,12. Што мислите, зошто Павле е толку заинтересиран за овие сили?**

____________________________________________________________

Текстот Дела 19,11-20, со извештајот за седумте синови на Скева, го доловува Ефес од времето на Павле како центар на магиски вештини. „Најважната карактеристика на занимавањето со магија во текот на целиот хеленистички период била свесноста за духовниот свет кој врши влијание на речиси секој аспект од човечкиот живот. Целта на вражарите била да ги разликуваат корисните од штетните духови и да се запознаат со различното дејствување и релативната сила и авторитет на тие духови. Врз основа на тоа знаење, тие можеле да смислат средства (како што се изговорени или напишани формули, амајлии итн.) за манипулирање со духовите во интерес на поединецот. Се сметало дека со вистинска формула може да се излечи болеста предизвикана од дух, (или) да се победи во трка со кочии" (Clinton E. Arnold, Power and Magic: The Concept of Power in Ephesians, стр. 18).

Интересирањето за различните божества и сили кои би можеле да се повикаат за време на вражарањето било истакната одлика карактеристика на религиозниот живот во Ефес (видете Дела апостолски 19,13), а меѓу некои дури и денес. Павле сакал да го разјасни односот меѓу Христа и тие „сили" – устоличениот Исус е над „секое началство, власт, сила и господство" (Ефесјаните 1,21).

А за да биде сигурен дека неговите слушатели и читатели ќе разберат дека не постои ниту една сила која не подлежи на Исусовата суверена власт, тој додава и алузија на обичајот да се повикуваат имињата на божествата за време на вражарењето: „И од секое име со кое се именуваат" (Ефесјаните 1,21). Преминувајќи од димензијата на просторот на димензијата на времето, Павле го нагласува неограниченото траење на Исусовото возвишено владеење. Неговото владеење над сите сили ќе трае „не само во овој свет, туку и во идниот" (Ефесјаните 1,21).

**Кои се некои од денешните манифестации на истите тие зли сили и како да не паднеме во стапицата на ниту една од нив?**

## ИСУС, „СЀ“ И НЕГОВАТА ЦРКВА

Првите христијани во стихот Псалм 110,1 гледале пророштво за Исусовото устоличување: „Му рече Господ на мојот Господ: ‘Седи од Мојата десна страна, додека ги ставам непријателите Твои во подножјето на нозете Твои’.“ На ист начин, тие го читале и 8. Псалм, кој потврдува дека Бог „сѐ си потчинил под нозете негови“ (Псалм 8,6) – под нозете на „синот човечки“ (Псалм 8,4). Верувајќи дека силите на темнината под небото им стојат над глава и им се закануваат дека ќе ги покорат, тие цврсто се држеле за вистината дека тие сили се положени под Христовите нозе.

Обрнете посебно внимание на тоа дека Отецот „и сѐ Му покори под Неговите (Христови) нозе“ и го „даде за глава над сите во Црквата“ (Ефесјаните 1,22; споредете со: „Го постави глава над сите во Црквата“, МПЦ). Иако „сѐ“ е општ, сеопфатен израз, Павле сѐ уште ги има на ум „силите“ спомнати во Ефесјаните 1,21. Сѐ – вклучувајќи ги и космичките, натприродните, духовните сили – се наоѓа под Христовите нозе, потчинето на Него.

**Какви придобивки ѝ носи на црквата Христовото воздигнување на престолот на космосот и Неговото владеење над сѐ што е на небото и на земјата? Ефесјаните 1,22.23.**

________________________________________________________________

Бог го направил Христа победник над сите сили на злото. На Црквата, длабоко поистоветена со Христа и снабдена од Него со сѐ што ѝ е потребно, на неа самата ѝ е загарантирана победата над истите тие непријатели. Во корист на црквата е активирана Божјата сила, која се покажала за време на Христовото воскресение и Неговото воздигнување над секоја друга космичка сила. Бог ѝ го дал победоносниот Христос на црквата, која е толку соединета со Него што се нарекува Негово тело.

Како можеме ние, верниците, да го запознаеме возвишениот Христос и да ја искусиме Божјата сила во својот живот? Павле не се осврнува директно на никакви механизми или стратегии со помош на кои тоа се случува. Меѓутоа, фактот дека тој исечок е дел од „извештај за молитва“ говори многу. Павле верува дека Бог ќе одговори на неговата молитва. Тој ја потврдува делотворноста на прославувањето на Божјата сила, која се открила во Христа, во самото Божјо присуство и барање таа да биде активна во животот на верниците.

**Какво е вашето лично искуство со силата на молитвата? Не само кога станува збор за услишените молитви, туку молитвите воопшто, и како молитвата нѐ приближува до Бога и силата што ни е понудена во Исуса?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Проучете ги следните два описи на Христовото устоличување од списите на Елена Вајт:

„Враќајќи се повторно на небото, Христос бил свечено устоличен со најдлабока почит и обожавање од страна на сите ангели. Штом завршил овој обред, Светиот Дух слегол во обилни млазеви врз учениците и Христос навистина е прославен со славата што ја имал со Отецот од создавањето на светот. Излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница (Дуовден), претставувало небесно соопштение дека е извршено крунисување на Откупителот. Според даденото ветување, Тој им го пратил од небото на своите следбеници Утешителот како знак дека Тој, во својство на свештеник и цар, ја примил сета власт на небото и на земјата и дека овде навистина бил Помазаник над својот народ“ (Делата на апостолите, стр. 38, 39 оригинал).

„Рацете на Отецот го прегрнале Синот и издадена е заповед: 'Нека му се поклонат сите Божји ангели!' (Евреите 1,6).

Со неискажлива радост кнезовите, поглаварите и силите ја признале врховната власт на Кнезот на животот. Небесните војски паднале ничкум пред него, додека низ небесните дворови се разнесувале радосни извици: 'Достојно е Јагнето кое е заклано да прими моќ, мудрост, сила, чест, слава и фалба' (Откровение 5,12).

Кон музиката на ангелските харфи се придружиле победнички песни така што се чинело дека небото е прелеано со радост и фалба. Љубовта победила. Загубениот е најден. Небото одѕвонува од гласови на возвишени песни што објавуваат: 'На Оној што седи на престолот, и на Јагнето: благодарност, чест, слава и власт во сите векови' (Откровение 5,13)“ (*Копнежот на вековите*, стр. 834, 835 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислете за „сега“ и „уште не“ на Исусовото устоличување. Во која смисла Исус веќе станал Господар на „сè“, вклучувајќи ги и демонските сили што Му се потчинети – што би значело тоа „сега“? А во која смисла Неговото целосно владеење над „сите“ допрва треба да се оствари во иднина – што би претставувало „сè уште не“? (Видете 1. Коринќаните 15,24-28.)**
2. **Во колкава мера живеете во светлината на Христовото сеопшто владеење? Или, во колкава мера живеете под власта на тие други сили, паднатите сили, чие владеење и онака поминува? Како ги разликувате и како можете да ги избегнете силите на злото кои, иако се веќе поразени, сепак сè уште преовладуваат во нашиот свет?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 4**
**Од 15 – 21 јули 2023**

# КАКО БОГ НÈ СПАСУВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 2,1-10; Ефесјаните 5,14; Римјаните 5,17; Ефесјаните 5,6; 2. Тимотеј 1,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но Бог, Кој е богат со милост, поради големата Негова љубов, со која нè засака, иако бевме мртви поради гревовите наши, нè оживеа во Христос“ (Ефесјаните 2,4.5).**

На 14 октомври 1987 година, осумнаесетмесечната Џесика МекКлур, додека си играла во дворот на својата тетка, паднала во напуштен бунар длабок речиси седум метри. Нејзината несреќа ги привлече медиумите од целиот свет во Мидленд, Тексас. Така публиката ширум светот можеше да го гледа „бебето Џесика“ како спие, плаче, пее и ја довикува нејзината мајка, додека работниците од итната помош пумпаа свеж воздух во бунарот.

Конечно, педесет и осум часа по падот на Џесика, публиката од цел свет гледаше како Џесика ја ослободуваат од бунарот во кој била заробена повеќе од два дена. Фотографијата на Скот Шо, наградена со Пулицерова награда, го фати клучниот момент – спасувачкиот кабел наспроти загрижените лица на спасувачите на Џесика, кои гледаат надолу кон завитканото снопче во срцето на драмата – во кој се наоѓа бебето Џесика.

Нема ништо толку возбудливо како што се добрите сторији за спасување живот, а во Ефесјаните 2,1-10 Павле ни дава близок, личен увид во најголемата и најинтересна спасувачка мисија на сите времиња – Божјите напори да го откупи човештвото. А драматичноста на таа сторија е дополнително засилена со сознанието дека ние не сме само набљудувачи на туѓо, туку сведоци на сопственото спасение.

## НЕКОГАШ МРТВИ И ИЗМАМЕНИ ОД САТАНАТА

**Прочитајте Ефесјаните 2,1-10. Која главна идеја ни ја дава Павле овде во врска со она што Исус го направил за нас?**

___________________________________________________________________

Павле веќе го опишал спасението што им е дадено на христијаните (Ефесјаните 1,3-14.15-23) и накратко ја изнел сторијата за верниците во Ефес (Ефесјаните 1,13). Сега, во текстот Ефесјаните 2,1-10, тој зборува подетално за нивното преобратување, посветувајќи повеќе внимание на она што се однесува на нив лично. Тој го споредува нивниот претходен, грешен живот (Ефесјаните 2,1-3) со благословите на Божјото спасение, кое ги прикажува како земање удел во Христовото воскресение, вознесение и устоличување (Ефесјаните 2,4-7), а потоа ја велича основата на тоа спасение – Божјата благодат и Неговото создателско дело (Ефесјаните 2,8-10).

Трите делови од тој текст можат погодно да се сумираат во изрази од стихот Ефесјаните 2,5: (1) „бевме мртви поради гревовите наши“; (2) (Боже нас) „нѐ оживеа во Христа“; (3) „по благодат сте спасени“.

Во Ефесјаните 2,1.2, Павле го нагласува тажниот факт за животот на неговите слушатели пред преобратувањето, забележувајќи дека тие тогаш биле духовно мртви. Вршењето престапи и гревовови бил вообичаен воспоставениот образец на нивниот живот (Ефесјаните 2,1) и со нив управувал сатаната (Ефесјаните 2,2). Бидејќи им се обраќал на живи луѓе, кога ги нарекол „мртви“, Павле го рекол тоа во метафорична смисла (споредете со Ефесјаните 5,14). Меѓутоа, тежината на положбата во која се наоѓале тогаш била мошне реална и страшна, бидејќи биле одвоени од Бога, Изворот на животот (споредете со Колошаните 2,13; Римјаните 5,17; Римјаните 6,23).

Размислувајќи за некогашниот живот на своите слушатели, Павле препознава две надворешни сили што управувале со нив. Првата од нив е „духот на овој свет“ (Ефесјаните 2,2), а се однесува на обичаите и однесувањето во пошироките кругови на тамошното општество, што го изобличило човечкиот живот во бунт против Бога.

Сатаната, како таа друга надворешна сила што управувала со нивниот поранешен живот, е опишан на два начина. Тој е „кнезот на воздушните сили“ (Ефесјаните 2,2), односно „под небото“, кое се смета за место на дејствување на натприродните сили, вклучувајќи ги и силите на злото (сп. Ефесјаните 1,3; Ефесјаните 3,10; Ефесјаните 6,12). Освен тоа, тој е активен и на земјата, како „духот што сега дејствува во синовите на противењето“ (Ефесјаните 2,2).

**Што нѐ учат овие стихови за реалноста на големата борба? Од друга страна, како можеме да црпиме утеха и надеж од сознанието дека Исус веќе победил и дека ние уште сега можеме да имаме удел да учествуваме во Неговата победа?**

## НЕКОГАШ ИЗМАМЕНИ ОД СОПСТВЕНИТЕ ЖЕЛБИ

**„Меѓу кои (противења) и ние сите некогаш живеевме според телесните желби, извршувајќи ги похотите на телото и на помислите, и по природа бевме како и другите, чеда на гневот“ (Ефесјаните 2,3).**

Освен Божјото дејствување, со човечкиот живот управуваат не само надворешните сили споменати во Ефесјаните 2,2, туку и некои внатрешни сили - „телесните желби, извршувајќи ги похотите на телото и на помислите“ (Ефесјаните 2,3; сп. Јаков 1,14.15; 1. Петрово 1,14).

**Што мисли Павле кога вели дека неговите слушатели некогаш биле „како и другите, чеда на гневот“ (Ефесјаните 2,3)? Споредете со Ефесјаните 2,3 и Ефесјаните 5,6.**

---

Губењето на сегашниот живот е нешто што доволно застрашува само по себе, но значењето кое го има во контекст на последното време е уште пострашно. Затоа што на човечките суштества, кои се „како и другите, чеда на гневот“ (Ефесјаните 2,3), им се заканува да се соочат со Божјиот суд на крајот на времето.

Изразот „по природа... чеда на гневот“ укажува на уште една вознемирувачка реалност. Иако сè уште го носиме Божјиот лик, согледуваме дека постои нешто длабоко погрешно во нас. Затоа, да се живее христијански живот не значи само да се надминат неколку лоши навики или надминување на некои „престапи и гревови“ (Ефесјаните 2,1) кои моментално ни се закануваат, какви и да се тие. Ние не се бориме со гревовите, туку со гревот. Склони сме кон бунт против Бога и кон самоуништување. Луѓето по автоматизам запаѓаат во обрасци на самодеструктивно самоуништувачко, грешно однесување, така што ги следат диктатите на сатаната (Ефесјаните 2,2) и сопствените вродени, грешни желби (Ефесјаните 2,3). А верниците некогаш биле „по природа... деца на гневот“.

Важно е да се забележи дека Павле овде користи минато време – „по природа бевме... чеда на гневот“ (Ефесјаните 2,3). Тоа не значи дека вродената склоност кон зло повеќе не е реалност во животот на верникот. Значаен дел од своето послание, текстот на Ефесјаните 4,17-5,21, Павле го посветува на предупредувањата дека грешните дела, вкоренети во грешната природа, продолжуваат да претставуваат закана за христијаните. Меѓутоа, тоа „старо јас“ повеќе не мора да управува со верникот, кој со Христова сила може да го отфрли „стариот човек“ и да се „облече“ „во новиот човек, создаден според Бога во вистинска праведност и светост“ (Ефесјаните 4,22-24).

**Кој од нас не почувствувал колку е нашата природа сè уште расипана, дури и откако сме му се предале на Исуса? Што треба да нè научи тоа за важноста да се држиме за Него во секој момент од нашиот живот?**

## СЕГА ВОСКРЕСНАТИ, ВОЗНЕСЕНИ И ВОЗВИШЕНИ СО ХРИСТА

„Но Бог, Кој е богат со милост, поради големата Негова љубов, со која нè засака...“ (Ефесјаните 2,4). Овде Павле, со два моќни збора – „но Бог“ – се врти од жалниот опис на некогашниот живот на неговите слушатели (Ефесјаните 2,1-3) кон новата реалност исполнета со надеж која го обележува нивниот живот како верници (Ефесјаните 2,4-10).

**Во која смисла верниците земаат удел во Христовото воскресение, вознесение и возвишување? Кога се случува тоа? Ефесјаните 2,6.7.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Веќе забележавме дека Посланието до Ефесјаните е со Христа заситено писмо, кое ја истакнува солидарноста на верниците со Него. Во Ефесјаните 2,5.6, Павле ја проширува таа тема користејќи три сложени глаголи за да ја открие неверојатната вистина дека, врз основа на Божјата иницијатива, и самите верници учествуваат во важните настани од историјата на спасението, во чиешто средиште е Месија, Исус.

Верниците се: (1) воскреснати заедно со Христа; (2) вознесени со Христа (со што Павле веројатно укажува на учеството на верниците во Христовото вознесение на небото); (3) устоличени со Христа „на небесата“, што значи дека верниците заедно со Христа „седат“ на престолот на космосот. Тие се возвишени заедно со Исуса.

За да ја разбереме силата на таа изјава на Павле, мораме да се повикаме на текстот Ефесјаните 1,19-23 и да се потсетиме дека со својата смрт, воскресение, вознесение и устоличување, Христос извојувал победа над сите зли духовни сили, токму со оние што некогаш владееле со животот на верниците. За време на Исусовото воскресение, вознесение и устоличување, тие сили – иако и понатаму се активни и го загрозуваат човечкиот живот – целосно биле потиснати. Тоа значело пресврт на работите во космосот. Реалноста се променила. Верниците не се обични набљудувачи на овие настани, туку се лично и блиско вклучени во нив. Тоа што сме воскреснати, земени и устоличени со Исуса отвора цела низа нови можности. Сега имаме право да се свртиме од живот во кој доминираат демони во живот со сила и духовно изобилство во Христа (2. Тимотеј 1,7).

**„Зашто Бог не ни даде дух на страв, туку дух на сила, љубов и разбраност“ (2. Тимотеј 1,7). Како стиховите што ги разгледувавме денес ни помагаат да разбереме за што пишува Павле овде?**

# ЗАСЕКОГАШ БЛАГОСЛОВЕНИ СО БЛАГОДАТТА

**Споредете го Божјиот план за спасение во Ефесјаните 1,3.4 со вечните резултати од тој план опишан во Ефесјаните 2,7. Кои се суштинските елементи и цели на Божјиот „план на спасение“?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Доделувањето дипломи и свидетелства се секогаш прекрасни прослави, без разлика дали сега сте завршиле градинка или тукушто сте одбраниле докторат. Дипломирањето означува важно достигнување, преминување во друга фаза од животот или кариерата. Меѓутоа, за нас како верници е важно да сфатиме една длабока вистина за евангелието – никогаш нема да дипломираме на полето на благодатта. Никогаш нема да го прославиме тоа што сме стекнале докторат по благодат, ниту ќе апсолвираме во таа област ниту ќе ја надминеме нашата потреба од неа.

Павле ја потврдува оваа вистина во Ефесјаните 2,7 и дополнително ја нагласува со опширна хронологија. Во минатото Бог дејствувал преку Христа за да нè откупи, и така нè поистоветил со својот Син, Исус Христос, што уште во сегашноста сме учесници во неговото воскресение, вознесение и устоличување (Ефесјаните 2,4-6). Меѓутоа, Божјиот план не завршува тука – во минатото кое е исполнето со благодат и во сегашноста која се капе во милоста. Божјиот план, вкоренет во божествените совети од памтивек (Ефесјаните 1,4), се протега и во иднината – низ сета вечност. Тој ги опфаќа сите „идни векови“ (Ефесјаните 2,7). Неговиот план за вечната иднина се заснова на истиот принцип како и Неговите дела во минатото и сегашноста – принципот на благодатта. Бог се радува што „идните векови“ ќе го покажува „преизобилното богатство на Својата благодат во добрина кон нас преку Христос Исус“ (Ефесјаните 2,7).

За Павле Божјата благодат е како некое богатство или ризница со непроценлива вредност (спореди Ефесјаните 1,7; Ефесјаните 3,8), по која верниците можат да посегнат за да ја задоволат секоја потреба. Таа Божја несфатлива великодушност кон нас станува елоквентен, безвременски, космички израз на Неговата благодат.

„Откако дојде да живее меѓу нас, Исус требаше да им го открие Бога и на луѓето и на ангелите... Но тоа откровение не им беше дадено само на Неговите деца на земјата. Нашиот мал свет е учебник на универзумот. Божјата чудесна цел на благодатта, тајната на спасоносната љубов - е тема во која ‚ангелите сакаат да ѕирнат' и која ќе се проучува низ бескрајните векови. Ослободените и безгрешните суштества ќе ја најдат својата наука и својата песна во срцето на Христос. Ќе се види дека славата што свети од Христовото лице е всушност слава на самопожртвуваната љубов“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 19, 20 ориг.).

## БОГ СПАСУВА СЕГА

**Повторно прочитајте го целиот текст Ефесјаните 2,1-10, обрнувајќи посебно внимание на заклучокот што го изнесува Павле во стиховите 8-10. Кои мисли особено ги нагласува во заклучокот на тој пасус?**

---

Во Ефесјаните 2,1-3, Павле изнесува докази дека спасението на верниците во Ефес не било резултат на нивното добро владеење или на привлечните особини бидејќи во моментот кога започнува наративот, тие веќе биле духовно мртви. Немало ни искра живот ниту каква било вредност во нив (Ефесјаните 2,1). Тие биле целосно совладани од гревот (Ефесјаните 2,1). Не покажувале никаква лична иницијатива, туку со нив управувале или самиот сатана, или нивните сопствени ниски страсти и логички заблуди (Ефесјаните 2,2.3).

Тие биле, без воопшто да знаат за тоа, во многу полоша положба отколку едноставно да им недостигал духовен живот и доблести. Заедно со остатокот од човештвото, тие биле непријатели на вистинскиот Бог и итале кон кобниот час и божествениот суд. Тие биле „по природа... како и другите, чеда на гневот“ (Ефесјаните 2,3).

Затоа, нивното спасение, наместо во нивните лични квалитети, е вкоренето во Божјата несфатлива љубов – која не може да се објасни со каква било вредност на предметот на таа љубов. Во својата милост и љубов, Бог дејствува во нивна полза (Ефесјаните 2,4), подигајќи ги од духовна смрт во Христа Исуса. Благодарение на Божјата интервенција тие доживеале неверојатно патување кое ја следело патеката на самиот Исус. Од крајните длабочини на тоталната духовна смрт и поразителното ропство, тие воскреснале, биле пренесени „на небесата“ и седнале со Христа на престолот на универзумот (Ефесјаните 2,5.6). Таа божествена интервенција, иако дејствува како молња, сепак не била некој моментален феномен. Таа се карактеризира со вистинска постојаност и вечно траење, бидејќи Бог има намера да им ја покажува својата благодат во Христа Исуса низ сета вечност (Ефесјаните 2,7).

Заклучувајќи го текстот Ефесјаните 2,1-10, во стиховите 8-10, Павле се враќа на тој основен наратив, сакајќи да ја поддржи својата главна порака – спасението на верниците е божествено, а не човечко дело. Тоа претставува Божји дар и не потекнува од нас. Ниту едно човечко суштество не може да се пофали дека го придвижило (Ефесјаните 2,8.9). Стоејќи во Божјата благодат, ние верниците сме видлив израз само и единствено на Неговата благодат. Ние сме Негови ремек-дела, создадени од Бога „во Христа Исуса“ (Ефесјаните 2,10).

**Зошто е толку важно да го разбереме фактот дека нашето спасение доаѓа од Бога и дека не е вкоренето ни во нашата лична вредност ниту во нашите напори?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во основа, Посланието до Ефесјаните е наратив кој често делумно се повторува или на него се алудира. Главните настани во тој наратив се:

1. Бог го бира својот народ „уште пред светот да биде создаден“ (Ефесјаните 1,4.5.11).

2. Тие претходно живееле во состојба на изгубеност (Ефесјаните 2,1-3,11.12; Ефесјаните 4,17-19,22; Ефесјаните 5,8).

3. Бог интервенира во Христа за да ги спаси (Ефесјаните 1,7.8; Ефесјаните 2,4-6.13-19; Ефесјаните 4,1.20.21; Ефесјаните 5,2.8.23.25.26).

4. Тие го прифаќаат евангелието (Ефесјаните 1,12.13, а тоа се подразбира и на други места). Некогаш живееле „без надеж“ (Ефесјаните 2,12), но сега имаат „една надеж“ на која се повикани верниците (Ефесјаните 4,4; спореди со Ефесјаните 1,18).

5. Оние на кои им се обраќа Павле, сега живеат како ученици. Иако нивното време е преполно со опасност и противење од страна на злите сили, тие можат да црпат од изворите што им ги нуди прославениот Господ (Ефесјаните 1,15-23; Ефесјаните 2,6; Ефесјаните 3,14-21; Ефесјаните 4,7-16; Ефесјаните 6,10-20).

6. Во кулминацијата на историјата во иднина, улогата на Духот како „залог“ (Ефесјаните 1,13.14) или „печат“ (Ефесјаните 4,30) ќе се манифестира целосно. Во тој крунски момент, оние на кои им се обраќа Павле, ќе бидат наградени за нивната верност со примање на „наследството“ што веќе им е дадено во Христа (Ефесјаните 2,7; Ефесјаните 6,8.9), и врз основа на нивната вера во Христа, ќе им биде доделено место во тоа христоцентричното доба што доаѓа (Ефесјаните 1,21; Ефесјаните 2,7.19-22; Ефесјаните 4,13.15; Ефесјаните 5,27).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Основната нишка на Посланието до Ефесјаните (видете го она што беше кажано погоре) не е само сторија за верниците од првиот век. Тоа е и наша сторија. Кој од главните чекори или фази на таа сторија ви дава најголема надеж во овој момент?**
2. **Што мислите, зошто Павле толку често се потсетува на грешното минато на своите слушатели, повикувајќи ги да размислат за својот живот пред да се обратат?**
3. **Споредете го Павловото резиме на евангелието во Ефесјаните 2,8-10 со неговото претходно резиме во Римјаните 1,16-17. Кои слични теми се појавуваат во нив? Во што се разликуваат тие два текста?**
4. **Иако добрите дела на верниците немаат никакво влијание врз нивното спасение, бидејќи не можат да им обезбедат спасоносни заслуги пред Бога, која важна улога ја имаат тие во Божјите планови за нив? Ефесјаните 2,10.**

**Лекција 5**
**Од 22 – 28 јули 2023**

# ХОРИЗОНТАЛНО ПОМИРУВАЊЕ – КРСТОТ И ЦРКВАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 2,11-22; Римјаните 3,31; Римјаните 7,12; Исаија 52,7; Исаија 57,19; Јован 14,27; 1. Коринќаните 3,9-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но сега, во Христос Исус, вие, кои некогаш бевте далеку, станавте блиски преку крвта Христова. Зашто Тој е нашиот мир, Кој од двата народи направи еден и ја разруши преградата што беше меѓу нив“ (Ефесјаните 2,13.14).**

Замислете да сте некој многубожец, Грк, кој научил да го цени еврејскиот Бог. Всушност, вие сте ги напуштиле вашите многубожечки обичаи и сте го прифатиле единствениот вистински Бог. Додека минувате низ прекрасниот двор меѓу столбовите на ерусалимскиот храм, звуците на богослужението будат желба во вас да го славите Бога. Меѓутоа, токму тогаш наидувате на камена барикада висока повеќе од еден метар. Приближно на секој половина метар, на латински и грчки јазик е изгравирана следнава порака: „Ниту еден странец не смее да помине зад оваа преграда и оградениот простор на храмот“. Секој што ќе биде фатен да го прави тоа ќе биде виновен за сопствената смрт која ќе следи.“ Одеднаш се чувствувате исклучени, отуѓени, одвоени.

Во Ефесјаните 2,11-22, Павле гледа дека Христовиот крст внесува драматична промена, уривајќи ги таквите бариери и ѕидови. Вертикално, крстот го укинува отуѓувањето, помирувајќи ги луѓето со Бога. Хоризонтално, тој ги помирува луѓето едни со други. Крстот го отстранува непријателството и внесува мир меѓу Евреите и незнабошците, правејќи ги „едно тело“ (Ефесјаните 2,15). Заедно, тие стануваат нов храм, „живеалиште Божјо преку Духот“ (Ефесјаните 2,22).

Што значи оваа вистина за нас денес?

## ЗБЛИЖЕНИ ВО ХРИСТА

**Споредете Ефесјаните 2,1-3, претходниот опис на Павле за паганското минато на луѓето на кои им се обраќа, со новиот опис во Ефесјаните 2,11.12. Што нагласува тој во овој нов опис на нивното минато?**

---

Тие што не биле Евреи, а кои сега верувале во Христа и биле припадници на Неговото „тело“, црквата, некогаш биле целосно одвоени од Израел и од спасението што го нудел Бог. Меѓутоа, Павле смета дека е важно тие да го „помнат“ (Ефесјаните 2,11) тоа минато. Тогаш биле „без Христос“, Помазаникот, израелскиот Месија. Тие биле „отстранети од општеството (државата и народот) на Израел“. Тие, исто така, биле „без право на учество во заветите на ветеното“, несвесни за ветувањата за спасението што Бог ги нудел во текот на целата историја на спасението. Оваа одвоеност од Израел и од спасението што било понудено преку него, значело дека тие некогаш живееле „без надеж“ и биле „безбожници во светот“ (Ефесјаните 2,12).

Исто така, во нивниот поранешен живот, незнабошците биле вовлечени во смртно непријателство што владеело меѓу нивниот народ и Евреите. Павле го доловува духот на таа длабоко вкоренета омраза спомнувајќи еден нејзин симптом, а тоа е давањето погрдни имиња. Евреите со потсмев ги нарекувале „необрезани“ оние што не биле Евреи, а овие, пак, со подеднаков презир зборувале за Евреите како „обрезани“ (Ефесјаните 2,11).

Од друга страна, стихот во Ефесјаните 2,13 укажува на нешто што сега е радикално поразлично. Павле пишува: „Но сега, во Христос Исус, вие, кои некогаш бевте далеку, станавте блиски преку крвта Христова“.

Кога ги опишува нееврејските верници како такви кои некогаш биле „далеку“, Павле всушност алудира на стихот Исаија 57,19: „’Мир, мир на далечен и на ближен’ - вели Господ, ‘И ќе го излекувам’“ (спореди со Ефесјаните 2,17.18). Преку Христа и Неговиот крст, нееврејските верници се приближуваат до сите и до сѐ од што некогаш биле одвоени – од Бога, од надежта и од нивните браќа и сестри Евреи. Значи, во тој опис на Павле гледаме навестување на моќната добра вест – дека Христовиот крст може да го премости широкиот јаз меѓу Евреите и незнабошците, што значи дека сите наши кавги и поделби тука можат да се разрешат. Таа добра вест нѐ повикува да погледнеме наназад на поделбите што постојат во нашиот живот и во црквата и сериозно да размислиме за силата на крстот која може да ги отстрани.

**Од која состојба ве избавил Исус? Зошто би можело да ви биде важно да се потсетувате, одвреме-навреме, каде сте биле кога Тој ве нашол, и каде веројатно ќе сте биле сега доколку Тој не ве пронашол?**

## ПОМИРУВАЊЕТО - БОЖЈИ ДАР ОД КРСТОТ

„Зашто Тој е нашиот мир, Кој од двата народи направи еден и ја разруши преградата што беше меѓу нив, откако со телото Свое го уништи непријателството... и обата во едно тело да ги помири со Бога преку крстот, откако го уништи непријателството во себе“ (Ефесјаните 2,14-16).

**Како Павле го опишува крстот и влијанието на Христовото дело на него во секој од следните текстови на Посланието до Ефесјаните? Како би го резимирале она што го кажува Павле за крстот и за тоа како тој ги преобразува нашите заемни односи? (Видете Ефесјаните 1,7.8; Ефесјаните 4,32; Ефесјаните 2,13-14; Ефесјаните 2,16; Ефесјаните 5,2-25).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во контекст на исечокот што го проучуваме оваа седмица, Ефесјаните 2,11-22, крстот им обезбедува на верниците три големи придобивки: (1) Оние што не биле Евреи, биле „далеку“ од Бога и од Неговиот народ, но сега им се „блиску“ (Ефесјаните 2,13), бидејќи тие станале Божји синови и ќерки а браќа и сестри на еврејските верници (Ефесјаните 2,19); (2) самото „непријателство“ (грчки, echthran, „непријателство“, поврзано со echtros, „непријател“) меѓу еврејските и нееврејските верници е „уништено“ (Ефесјаните 2,16), бидејќи Христовиот крст ја отстранува навидум трајната состојба која Евреите и незнабошците ги правела заколнати непријатели (Ефесјаните 2,17); (3) наместо непријателство доаѓа до помирување. Христова намера била „обата во едно тело да ги помири со Бога преку крстот“ (Ефесјаните 2,16; сп. Колошаните 1,19-22).

Како изгледа помирувањето? Какво чувство е тоа? Замислете сериозно отуѓување меѓу мајка и ќерка, кое трае со години. И тогаш замислете како некој бран на милост и простување одеднаш ја топи целата таа огорченост, и тие две повторно се зближуваат. Тоа е помирување. Помирувањето се доживува и во моментот кога еден член на црквата го остава настрана она што го одвојува од другите членови, што и да е тоа, и кога ги препознава другите членови на црквата како свои сакани браќа и сестри, кои го прифаќаат она што им е понудено во Христа. Помирувањето не е некој технички или правен поим, туку нешто што се однесува на меѓучовечките односи, а што доведува до поправање на нарушените односи. Павле се осмелил да го замисли Христовото моќно дело на крстот како нешто што влијае на меѓусебните односи, не само меѓу поединци, туку и меѓу групи луѓе. Тој замислил како тоа дело го обзема нашиот живот, ги урива поделбите, ги разрешува кавгите, го обновува нашето заедништво и го враќа меѓусебното разбирање.

**На кои начини би можеле да ги примените овие принципи за да се помирите со некого? Како го правите тоа?**

## УРИВАЊЕ НА ЅИДОТ НА ОДВОЈУВАЊЕТО

**Според зборовите на Павле, што направил Христос за да „ја разруши преградата што беше меѓу нив... а законот на заповедите и одредбите го обессили“? Зошто Тој го презел тоа дело? (Видете Ефесјаните 2,14.15.)**

___

___

Павле веројатно овде алудира на балустрада или ограда што го опкружувала тремот на храмот на Ирод, преку кој не смеело да се премине под закана со смрт. Павле замислува како тој ѕид се урива и како на незнабошците им се дозволува целосен пристап до обожавањето на Бога (Ефесјаните 2,18). Секој таков ѕид, вели Павле, се отстранува со Крстот. Бидејќи токму благодарение на крстот дознаваме дека тие две групи, Евреите и незнабошците, се всушност едно.

Некои сметаат дека текстот Ефесјаните 2,14.15 учи дека Десетте заповеди, вклучувајќи ја и заповедта за саботата, биле „разурнати“ или „укинати“ со крстот. Меѓутоа, Павле во Ефесјаните покажува длабока почит кон Десетте заповеди како средство за обликување на христијанското следбеништво. Тој конкретно ја споменува петтата заповед (Ефесјаните 6,2.3), а другите индиректно (на пр. седмата во Ефесјаните 5,3-14.21-33; осмата во Ефесјаните 4,28; деветтата во Ефесјаните 4,25; десеттата во Ефесјаните 5,5). Ова е целосно во согласност со претходните тврдења на Павле за законот (Римјаните 3,31; Римјаните 7,12). Тој се занимава со злоупотреба на законот, но самиот закон го почитува и го подразбира неговиот континуитет. Затоа, користењето на тие стихови како изговор за укинување на Десетте заповеди, особено во светлината на другите стихови во Библијата кои зборуваат за неговата вечна природа, очигледно претставува погрешно толкување на намерата што ја имал Павле.

Меѓутоа, она што претставувало анатема за Павле и злоупотреба на божествените намери во врска со законот, било користењето на законот за „да се стави преграда“ меѓу Еврете и незнабошците, особено кога тоа се правело за да се исклучат оние што не биле Евреи од целосното заедништво со Божјиот народ и да им се оневозможи пристап до богослужението. „Законот“ во Ефесјаните 2,14.15 се однесува или на церемонијалниот аспект на законот што ги делел Евреите од паганите, претставен со Павловиот сложен израз, „законот на заповедите и одредбите“, или на целиот старозаветен систем на закони кој бил толкуван, преувеличуван и злоупотребуван како преграда за оддалечување на Евреите од незнабошците.

**На кои притисоци меѓу адвентистите на седмиот ден или членовите на пошироката христијанска заедница треба да се спротивставиме и да ги надминеме? Зошто нашата заедничка љубов кон Христа треба да биде доволна за да се надминат овие тензии?**

# ИСУС – ПРОПОВЕДНИК НА МИРОТ

**Како Павле ја сумира Христовата служба во текстот Ефесјаните 2,17.18?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Концептот на мирот е исклучително важен во Посланието до Ефесјаните, кој започнува и завршува со благословот на мирот „од Бога, нашиот Отец, и Господ Исус Христос!" (Ефесјаните 1,2; споредете со Ефесјаните 6,23). Во Ефесјаните 2,11-22, Павле тврди дека Христос е олицетворение на мирот, „зашто Тој е нашиот мир" и дека Неговиот крст носи мир (Ефесјаните 2,14-16). Христос не само што уништува нешто – непријателството меѓу Евреите и паганите (Ефесјаните 2,14.15), туку создава и нешто – ново човештво, кое се карактеризира со односи на помирување и мир (Ефесјаните 2,15-17). Таквиот мир не е само отсуство на судири. Тој одговара на еврејскиот концепт на „шалом", искуството на комплетност и благосостојба, како во нашиот однос со Бога (Римјаните 5,1), така и со другите луѓе.

**Како Павле го замислува учеството на верниците во пренесувањето на Исусовата порака за мир? Ефесјаните 4,3; Ефесјаните 6,14.15; споредете Римјаните 10,14.15 со Ефесјаните 2,17-19; Исаија 52,7; Исаија 57,19.**

____________________________________________________________

Евангелијата содржат примери за Исусовото дејствување како проповедник на мирот. Во своите проштални пораки, Тој им ветува на своите ученици – но и на нас: „Мир ви оставам, мирот свој ви го давам" (Јован 14,27). И заклучува: „Ова ви го реков за да имате мир во Мене. Во светот ќе имате маки; но не плашете се, зашто Јас го победив светот" (Јован 16,33). По неговото воскресение, кога се појавувал пред учениците, секогаш одново им велел: „Мир вам" (Јован 20,19.21.26).

Во Ефесјаните 2,17.18, Павле сака да истакне дека Христовото проповедање на мирот доаѓа од временската рамка на Неговата земна служба. Тој „благовести мир" во сегашноста и на оние што биле „далеку" (нееврејските верници пред да се преобратат) и на оние што се „блиску" (еврејските верници; спореди Ефесјаните 2,11-13). По прифаќањето на таа објава, сите верници доживуваат длабок благослов.

**Како можеме да научиме да бидеме проповедници на мирот наместо поттикнувачи на судири? Во кои ситуации, токму сега, можете да помогнете да дојде до исцелување?**

## ЦРКВАТА – СВЕТ ХРАМ

**Која врвна низа слики ја користи Павле во Ефесјаните 2,11-22 за да го означи единството меѓу Евреите и незнабошците во црквата?**

___

___

Гледајќи наназад во Ефесјаните 2 глава, се потсетуваме дека стиховите 1-10 нè учат да живееме во солидарност со Исуса, додека стиховите 11-22 нè учат да живееме во солидарност со другите луѓе кои се дел од Неговата црква. Според тоа, Исусовата смрт ни обезбедува и вертикални предимства – воспоставување меѓусебен однос со Бога (Ефесјаните 2,1-10), и хоризонтални – зајакнување на нашите односи со другите (Ефесјаните 2,11-22). Со посредство на Крстот, Исус урнал сè што ги одвојувало нееврејските од еврејските верници, вклучително и злоупотребата на Законот поради која се зголемил јазот меѓу нив (Ефесјаните 2,11-18). Исто така, Исус изградил и нешто – неверојатен нов храм составен од верници. Неевреите, кои некогаш биле исклучени од богослужението во светите одаи на храмот, сега им се придружуваат на еврејските верници со тоа што стануваат нов храм. Сите ние стануваме дел од Божјиот храм, „зграда... свет храм на Господ“ (Ефесјаните 2,19-22), и ја имаме таа предност да живееме во солидарност со Исуса и со нашите браќа и сестри во Христа.

**Како Павловата метафората за црквата како Божји храм во Ефесјаните 2,19-22 се споредува со употребата на таа метафора во следните текстови: 1. Коринќаните 3,9-17; 2. Коринќаните 6,14-7,1; 1. Петрово 2,4-8.**

___

Метафората за црквата како храм, Павле ја користи како врвна слика за целосното вклучување на незнабошците во заедницата на верници. На оние на кои некогаш им било забрането да присуствуваат на богослужбата во израелскиот храм, сега не само што им е одобрен пристап (Ефесјаните 2,18), туку и тие самите станале градежен материјал за новиот храм осмислен како „живеалиште Божјо преку Духот“ (Ефесјаните 2,22).

Авторите на Новиот завет ја користат метафората на храмот за да ја доловат светоста на црквата, Божјата улога во основањето и растот на црквата и солидарноста на верниците во рамките на црквата. Таа метафора се користи заедно со употребата на биолошки изрази (видете Ефесјаните 2,21, каде што храмот „расте“), а самиот процес на градење често се нагласува (видете Ефесјаните 2,22: „Врз Кого и вие ќе се соѕидате“). Наместо статична слика, заедницата на верници може да го објави својот идентитет како „храм на живиот Бог“ (2. Коринќаните 6,16).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Внимателно проучете го овој вовед во прашањата за разговор:

Во кој специфичен контекст Павле го напишал Ефесјаните 2,11-22, каде што укажува на огромното влијание што го има Крстот врз меѓучовечките односи? Тој зборува за односот меѓу верниците и од еврејско и од нееврејско потекло, кои заедно го сочинувале членството на црквата. Во врска со ова, Павле покажува очигледна заинтересираност за тоа дека тие го разбираат нивниот заеднички статус, кој, врз основа на помирувањето, го имаат како членови на Божјото домаќинство (Ефесјаните 2,19) и дека живеат во согласност со него. Меѓутоа, во контекст на целото послание, Павле укажува на уште поширока и подалекусежна цел. Неговата тема е Божјиот голем, конечен план да ги обедини сите во Христа (Ефесјаните 1,9.10), кој го вклучува „секој род на небесата и на земјата“ (Ефесјаните 3,15).

Важно е да се забележи дека единството на верниците во црквата – специфична тема што ја обработува Павле во текстот Ефесјаните 2,11-22 – има поширока цел којашто тој ја открива во стихот Ефесјаните 3,10: „Та многуликата мудрост Божја да им се објави сега преку Црквата на началствата и властите небесни“. Остварувајќи го единството што Христос го извојувал на крстот, верниците треба да објават дека Божјиот конечен план да ги обедини сите во Христа се одвива токму сега. Нивните односи засновани на помирувањето го најавуваат Божјиот план целата вселена да биде обединета во Христа. Затоа, сосема е погодно во текстот Ефесјаните 2,11-22, посматран во контекст на Посланието до Ефесјаните како целина, да ги бараме библиските принципи во врска со една тема што е особено важна денес, а тоа е односот меѓу различните раси и етнички групи.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Кои библиски принципи во врска со односите меѓу различните етнички групи се претставени во текстот Ефесјаните 2,11-22? На кој начин овој пасус ни нуди карактеристичен, христоцентричен пристап кон темата за тоа како припадниците на една етничка група треба да се однесуваат спрема припадниците на друга?**
2. **Со оглед на Божјиот план за иднината на човештвото (Ефесјаните 1,9.10; Ефесјаните 2,11-22), колку е важно црквата да се позанимава со своите внатрешни спорни прашања и расни судири?**
3. **Какви проблеми што тлеат меѓу етничките групи, а кои честопати се скриваат и игнорираат, постојат во вашата заедница? Како може вашата црква да одигра позитивна улога во остварувањето на единството за кое Христос веќе се изборил на крстот? Како би можеле вие да учествувате во тој дел?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 6**
**Од 29 јули до 4 август 2023**

# ТАЈНАТА НА ЕВАНГЕЛИЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 3; За Јов 11,5-9; Езекиел 43,13-16; Амос 7,7.8; Откровение 11,1.2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А на Оној Кој, според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно сѐ што ќе побараме или помислиме, Нему нека е слава во Црквата преку Исус Христос во сите родови и за сите векови. Амин!“ (Ефесјаните 3,20.21).**

Третата глава од Посланието до Ефесјаните Павле ја започнува со темата што ја допре и претходно: „За да бидат и незнабошците сонаследници, делови на едно тело, и соучесници на ветувањето Божјо во Христос Исус преку Евангелието“ (Ефесјаните 3,6). Иако ова можеби не е толку големо изненадување за денешната црква, составена претежно од некогашни „незнабошци“, ова изгледало радикално ново за многу негови читатели во тоа време.

Потоа Павле го продолжува својот вдахнат извештај, потсетувајќи се на жарот со кој сакал Исусовото евангелие да им се проповеда на незнабошците.

Тука, исто така, дознаваме со какви потешкотии се соочувал во моментот за да ги прошири тие служби, а кои го вклучувале и времето поминато во римскиот затвор.

Покрај тоа, можеме да ја видиме неговата посветеност на тајната што се наоѓа во самата срцевина на евангелието, тајната дека оние што не се Евреи во црквата се рамноправни со нивните еврејските браќа и сестри. Можеме да го почувствуваме и неговиот ентузијазам во однос на црквата и нејзината космичка мисија. Го слушаме како се моли, фалејќи го Бога што ја изразил својата благодат преку црквата.

Накратко, вдахнати сме да му се придружиме на Павле во неговата одушевеност за евангелието.

# ПАВЛЕ – ЗАТВОРЕНИОТ АПОСТОЛ НА НЕЗНАБОШЦИТЕ

**Прочитајте Ефесјаните 3. Наведете една или две главни теми на тој текст. Кои значајни заклучоци ги изнесува Павле тука?**

---

Третата глава од Посланието до Ефесјаните има интересна структура. Павле на почетокот вели: „Затоа сум јас, Павле, затвореник на Исус Христос за вас незнабошците“ (Ефесјаните 3,1). Потоа тој започнува со она што се покажало како подолга дигресија на темата за неговата работа како апостол меѓу незнабошците (Ефесјаните 3,2-13). А понатаму, со изразот „затоа“ (Ефесјаните 3,14), тој го најавува враќањето на својот првобитен ток на мислите, и во стиховите 14-21 го довршува својот прекинат молитвен извештај.

Во Ефесјаните 3,1, Павле за себеси вели дека е „затвореник на Исус Христос“, што е негов начин да соопшти дека, и покрај тоа што е во римско заробеништво и што е навидум поданик на Римското царство, сè уште постои подлабока, божествена цел, која се манифестира во неговиот живот. Тој не е затвореник на Рим, туку „затвореник на Исус Христос“ (спореди со Ефесјаните 4,1)!

Со тоа што Павле ги спомнува неговите сопствени „неволји“ (Ефесјаните 3,13), а подоцна и синџири (Ефесјаните 6,20), покажува дека тој не престојувал во некој релативно удобен домашен притвор (споредете Дела 28,16), туку дека бил во затвор. А да се биде во затвор во првиот век, и тоа во римска зандана, било особено тешко. Римското царство не водела добро организирани затвори со санитарни јазли и редовно служење на оброци. Империјата, всушност, немала некоја голема потреба од затвори, бидејќи затворањето не се користело како средство за казнување. Луѓето биле фрлани во затвор само додека чекале судење или погубување. Од затворениците се очекувало сами да се издржуваат, и тие зависеле од роднините и од пријателите во поглед на снабдувањето со храна и други потреби.

Меѓутоа, Павле бил првенствено загрижен за емоционалното влијание на неговото затворање врз верниците, бидејќи да се биде затвореник, тоа претставувало голем социјален срам во контекст на културата во која на срамот и честа се гледало многу сериозно. Веројатно се плашел дека некој би можел да праша: „Како може Павле, кој е презрен затвореник, да биде апостол и гласник на возвишениот Христос?“ Затоа, тој го става своето затворање во соодветен контекст, за да им помогне на верниците тоа да го согледаат како дел од Божјиот план. Тој трпи тешкотии заради нив, а поради она што делува како причина за срам, всушност ќе се покаже дека им служи за „слава“ (Ефесјаните 3,13).

**Како да научиме да му веруваме на Бога и да се држиме за Неговите патишта во околности кои можат да бидат многу тешки?**

## ДОЛГО КРИЕНАТА ТАЈНА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

**Која тајна му била доверена на Павле? Ефесјаните 3,1-6.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

Додека го проучувате текстот Ефесјаните 3,1-6, забележете го следново:

Прво, Павле го пишува тој дел од посланието конкретно до верниците од незнабоштво во куќните цркви во Ефес (Ефесјаните 3,1).

Второ, Павле тврди дека Нему му е доверена „управителството на Божјата благодат“, и тоа „за вас“ – за верниците кои не се Евреи (Ефесјаните 3,2). Тоа управителство, таа служба на благодатта, претставува Павлов начин да го опише налогот што му бил даден – да им го проповеда евангелието („Божјата благодат“) на незнабошците (споредете со Ефесјаните 3,7.8).

Трето, Павле тврди дека му била откриена *тајна*, за која веќе пишувал во тоа послание (видете посебно Ефесјаните 1,9-10; Ефесјаните 2,11-22), и тоа е „тајната на Христос“ (Ефесјаните 3,3.4). Според тоа, Павле не сака да биде сфатен како автор на евангелието, туку тврди дека Бог му ја дал службата за да го објавува.

Четврто, Павле не е единствениот на кого му е доверена оваа тајна, бидејќи Духот им ја открил и на останатите Христови „свети... апостоли и пророци“, на начин што го надминува откривањето на Божјиот план на претходните генерации (Ефесјаните 3,5). Изразот „пророци“ овде веројатно се однесува на оние кои го поседувале и покажале дарот на пророштво во раните христијански куќни цркви, а не на старозаветните пророци. Така, таа тајна, која некогаш била скриена, сега можела да се нарече „откриена тајна“.

И најпосле, тој кажува во што се состои таа тајна: „За да бидат и незнабошците сонаследници, делови на едно тело, и соучесници на ветувањето Божјо во Христос Исус преку Евангелието“ (Ефесјаните 3,6).

Павле е одушевен од евангелието, а особено од начинот на кој тоа се појавува во црквата, составена од преобратени Евреи и незнабошци. Тие две групи станале градбени блокови на Божјата нова заедница, Негов нов бренд на човештвото, црквата (види Ефесјаните 2,14-16). Може да се каже дека тие сега биле преобразени, така што од непријатели станале „сонаследници“, „содружници“ (вклучени во едно тело, телото Христово) и „соучесници“ на евангелското ветување (видете Ефесјаните 3,6).

**Кои ставови сè уште можеби ги негувате, дури и ако не го покажувате тоа, а за кои сметате дека се во спротивност со вклученоста на која нè учи Евангелието? Како можете да се ослободите од нив?**

## ЦРКВИ – ОТКРОВЕНИЕ НА БОЖЈАТА МУДРОСТ

**Што вели Павле за Бог и за Божјите дела во Ефесјаните 3,7-13?**

______________________________________________________________________

Павле повторно за себе тврди дека е „слуга според дарот на Божјата благодат“ (Ефесјаните 3,7; споредете со Ефесјаните 3,1.2). Тој дар, како и самото евангелие, не се доделува врз основа на вредноста на примателот, туку врз основа на Божјата благодат. Павле ја нагласува таа мисла зборувајќи за себе како „најмалиот од сите свети“ (Ефесјаните 3,8).

Постои интересен напредок во Павловото сфаќање на самиот себе, што може да се согледа додека се движиме низ неговите посланија според редоследот по кој се напишани. На самиот почеток, тој полага право на својот од Бога доделен статус како апостол (Галатјаните 1,1). Меѓутоа, подоцна се претставува како „најмалиот од апостолите“, кој не е „достоен да се нарече апостол“ (1. Коринќаните 15,9). Овде, во посланието до Ефесјаните, тој зборува за себе како „најмалиот од сите свети“ (Ефесјаните 3,8). Конечно, тој се опишува себеси како „прв“ или „најлошиот“ меѓу грешниците (1. Тимотеј 1,15).

Можеби овој тек на размислување, како што покажува Павле, може да ни помогне да го објасниме тој познат цитат од Елена Вајт: „Колку повеќе му се приближувате на Христа, сѐ погрешни ќе изгледате во своите очи; погледот ќе ви биде појасен, па ќе видите јасна и одредена разлика меѓу своето несовршенство и Неговата совршена природа“ (*Патот кон Христа*, стр. 64 оригинал).

Павле потоа продолжува. Во Ефесјаните 3,10, тој пишува: „Та многуликата мудрост Божја да им се објави сега преку Црквата на началствата и властите небесни.“ Кои се овие „началства и власти небесни“ што се споменуваат овде? Како црквата им ја објавува Божјата „многулика“ или многуразлична мудрост? Иако Ефесјаните 3,10 не ја опишува природата на тие власти, веројатно е најдобро да ги сметаме како сили на злото кои се подетално опишани во текстот Ефесјаните 6,11.12. Ако ова е точно, тогаш составот на црквата, обединувајќи ги Евреите и незнабошците кои некогаш биле многу разединети делови од човештвото, пред тие демонски „началства и власти небесни“, станува звучна најава за Божјиот план за иднината, „за да соедини сѐ небесно и земно под една глава – во Христос“ (Ефесјаните 1,10). Ним им е ставено до знаење дека Божјиот план е во тек и дека нивната пропаст е загарантирана. Самата природа на обединетата црква го најавува нивниот конечен пораз.

**Ако вашата локална црква сериозно го сфатила Павловиот „опис на работата“ на црквата во Ефесјаните 3,10, како тоа може да го промени начинот на кој вие и останатите верници се однесувате едни кон други?**

## ХРИСТОС КОЈ ЖИВЕЕ ВО ВАШЕТО СРЦЕ

**Споредете го претходното барање за молитва на Павле, Ефесјаните 1,16-19, со неговата молитва за верниците во Ефесјаните 3,14-19. Во што се состои сличноста меѓу овие две барања?**

---

Во заднина на нашиот превод на текстот Ефесјаните 3,14,15 се крие важна игра на зборови. Кога Павле вели дека се поклонува пред „Отецот... од кого се именува секој род на небесата и на земјата“, тој ја истражува фонетската врска меѓу грчкиот збор за татко, *patēr* и грчкиот израз за семејство, *patria*. Во Посланието до Ефесјаните, Павле ја слави сеопфатната природа на Божјиот план на спасение, кој ги вклучува сите (Ефесјаните 1,9.10) и за сите времиња (Ефесјаните 1,21). Тој ги назначува сите „семејства на небото и на земјата“ (КЈВ) како оние на кои „Отецот“ полага право, бидејќи тие Му припаѓаат Нему. Секое семејство (*patria*), според тоа, го добива своето име по Отецот (patēr). Тоа е многу добра вест!

Разгледајте ја следнава мисла: Вашето семејство, и покрај своите несовршености и недостатоци, му припаѓа на Бога. Вашето семејство не се наоѓа во суровите канџи на судбината, туку во Божјите грижливи раце. Бог ги сака несовршените семејства. Тие го носат божественото име. Тие го носат знакот на Неговата сопственост.

Во Ефесјаните 3,16-19, Павле бара од Бога да им подари на верниците богато духовно искуство, кое се карактеризира со внатрешна сила преку присуството на Духот (Ефесјаните 3,16), блискост со Христа кој живее во нив (Ефесјаните 3,17) и стабилен, цврст духовен идентитет (бидејќи тие се „вкоренети и утврдени во љубовта“, Ефесјаните 3,17).

Настојувајќи да го прослави Бога за изобилството на благослови што им се нудат на верниците, Павле споменува – не три, туку четири димензии – ширина и должина и длабочина и висина (Ефесјаните 3,18). Тој не кажува јасно на што се однесуваат овие димензии, иако тие очевидно ја пренесуваат огромната величина на нешто важно. Ова претставува интересна загатка за проучувачите на Библијата. Дали овие димензии се однесуваат на Божјата мудрост (сп. Книгата за Јов 11,5-9, која има четири димензии), Божјата моќ (сп. Ефесјаните 3,16-17) или, можеби, на духовниот храм од Ефесјаните 2,19-22 (сп. Езекиел 43,13-16, кој наведува четири димензии; Амос 7,7.8; Откровение 11,1.2)? Сепак, можеби е најдобро тие четири димензии да се разберат како опис на неизмерноста на „Христовата љубов“ (Ефесјаните 3,19), посматрајќи го изразот: „Разбирате... што е ширина и должина, што е длабочина и височина“ (Ефесјаните 3,18), паралелно со следниов израз: „и да ја осознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење“ (Ефесјаните 3,19; сп. Римјаните 8,35-39). Но, како и да ги сфатиме неговите зборови, тоа се добри вести.

# СЛАВА ВО ЦРКВАТА И ВО ХРИСТА ИСУСА

**Павле го завршува својот молитвен извештај со доксологија – краток, поетски израз на пофалба на Бога. Зошто тој му упатува похвала на Бога? Ефесјаните 3,20.21.**

---

Павле бележи за што се молел во полза на верниците (Ефесјаните 3,14-19), а потоа упатува уште една силна и директна молитва. Оваа Павлова доксологија покренува две прашања:

1. Дали тој исечок ја издигнува црквата на несоодветен начин, доведувајќи ја на исто ниво со Христа кога го користи изразот: „Нему нека е слава во Црквата и во Христа Исуса“ (Ефесјаните 3,21; Константинов)? Сепак, и покрај фактот што Павле посветува големо внимание на црквата во Посланието до Ефесјаните, јасно е дека Христос е Спасител на црквата, бидејќи Тој е оној кој престојува во срцата на верниците (Ефесјаните 3,17). Според тоа, во својата доксологија Павле го фали Бога за спасението понудено на црквата преку Христа Исуса.

2. Дали изразот „на сите поколенија од века до века“ (Ефесјаните 3,21; Константинов) ја опишува бескрајната овоземна иднина на црквата, при што Христовото доаѓање се одложува на неодредено време? Во Посланието до Ефесјаните се изразени големите очекувања од иднината. На пример, Ефесјаните 4,30 упатува на „денот на избавувањето“. Исто така, се вели дека верниците ќе ја искусат Христовата неограничена, суверена моќ „не само во овој свет, туку и во идниот“ (Ефесјаните 1,21). Затоа, Павловата доксологија треба да се сфати како славење на Христовата бесконечна сила која се пројавува во полза на верниците.

Кога ќе погледнеме назад на неговиот втор молитвен извештај (Ефесјаните 3,14-21; сп. Ефесјаните 1,15-23), гледаме дека Павле наоѓа сила во космичкиот опсег на грижата на Отецот (Ефесјаните 3,14-15), во постојаната достапност на Светиот Дух (Ефесјаните 3,16), во личното присуство на самиот Христос (Ефесјаните 3,17) и во безграничната, неизмерна љубов Христова (Ефесјаните 3,18.19). Ова е толку сигурно, што тој ги замислува верниците како такви кои се исполнети со „сета полнота Божја“ (Ефесјаните 3,19) и ги слави овие духовни реалности со зборови на пофалба, повторно восхитувајќи се на изобилството на Божјата сила што им се нуди на светите (Ефесјаните 3,20.21).

Секогаш кога ќе го чувствуваме притисокот на неволјите, искушенијата или сомнежите, можеме да се свртиме кон тој поттикнувачки извештај за Павловите молитви. Затворениот апостол нѐ издигнува во визија до широкиот хоризонт на Божјите мисли и Неговата благодат, потсетувајќи нѐ дека, без оглед на моменталните околности, ние сме учесници во Божјиот конечен план (Ефесјаните 1,9.10) и дека Неговата сила дејствува во нас.

**Кои Божји благослови се особено драгоцени за вас? Вежбајте да составувате молитви на благодарност за да го славите Бога за тие благослови.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Вајт, „Будења во поново време“, *Големата борба*, стр. 461-478 оригинал).

„Како да ја усогласиме нашата џуџеста духовна состојба со зборовите од нашиот текст (Ефесјаните 3,14-19), кои ја опишуваат полнотата на знаење коешто имаме предност да го поседуваме? Како ќе гледа Небото на нас, кои ги имаме сите духовни и земни предимства за да растеме во милоста, ако не ги поправиме нашите околности? Апостолот не ги напишал тие зборови за да нè измачува, да нè измами или да ги издигне нашите очекувања толку високо само за да доживееме разочарување. Тој ги запишал тие зборови за да ни покаже што можеме и што мора да бидеме, ако сакаме да станеме наследници на Божјето царство. Како можеме да бидеме Божји соработници ако имаме толку мало искуство? Ние го поседуваме знаењето кое претставува привилегија на христијаните и треба да се стремиме кон тоа длабоко духовно разбирање на она што е Божјо, какво што Господ сака да го имаме.

Дали навистина веруваме во Библијата? Дали навистина веруваме дека можеме да го достигнеме знаењето за Бога коешто ни е претставено во овој текст? Дали веруваме на секој збор што ќе излезе од Божјата уста? Дали им веруваме на зборовите што ги изговориле пророците и апостолите, или Исус Христос, кој е извор на секоја светлина и на секој благослов, и во кој живее сето богатство и сета полнота? Дали навистина веруваме во Бога и во неговиот Син?“ (Елена Г. Вајт, The Advent Review and Sabbath Herald, 1 октомври 1889 година).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Споредете ја Павловата доксологија во Ефесјаните 3,20.21 со другите доксологии во Новиот Завет – Римјаните 11,33-36; Римјаните 16,25-27; Филипјаните 4,20; 2. Петрово 3,18б; Јуда 1,24.25. Кои теми и идеи се провлекуваат низ овие текстови? Како да го усвоиме ставот на славење и обожавање што го илустрираат овие текстови?**
1. **Споредете ги Павловите четири употреби на грчкиот збор** *plērōma* **(„полнота“) во Посланието до Ефесјаните (Ефесјаните 1,10.23; Ефесјаните 3,19; Ефесјаните 4,13). Што мислите, зошто оваа идеја била толку важна за Павле?**
1. **Од сите Божји дела што Павле ги фали во Ефесјаните 3, кои вас лично најмногу ве вдахнува? Зошто?**
2. **Павле ја завршува првата половина од Посланието до Ефесјаните токму онака како што ја започнал (Ефесјаните 1,3-21), служејќи се со јазикот на молитвата и славење. Тој ја слави Божјата сила, која е присутна во животот на верниците преку Христа и Духот (Ефесјаните 3,16-21). Како можеме, како што напишала Елена Вајт, подобро да ја искусиме таа сила во нашиот живот?**

**Лекција 7**
**Од 5 – 11 август 2023**

# ОБЕДИНЕТО ТЕЛО ХРИСТОВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 4,1-16; Филипјаните 2,3; Псалм 68,18; Дела 2; 1. Коринќаните 12,4-11.27-30; Исаија 5,4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за благовестители, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело“ (Ефесјаните 4,11.12).**

Една од басните на Езоп се вика „Стомакот и стапалата“, и гласи отприлика вака: „Стомакот се скарал со стапалата за тоа кој од нив е поважен“. Стапалата упорно повторувале дека тие се толку силни што можат дури и да го носат стомакот наоколу, на што стомакот забележал: „Но, мои добри пријатели, ако не внесувам храна, вие не би можеле ништо да носите“ (Lloyd W. Daly, Aesop Without Morals; New York: Thomas Yoseloff, 1961, стр. 148).

Павле често го користел човечкото тело за да испрати духовна порака. За Павле, човечкото тело – и црквата како тело Христово – е составено од различни делови со различни способности, од кои сите мора да работат заедно за телото да биде здраво. Во Ефесјаните 4,1-16 Павле повторно ја развива метафората за тело што толку успешно ја користел претходно (Римјаните 12,3-8; 1. Коринќаните 12,12-31). Христос сега е Глава на телото и Тој го снабдува телото со „надарени“ луѓе кои го обезбедуваат единството на тоа тело, при што секој дел – секој член на црквата – придонесува со своите способности за целината.

Павловата слика за здраво, усогласено тело ни помага да ја разбереме Божјата цел за нас: да бидеме дел од плодоносната црква обединета во Христа.

# ЕДИНСТВО НА ДУХОТ

**Прочитајте Ефесјаните 4,1-16. Како Павле ги охрабрува верниците да го негуваат единството на црквата?**

Втората половина од Посланието до Ефесјаните (4–6 глава) Павле ја започнува со охрабрувачки повик на единство, кој сам по себе се состои од два главни дела. Прво, во Ефесјаните 4,1-6 тој бара од верниците да го негуваат „единството на Духот" со покажување на доблестите што го градат единството (Ефесјаните 4,1-3) – повик што тој го поддржува наведувајќи, на поетски начин, седум „едности" („едност" – филозофски термин што означува отсуство на мноштво и поделеност, односно сврзаност, споеност во едно; заб на. прев.) (Ефесјаните 4,4-6). Второ, во Ефесјаните 4,7-16, Павле го препознава победоносниот, прославен Исус како Извор на милоста кај луѓето кои го предводат проповедањето на евангелието (Ефесјаните 4,7-10) и опишува како тие, заедно со сите членови на црквата, придонесуваат за здравје, раст и единство на Христовото тело (Ефесјаните 4,11-16).

На почетокот на главата, Павле ги повикува христијаните да се однесуваат „достојно според звањето, за кое сте повикани" (Ефесјаните 4,1). Тој овде го користи глаголот „да се однесува", што значи „да се владеат" или „да живеат" (види Ефесјаните 2,2.10; Ефесјаните 4,17; Ефесјаните 5,2.8.15). Кога зборува за нивното „звање", Павле мисли на повикот кон христијанската вера (Ефесјаните 1,18; Ефесјаните 2,4-6.13). Тој ги поттикнува верниците да практикуваат однесување кое придонесува кон обединувањето, што го одразува Божјиот конечен план (Ефесјаните 4,9.10). Апостолот почнува да ја нагласува оваа мисла со тоа што ги повикува да ги практикуваат доблестите кои водат до единство (Ефесјаните 4,1-3), како што се понизноста, кротоста и трпението.

Ајде да го разгледаме секој од овие поими.

Павле го објаснува поимот *понизност* во Ефесјаните 4,2 и на други места, додавајќи ја идејата: „сметајте се еден друг за поголем од себеси" (Филипјаните 2,3). Според тоа, понизноста не треба да се сфати во негативна смисла како омаловажување на себеси (види Колошаните 2,18.23), туку во позитивна смисла, како уважување на другите и служење на другите.

*Кроткоста* (Ефесјаните 4,2) може да се објасни во смисла „да не се биде премногу импресиониран од чувството на сопствена важност" и исто така значи „љубезност, обсирност, благост" (Frederick Danker, ed., Greek-English Lexicon of the New Testament and Other Early Christian Literature, 3rd ed.; Chicago: University of Chicago Press, 2000, стр. 861).

И конечно, *трпението* (некаде преведено како „долготрпеливост" или „трпеливо поднесување") подразбира способност да се издржи провокација или искушение.

Според тоа, сите овие квалитети се спојуваат околу идејата дека треба да се ослободиме од чувството на сопствената важност и, наместо тоа, да посветува внимание на вредностите на другите.

***Понизност, кроткост, трпение.* Размислете како овие атрибути можат да ни помогнат да се обединиме како народ. Како можеме да научиме да ги негуваме овие доблести?**

## ЗАЕДНО КАКО ЕДНО ВО ЕДЕН

**Кои седум „едности“ ги наведува Павле во прилог на неговата тема за единство на црквата? Која поента тој сака да ја истакне со таа листа? (Ефесјаните 4,4-6).**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Таа Павлова листа од седум вида „едности“ има поетски тон и одекнува како химна за поттик што се користела во Ефес. Листата започнува со спомнување на двата поими заедно: „едно тело“ (што се однесува на црквата како Христово тело – Ефесјаните 4,12-16; Ефесјаните 1,23; Ефесјаните 5,23.29.30) и „еден Дух“ (Ефесјаните 4,4). Третиот се состои во „една надеж на вашето звање“ (Ефесјаните 4,4; споредете со Ефесјаните 4,1).

Листата потоа наведува уште три елементи – „еден Господ“ (се однесува на Христа), „една вера“ (ја подразбира содржината на она во што веруваат христијаните – Ефесјаните 4,13; Колошаните 1,23; Колошаните 2,7; Галатјаните 1,23; 1. Тимотеј 4,1.6) и „едно крштевање“ (сп. Ефесјаните 5,26), а завршува со проширен опис на Бога како Оној кој е еден „Бог и Отец на сите, Кој е над сè, и преку сите, и во сите нас“ (Ефесјаните 4,6).

Што порачува Павле со овој поетски опис на Бог Отецот? Врз основа на тоа што е „Отец на сите“, Бог е Творец. Остатокот од стихот го опишува во каков однос е Бог, од создавањето на светот, спрема „сите“ и сè што создал. Павле не се занимава со ересите на пантеизмот (кој ја поистоветува природата со Бога) или панентеизмот (кој тврди дека светот е вклучен во Божјото битие, иако не го исполнува целосно). Наместо тоа, тој зборува за Божјата трансцедентност („Кој е над сè“), активна власт („Кој е... преку сите“) и иманентност („Кој е... во сите нас“).

Обрнете посебно внимание на двете идеи во врска со единството на црквата (Ефесјаните 4,1-6). Прво, единството е духовен факт, вкоренет во тие седум вида „едности“ – тоа е реалност која треба да се слави (Ефесјаните 4,4-6). Второ, тоа единство бара од нас да покажеме ревност во неговото негување и развивање (Ефесјаните 4,3). Честопати ќе имаме причина да жалиме поради нашите пропусти во остварувањето на тоа единство. Меѓутоа, какви и да се тие наши пропусти, треба да се радуваме на она што Бог во Христа го прави за да ја обедини црквата, славејќи ја теолошката реалност на „единството на Духот“ (Ефесјаните 4,3). Тоа ќе нè оспособи да се вратиме на напорната работа за унапредување на тоа единство, но со ново осведочување дека со тоа го оствaруваме Божјото дело.

**Прочитајте повторно Ефесјаните 4,4-6. Какви чувства буди тоа кај вас? Како би *требало* да се чувствувате, знаејќи што кажува тој текст за нашето единство во Бога и со Бога преку Христа?**

## ВОЗВИШЕН ХРИСТОС – ДАРОДАВЕЦ

**„На секого од нас благодатта му е дадена според мерката на дарот Христов. Затоа е и речено: ‘Издигајќи се на височина, плени плен и им даде дарови на луѓето.‘ А што означува ‘издигајќи се’, ако не тоа дека Тој слезе пред тоа во најдолните места на земјата. Слегнатиот е истиот, Кој се издигна повисоко од сите небеса, за да исполни сѐ“ (Ефесјаните 4,7-10). Што се случува овде, и што сака да каже Павле со овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Павле овде го цитира стихот Псалм 68,18, кој гласи: „Издигајќи се на височина, водејќи ги заробениците, Ти доби дарови меѓу луѓето, а и меѓу бунтовниците - за да се настаниш таму Господе Боже!“ Тој стих го опишува Господа, Јахве, како победнички војсководец кој, откако ги победил своите непријатели, се искачува на високо место на кое е изграден неговиот главен град, со заробените борци во неговата свита (видете Псалм 68,1.2). Потоа тој прима данок („доби дарови“) од поразените непријатели (забележете како Павле, врз основа на поширокиот контекст на Псалм 68, ја прилагодува таа слика на прославениот Христос кој „дава дарови“; видете Псалм 68,35).

Ако ја следиме структурата на стихот Псалм 68,18, тогаш возвишувањето, излегувањето во височините – Христовото вознесување на небото (Ефесјаните 1,21-23) – е нешто што се случува прво, по што следи слегувањето, за време на кое оној што е возвишен – прославениот Исус дава дарови и исполнува сѐ. Тоа е начинот на кој Павле го опишал излевањето на Светиот Дух (видете Дела апостолски 2). Таквото гледиште го потврдува и текстот Ефесјаните 4,11.12, во кој даровите што ги обезбедува прославениот Исус се поистоветуваат со даровите на Духот.

„Христос се вознел на небото, го заробил пленот и им дал дарови на луѓето. Кога по Христовото вознесение Духот се излеал како било ветено, како силен ветер и го исполнил целото место каде што се собрале учениците, каков бил резултатот? Илјадници преобратени во еден ден“ (Елена Г. Вајт, *Светиот Дух на патот на спасението,* стр. 158 оригинал).

**Колку и да е длабоко значењето на тие неколку стихови од Посланието до Ефесјаните, како можеме да научиме да црпиме утеха од сѐ што тие ни откриваат за она што Христос го направил за нас и што допрва ќе го направи, особено кога ќе дојде како „полнота на Оној Кој исполнува сѐ во сѐ“ (Ефесјаните 1,23)?**

## ДАРОВИТЕ НА ПРОСЛАВЕНИОТ ИСУС

**Повикувајќи се на стихот Псалм 68,18, Павле штотуку го опишал воскреснатиот, прославен, победоносен Исус како Оној кој им дава дарови на луѓето од висините. Какви „дарови“ дава прославениот Исус и со каква цел? Ефесјаните 4,11-13.**

---

Павле препознава четири групи „надарени“ луѓе кои се дел од ризницата на прославениот Исус, а кои Тој ѝ ги дава на својата црква: (1) апостоли; (2) пророци; (3) евангелисти; (4) пастири и учители (структурата на грчкиот израз сугерира дека тоа е една група). Христос ги дава овие дарови заради довршување на важното дело: „За усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело“ (Ефесјаните 4,12), „додека сите не го достигнеме единството на верата и познанието на Синот Божји, до состојба на совршен човек, до мера на возраста на Христовата полнота“ (Ефесјаните 4,13).

Таа последна порака била од посебна важност за првите адвентисти, кои размислувале за духовниот дар на Елена Г. Вајт. Дали Библијата го потврдува само она дејство на дарот на пророштво кое се манифестирало во црквата во времето на апостолите? Или тој дар ќе продолжи да се дава сѐ до Христовото доаѓање? Одговорот на ова раните адвентисти го нашле во стихот Ефесјаните 4,13 и го објавиле преку приказната за капетанот на бродот, кој бил должен да ги следи упатствата што му биле дадени во врска со една пловидбата. Кога бродот се приближил до пристаништето, капетанот пронашол информација меѓу упатствата дека на патот ќе им се придружи еден кормилар за да му помогне околу управувањето со бродот. За да остане верен на првичните упатства, капетанот морал да му дозволи на кормиларот да се качи на бродот и да ги следи понатамошните упатства што ќе му ги даде тој. „Кој сега се држи до тој оригинален прирачник? Оние кои го отфрлаат кормиларот или оние кои го прифаќаат, како што им налага упатството? Проценете сами“ (Uriah Smith, „Do We Discard the Bible by Endorsing the Visions?“, Review and Herald, January 13, 1863, стр. 52).

Треба да бидеме особено внимателни кога го утврдуваме идентитетот на „пастирот“ (или на „пасторот“), „учителот“ и „евангелистот“, бидејќи за овие позиции размислуваме во контекст на нашето време. Меѓутоа, колку што можеме да утврдиме, во времето на Павле сите тие имиња се однесувале на водачите лаици кои служеле во куќните цркви во Ефес (сп. 1. Петрово 2,9; Дела 2,46; Дела 12,12).

**Прочитајте го стихот Исаија 5,4: „ Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив?“ Размислете за тој стих во контекст на она што Бог ни го дал преку службата на Елена Г. Вајт. Како може тоа да се примени на нејзината служба?**

## РАСТЕЊЕ ВО ХРИСТА

**Каква опасност се заканува на зрелоста на Христоликата црква? Ефесјаните 4,14.**

_______________________________________________________________

Павле гледа едно окружување кое не се разликува многу од нашето и во кое на верниците со „измама“ им се наметнуваат различни идеи, преку оние што ги „занесува секој ветар на лажните учења“. Тој користи три вида слики за да ги опише опасностите од таквата произволна употреба на теологијата: (1) незрелоста на детството – „да не бидеме веќе мали деца“; (2) опасностите на отворено море, каде што „лула и занесува секој ветар на лажните учења“; (3) ризикот да бидеме измамени од вешти луѓе кои, како коцкарите, изведуваат разни трикови. Павле фигуративно го користи грчкиот збор kubeia („фрлање коцки“) за да означи „лукавство“ или „измама“.

Павле смета дека склоноста кон поделба е важна карактеристика на лажната наука – она што го храни телото, што му помага да расте и да се одржува, тоа е добро, додека она што го исцрпува и го разединува е зло. Со одвраќање од учењата кои предизвикуваат поделби и со свртување кон докажани и сигурни учители (Ефесјаните 4,11), тие ќе напредуваат кон вистинска христијанска зрелост и ќе одиграат значајна улога во Христовото тело (Ефесјаните 4,12.13; споредете со Ефесјаните 4,15.16).

**Во која смисла здравата црква функционира како здраво тело? Ефесјаните 4,15-16.**

_______________________________________________________________

Во Ефесјаните 4,1-16, Павле се залага за единство на црквата и ги наговара оние на кои им се обраќа активно да го негуваат. Иако единството произлегува од самата теологија (Ефесјаните 4,4-6), тоа сепак бара напорна работа (Ефесјаните 4,3). Еден од начините на кои можеме да го негуваме единството е да бидеме активни „делови“ од Христовото тело (Ефесјаните 4,7-16). Секој од нас е дел од тоа тело и треба да придонесе за неговото здравје и растење (Ефесјаните 4,7.16). Исто така, сите ние треба да имаме корист од работата на апостолите, пророците, евангелистите и пасторите-учители (Ефесјаните 4,11). Тие, како лигаментите, тетивите и „секој одделен дел“ (Ефесјаните 4,16), имаат улога да нè поврзуваат и да ни помогнат да растеме заедно во Христа, кој е Глава на телото (Ефесјаните 4,13-15).

**Какви „ветришта на науката“ дуваат низ нашата црква денес и како можеме цврсто да им се спротивставиме? Изнесете го вашиот одговор во саботношколската класа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Следните две забелешки ќе ни помогнат да го прошириме нашето разбирање на текстот Ефесјаните 4,7-10:

1. *Преведувањето на стихот Ефесјаните 4,9.* Некои преведувачи укажуваат дека до „слегување“ доаѓа пред искачувањето (на пример: „Тој прво се спуштил“ - превод од англиски: KJV, RSV, NASB). Некои други преводи повнимателно го следат грчкиот текст, оставајќи го отворено прашањето за времето на издигнување и слегување, што го дозволува гледиштето изразено во лекцијата од вторникот, дека треба да се следи текот на наративот од стихот Псалм 68,18, според кој Христос прво се вознел на небото („се издигна“), а потоа се спуштил („слезе“) во Духот.

2. *„Присвојување на пленот“.* Цитирајќи го Псалм 68,18 од Стариот завет на грчки, познат како Септуагинта (старогрчкиот превод на Стариот завет), Павле во Ефесјаните 4,8 користи израз кој буквално гласи: „ги зеде заробениците“ (што се гледа кај некои преводи), а за кои обично се смета дека значи „повел со себе група заробеници“. Адвентистите на седмиот ден главно сметаат дека овој израз се однесува на моментот кога Христос, за време на неговото вознесение, ги зел со себе на небото оние кои воскреснале во посебно воскресение за време на неговото воскресение (Матеј 27,51-53). Тие го претставуваат ‘превртениот сноп’, првите плодови на откупените, кои Тој му ги претставил на Отецот по Неговото враќање во небесните дворови“ (види: *The SDA Bible Commentary*, том 6, стр. 1022; Longing of the Ages, стр. 834 /оригинал/, сп. *Копнежот на вековите,* стр. 785, 786 /оригинал/). Друга можност е дека, во согласност со Колошаните 2,15, го разбираме тој пасус како слика на Христовата победа над Неговите непријатели – сатаната и злите ангели – кои се прикажани како поразени заробеници.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Споредете ја листата со „духовни дарови“ од Ефесјаните 4,11 со слични набројувања во следните текстови: 1. Коринќаните 12,4-11.27-30; Римјаните 12,4-8; 1. Петрово 4,10.11. Кои сличности и разлики ги забележувате?**
2. **Разговарајте како класа за некои од „ветриштата на науката“ што дуваат во црквата денес. Забележете дека Павле нè советува да не дозволиме таквите ветришта да нè занесуваат. На кои конкретни начини можеме да се заштитиме и себеси и другите во црквата од штетата што овие ветришта можат да ни ја нанесат?**
3. **Павле ја нагласува темата на „единството“ во целото Послание до Ефесјаните. Меѓутоа, дали по секоја цена треба да се стремиме кон единство? Со други зборови, во кој момент нашата желба за единство може да стане контрапродуктивна? Разговарајте за тоа.**

**Лекција 8**
**Од 12 до 18 август 2023**

# ЖИВОТ ПО УГЛЕД НА ХРИСТА И ГОВОР ИСПОЛНЕТ СО ДУХОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 4,17-32; Колошаните 3,1-17; Захарија 3,3-5; Захарија 8,16; Исаија 63,10; Римјаните 8,16.26.27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш отфрлете го од себе стариот човек според вашето поранешно живеење, кој се распаѓа во измамливите желби, за да се обновите со духот на својот ум и да се облечете во новиот човек, создаден според Бога во вистинска праведност и светост“ (Ефесјаните 4,22-24).**

Хозе Антонио со години живеел како бездомник на улиците на градот Палма де Мајорка, Шпанија. Со седа неуредна коса и брада изгледал многу постар на своите 57 години. Еден ден, Салва Гарсија, сопственик на фризерски салон, му пристапил на Хозе и му понудил целосна промена на изгледот.

Додека Хозе седел на столицата во салонот, цел тим од вредни раце ги сечеле, боеле и обликувале замрсените прамени од неговата коса и брада. Потоа Хозе добил нова модерна облека. А тогаш дошло до големо откритие! Додека седел пред огледалото, му течеле солзи во очите. „Дали сум јас тоа? Изгледам сосема поинаку! Никој нема да ме препознае.“ Подоцна додал: „Тоа не беше само промена на изгледот. Тоа ми го промени животот“.

Во текстот Ефесјаните 4,17-32, Павле тврди дека верниците доживеале целосна преобразба. Тие го отфрлиле своето „старо јас“ и го прифатиле својот нов идентитет. Слично на искуството што го доживеал Хозе, тоа не е само надворешна промена. Тоа подразбира обновување „со духот на својот ум“ (Ефесјаните 4,23) и живеење „во вистинска праведност и светост“ (Ефесјаните 4,24). Тоа е темелна преобразба.

# НАДОЛНАТА СПИРАЛА НА ГРЕВОТ

**Споредете го текстот Ефесјаните 4,17-32 со Колошаните 3,1-17. Како Павле се залага верниците да живеат на начин што го поттикнува единството на црквата?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Во претходниот дел, Ефесјаните 4,1-16, Павле се занимавал со темата за црковното единство. Кога ќе го споредиме стихот Ефесјаните 4,1 со стихот Ефесјаните 4,17, забележуваме колку се слични овие два совета за тоа како треба да живееме и да се однесуваме. Оваа сличност сугерира дека Павле, всушност, се занимава со истата тема – единството и начинот на живот што го поддржува – но од една нова и во почетокот понегативен став.

Во Ефесјаните 4,17-24, Павле го споредува паганскиот начин на живот, за кој смета дека го поткопува единството (Ефесјаните 4,17-19), со вистинските христијански обрасци на живеење што го поддржуваат (Ефесјаните 4,20-24). Додека ја читаме острата критика на Павле за развратниот пагански начин на живот, треба да се потсетиме на неговото цврсто уверување дека и незнабошците се откупени од Бога преку Христа и дека им е понудено целосно заедништво во самиот Божји народ (Ефесјаните 2,11-22; Ефесјаните 3,1-13). Значи, во Ефесјаните 4,17-19, тој дава еден негативен опис, ограничен на оние кои се незнабошци „по тело“ (Ефесјаните 2,11).

Павле не е загрижен поради некои поединечни гревови или постапки што ги правеле неевреите. Тој е загрижен за нивниот образец на однесување, за надолната патека до која ги води нивниот живот во канџите на гревот. Во срцевината на текстот, Ефесјаните 4,17-19, се наоѓа слика на една неосетлива духовност – „по суетата на својот ум; помрачени во разумот“ (Ефесјаните 4,17-18). Оваа закоравена духовност е извор на помраченото разбирање кое е нагласено на почетокот на тој пасус („отуѓени од Божјиот живот поради нивното незнаење и тврдокорноста на нивното срце“ – Ефесјаните 4,18), и развратното сексуално однесување што се нагласува на крајот („дојдени до бесчувство, тие се предадоа на разврат и ненаситно вршат секаква нечистота“, Ефесјаните 4,19). Отуѓени од Бога, тие не знаат како да живеат и, одвоени од Неговата спасоносна милост, продолжуваат да се движат во надолна спирала на грев и изопаченост.

**Какво е вашето лично искуство со силата што ја има гревот да ве влече надолу кон сè подлабока темнина?**

## ДРАМАТИЧНА ПРОМЕНА НА ОБЛЕКАТА

**Која суштински важна порака сака Павле да им ја пренесе на своите слушатели повторувајќи ја нарацијата за нивното преобратување? (Ефесјаните 4,20-24)**

________________________________________________________________

Откако го опишува нивниот поранешен, незнабожечки живот (Ефесјаните 4,17-19), Павле не кажува: „Тоа не е начинот на кој бевте поучени за Христа.“ Наместо тоа, тој извикува: „Но вие не Го познавте така Христос“ (Ефесјаните 4,20). Откако забележал дека верниците на кои им се обратил „чуле за“ и „во него“ (Христос) се поучиле (Ефесјаните 4,21), Павле понатаму се залага за усвојување живот сличен на Христовиот, користејќи го изразот: „дека вистината е во Исус“ (Ефесјаните 4,21). За Павле, пристапување до верата се сведува на лична поврзаност со Христа, толку жива и реална што може да се опише како „познавање на Христа“. Со тоа признаваме дека воскреснатиот и прославен Исус е жив и присутен меѓу нас. Ние сме обликувани од Неговиот пример и учења и покажуваме преданост кон Него како наш жив Господ. Ние го отвораме нашиот живот за Неговото активно водство и насочување преку Духот и Речта.

Павле ни кажува дека усвојувањето на христоликиот живот бара три процеси коишто тој ги доловува со помош на облеката: (1) „отфрлете го“, односно отстранете го стариот начин на живот (Ефесјаните 4,22); (2) доживејте внатрешно обновување (Ефесјаните 4,23); и (3) „облечете“ нов, богобојазен образец на живот (Ефесјаните 4,24). Таа метафора на Павле одговара на старозаветната употреба на облеката како симбол на грешност (пр. Псалм 73,6; Захарија 3,3.4; Малахија 2,16), но и на спасение (на пр. Исаија 61,10; Езекиел 16,8; Захарија 3,4.5).

Во древно време мажите носеле туника до колена како долна облека и наметка или мантија кои им обезбедувале заштита од сонцето. Слично на тоа, жените носеле туника и наметка. Културите прикажани во Библијата биле сосредоточени на преживувањето. Облеката била драгоцена, скапа и се чувала долго време. Било невообичаено да се има повеќе од еден комплет облека. Квалитетот и стилот на таа облека го означувале идентитетот и статусните карактеристики на носителот. Промената на облеката, замена на еден комплет облека со друг, бил необичен и важен настан (а не безначајна појава каква што е во многу култури денес). Според тоа, Павле ја замислува таа промена во животот како нешто толку забележливо, како што би била замената на еден комплет облека за друга во контекст на првиот век.

**Во што се состои разликата, клучната разлика, меѓу учењето за Христа и запознавањето на Христа?**

# ГОВОР КОЈ ГРАДИ ЕДИНСТВО – ЈАЗИКОТ НА БЛАГОДАТТА

**Кој од Павловите совети во врска со употребата на говорот меѓу верниците е најважен за вас сега? Зошто? (Ефесјаните 4,25-29)**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Во текстот Ефесјаните 4,25-32, Павле во повеќе наврати користи една интересна структура, која добро ја илустрирана стихот Ефесјаните 4,25: прво доаѓа негативна заповед („ја отфрливте лагата“), потоа позитивната заповед („кажувајте си ја вистината секој на својот ближен“), а потоа образложувањето („бидејќи сме делови еден на друг“, што треба да значи: „Затоа што сме членови на едно тело, а меѓусебно сме поврзани едни со други како делови на тоа тело“). Павловиот поттик „да се кажува вистината“ не е повик да се спротивставуваме на другите членови на црквата со нетактично изнесување на фактите. Павле алудира на стихот Захарија 8,16, кој охрабрува да се говори вистината како начин за негување на мирот.

Бидејќи во Ефесјаните 4,31 Павле забранува гневен и лут говор, ниту неговите зборови во Ефесјаните 4,26 не дозволуваат гневот да се изразува во заедницата на верници. Наместо тоа, Павле ја признава можноста да се јави гнев, ограничувајќи го неговото изразување во смисла: „Ако се налутите, не дозволувајте тоа да се претвори во многу посериозно зло“.

А тогаш Павле навидум отстапува од својата главна тема и им упатува негативна заповед на крадците: „Крадецот да не краде веќе“ (Ефесјаните 4,28). Потоа, во согласност со позитивната заповед, некогашниот крадец треба „да се труди со своите сопствени раце да го прави она што е добро“ (Ефесјаните 4,28; видете и 1. Коринќаните 4,12; 1. Солуњаните 4,11). И на крајот го добиваме објаснувањето: „За да има што да му даде на оној што има потреба“ (Ефесјаните 4,28). Можеби Павле ја вметнува оваа порака за крадците овде поради поврзаноста која постои меѓу кражбата и лажните зборови, што е илустрирано со сторијата за Ананија и Сафира во текстот Дела 5,1-11. Верата на Павле во Христовата преобразувачка сила е толку силна што тој замислува како крадците можат да станат добродетели!

Потоа, Павле заповеда: „Никаков гнасен збор да не излегува од устата ваша“ (Ефесјаните 4,29), со што доловува како некој деструктивен збор навидум незапирливо брза ита кон усните за да го изврши своето уништувачко дело. Меѓутоа, од позитивната страна, Павле замислува дека секоја негативна изјава не само што може да се запре, туку и да се замени со исказ што ги задоволува следните три критериуми: (1) „добар (е) за надградување“, (2) се изнесува „каде што треба“ и (3) „за да им даде благодат на оние што слушаат“ (Ефесјаните 4,29). Е, кога сите наши зборови би биле такви!

# СВЕТИОТ ДУХ ВО ЖИВОТОТ НА ВЕРНИЦИТЕ

**Кога расправа за вербалните гревови внатре во христијанската заедница, која опомена ја изнесува Павле во врска со присуството на Светиот Дух меѓу верниците? Ефесјаните 4,30**

______________________________________________________________

Павле истовремено нуди и заканувачко предупредување и трогателно ветување. Гревовите што ги правиме едни против други во црквата не се некои мали дела со ситни последици – она што особено го жалости Светиот Дух е кога го злоупотребуваме Божјиот дар на говор за да ги понижуваме другите (Ефесјаните 4,25-27.29.31.32). Тоа што зборовите на Павле се чини како да претставуваат одек на стихот Исаија 63,10 дополнително ја нагласува сериозноста на тоа предупредување: „Но, тие се одметнаа и Го огорчија Неговиот Свет Дух; затоа Тој им стана непријател, така што Сам војуваше против нив.“

Во вид на охрабрувачко ветување, Павле потврдува дека Светиот Дух ги запечатува верниците од денот кога го прифатиле Христа (Ефесјаните 1,13.14) до „денот на откупувањето“ (Ефесјаните 4,30). Односот на Духот спрема верникот не е колеблив туку постојан. Кога верниците го занемаруваат присуството на Духот во себе, заострувајќи го Божјиот дар на говор, не се вели дека Духот заминува, туку дека тагува. Духот има намера да остане присутен во верниците, означувајќи ги како Божја сопственост и тие се под Негова заштита сѐ додека Христос не се врати.

Павле целосно ја нагласува божествената природа на Духот како „светиот Божји Дух“ и истакнува дека Тој е личност прикажувајќи Го како ожалостен. (Видете и Римјаните 8,16.26.27; 1. Коринќаните 2,10.13; 1. Коринќаните 12,11; Галатјаните 5,17.18.)

Мораме внимателно да пристапуваме кон расправата за тајната на Божеството. Духот е едно со Отецот и Синот, а едновремено е различен од Нив. „Духот има сопствена волја и носи одлуки сообразно со тоа. Тој може да биде ожалостен и на Него може да се хули. Таквите изрази не се користат само за сили и влијанија, туку претставуваат карактеристики на личност. Дали тогаш Духот е личност како вие и јас? Не, ние користиме само ограничена човечка терминологија за да опишеме појави со божествено потекло, а Духот е нешто што човечките битија никогаш не би можеле да бидат“ (Paul Petersen, God in 3 Persons – In the New Testament; Silver Spring, MD: Biblical Research Institute, 2015, стр. 20).

**Според тоа, „Светиот Дух Божји“ е тој што живее во толку близок допир со нас, што се вели дека нашите постапки влијаат на Него. Ние го делиме животот со еден член од Божеството, кој ни е посветен во рамките на траен однос кој нѐ запечатува до крајот на времето. Како треба нашата вера да одговори на оваа неверојатна вистина?**

## БЛАГОСТ (А НЕ ГОРЧИНА)

Зборувајќи за „денот на откупувањето“ (Ефесјаните 4,30), Павле ги повикува своите читатели да размислат за својата употреба на говорот во контекст на второто Христово доаѓање. Затоа, може да се каже дека текстот Ефесјаните 4,31.32 се занимава со употребата на говор додека се приближуваме кон тој голем настан.

**Во светлината на Христовото враќање, кои ставови и однесувања во врска со говорот треба да се отфрлат? Кои ставови и однесувања треба да се прифатат? Ефесјаните 4,31.32**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Во последната опомена во текстот Ефесјаните 4,17-32, Павле повторно искажува негативна заповед, препознавајќи шест пороци кои треба да бидат отстранети „подалеку од вас“ (Ефесјаните 4,31), потоа ја дава позитивната заповед да бидеме благи, милосрдни и готови да проштаваме (Ефесјаните 4,32), а на крајот дава и објаснување. Верниците треба да си простуваат еден на друг „како што и Бог ви прости во Христос“ (Ефесјаните 4,32). Листата од шест пороци започнува и завршува со општите сеопфатни изрази „секоја огорченост“ и „секоја друга злоба“, а меѓу нив има четири дополнителни изрази: „јарост“, „гнев“, „викање“ и „хулење“ (Ефесјаните 4,31).

Последниот од нив е превод на грчкиот збор *blasfemia*, кој кај нас се користи како технички израз за погрден говор против Бога. Сепак, на грчки тој израз може да се однесува на Бога, но и на луѓето, и е означен како „клевета“ или „зло говорење“. Се чини дека, на таа листа, одредени ставови (горчина, лутина, гнев) се претвораат во гневен говор (викање, клевета). Во суштина, Павле го „демилитаризира“ христијанскиот говор. Според него, ставовите што поттикнуваат налутен говор и реторички стратегии што го користат, треба да се отстранат од христијанскиот арсенал. Христијанската заедница напредува и единството се негува (споредете со Ефесјаните 4,1-16) само таму каде што сето тоа е ставено настрана.

Говорењето зло, меѓутоа, не треба да се потиснува, туку да се заменува. Нашите разговори и однесување во Христовото семејство – и надвор од него – не треба да произлегуваат од чувствата на гнев, туку да бидат мотивирани од добрина, благонаклоност добронамерност и простување според највисокиот од сите примери – простувањето што ни го нуди Бог во Христа (Ефесјаните 4,32). Павле го претставува „вертикалното простување“ (кое Бог ни го дава) како модел за „хоризонталното простување“ (што си го пружаме еден на друг; сп. Колошаните 3,13; Матеј 6,12.14.15).

**Размислете за моќта на своите зборови. Како можете да ги користите за подигање, охрабрување и за изградување на верата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Вашите разговори нека бидат од таква природа што нема да имате потреба од покајание за нив". 'И не жалостете Го Светиот Дух Божји, со Кој сте запечатени за денот на избавувањето!'... Ако имате љубов во своето срце, ќе се стремите да ги утврдувате и изградувате своите браќа во пресветата вера. Ако се појави гласина која е штетна за карактерот на вашиот пријател или брат, не поттикнувајте ширење на такви злобни зборови. Тоа е дело на непријателот. Љубезно потсетете го оној што ги изговара дека Божјата реч забранува такви разговори" (Ellen G. White, Advent Review and Sabbath Herald, June 5, 1888).

Како би се променила вашата локална црква кога вие и сите останати членови би се обврзале дека ќе живеете во согласност со заклетвата која би се состоела од следниве изјави:

1. Сакам моето влијание во семејството на адвентистите на седмиот ден и пошироко да биде позитивно, да охрабрува, да ја изградува верата и го подига моралот (Ефесјаните 4,29).

2. Сеќавајќи се на Христовите повици за единство и љубов, ќе вложам повеќе енергија во тоа да ги поддржам луѓето кои зборуваат и го прават она за кое верувам дека е добро, отколку да укажувам на пропустите на оние за кои верувам дека не се во право (Јован 13, 34,35; Јован 17,20-23; Ефесјаните 4,1-6; 1. Солуњаните 5,9-11).

3. Кога не се согласувам со некого, сепак јасно ќе го изразам моето почитување кон него или неа како некој со кого ја делам истата вера. Ќе тргнам од претпоставката дека тој е личност со интегритет и дека е посветен на Христа. Ако моето мислење се разликува од неговото или нејзиното, ќе го изнесам нежно а не остро (Ефесјаните 4,31.32).

4. Ќе живеам радосно, барајќи ја секоја можност да ги изградам и да ги поддржувам моите ближни, додека го чекам Христовото враќање (Ефесјаните 4,29-30; Галатјаните 6,2; Евреите 10,24.25).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прегледајте ги 11-те места во Посланието до Ефесјаните каде Павле опишува како трите членови на Божеството тесно соработуваат на спасението на човештвото. Како ова постојано нагласување на нивната соработка влијае на нашето разбирање за Божеството? Ефесјаните 1,3-14; Ефесјаните 1,15-23; Ефесјаните 2,11-18; Ефесјаните 2,19-22; Ефесјаните 3,1-13; Ефесјаните 3,14-19; Ефесјаните 4,4-6; Ефесјаните 4,17-24; Ефесјаните 4,25-32; Ефесјаните 5,15-20; Ефесјаните 6,10-20 (каде што името „Господ", Ефесјаните 6,10 се однесува на Христа).**
2. **Како можат Павловите совети за христијанскиот начин на говор (Ефесјаните 4,25-32) да се применат во оваа ера на „ комуникација преку компјутер", која премногу често се злоупотребува за дигитално насилство и анонимно, онлајн убиство на личноста?**

**Лекција 9**
**Од 19-26 август 2023**

# МУДРО ЖИВЕЕЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 5,1-20; 1 Коринќаните 5,1-11; Откровение 16,1-16; Колошаните 4,5; Мудри изреки 20,1; Мудри изреки 23,29-35; Дела 16,25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Па така, внимавајте добро како живеете! Не како безумни, туку како мудри; 16 ползувајте го времето, зашто дните се лукави. Затоа немојте да бидете неразумни, туку распознајте што е волјата Божја!“ (Ефесјаните 5,15-17)**

Не толку одамна, во Обединетото Кралство еден кристален бокал бил ставен на аукција. Аукционерите го опишале како „француски бокал за вино од деветнаесеттиот век“, проценувајќи ја неговата вредност на 200 американски долари. Меѓутоа, двајца остроумни понудувачи го препознале бокалот како исклучително редок предмет од исламско потекло. Неговата вистинска вредност на крајот била проценета на 5 милиони фунти (околу 6,5 милиони долари). Што го натерало тој понудувач да се согласи на таква спогодба? Тој знаел нешто што аукционерот не го знаел – вистинската вредност на бокалот.

Во Ефесјаните 5,1-20, Павле ги спротивставува паганските вредности со оние што ги ценат верниците. Паганите го сметале простачкиот говор (Ефесјаните 5,4), пијанството (Ефесјаните 5,18) и разузданоста (Ефесјаните 5,3.5) како големо богатство во животот. Меѓутоа, верниците знаат дека доаѓа конечниот ден на судот, кога вистинската вредност на сè ќе стане очигледна (Ефесјаните 5,5.6). Затоа, наместо да им придаваат вредност на забавата и пијанството, тие, меѓу другото, се восхитуваат на „сè што е добро, праведно и вистинито“ (Ефесјаните 5,9) во Христа. Во тој поглед, Павле ги поттикнува да ја прифатат спогодбата што им е понудена во Христа, имајќи предвид дека тие (како и сите ние) живеат на прагот на вечноста (Ефесјаните 5,15-17).

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

## „ТУКУ САМО БЛАГОДАРНОСТ“

**Во која смисла Павле ги упатува верниците да се „угледаат на Бога“? Видете Ефесјаните 5,1.2.**

Павле ги поттикнува верниците во Ефес да живеат во љубов, што претставува важен повик за она што сака да го каже во овој дел од посланието (видете Ефесјаните 5,8.15). Тоа „живеење во љубов“ (видете Ефесјаните 5,2) треба да биде според примерот на Христовата љубов кон нас (споредете со Ефесјаните 4,32), изразена преку Неговата жртва на помирување. Павле утврдува четири важни подробности за таа жртва: 1. Таа е мотивирана од љубовта и на Бог Отецот (Ефесјаните 5,1) и на самиот Христос (Ефесјаните 5,2); 2. Таа е заменичка, бидејќи Христос умира наместо нас. Христос не е пасивна жртва – Тој самиот се дал Себеси за нас; 3. Според сликовито претставената симболика на службата во старозаветното светилиште, Христовата смрт е исто така и жртва што му се принесува на Бога; 4. Бог ја прифатил таа жртва, бидејќи е опишана како „сладок мирис“ (Ефесјаните 5,2; сп. 2. Мојсеева 29,18; 3. Мојсеева 2,9; Филипјаните 4,18).

Потоа, во текстот Ефесјаните 5,3-5, воведен е дел во кој се изразува загриженост поради сексуалната етика. Младите преобратеници во Ефес биле во опасност да се одвратат од својот христијански повик и да дозволат повторно да бидат вовлечени во сексуално однесување што би го негирало нивното христијанско сведочење (сп. 1. Коринќаните 5,1-11; 1. Коринќаните 6,12-20; 2. Коринќаните 12,21).

Од една страна, грчко-римскиот свет од првиот век отворено покажувал морална расипаност и разврат, што е опишано и на други места во Новиот завет (видете: 1. Коринќаните 6,9; Галатјаните 5,19; Ефесјаните 4,17- 19; Колошаните 3,5). На пример, на банкетите на богатите луѓе редовно можело да се види кое однесување Павле го осудува во Ефесјаните 5,3-14: пијанство, непристоен говор, смела забава и неморални постапки. Покрај тоа, урбаните центри пружале анонимност и отсуство на воздржаност, што поттикнувало неморално сексуално однесување. Од друга страна, многумина во тоа општество воделе живот полн со доблести и биле поборници на строг морал. Кога Новиот завет ги наведува листите со пороци и доблести, како и правила на домашно однесување (на пр. Ефесјаните 5,21-6,9; Колосјаните 3,18-41), неговите автори се повикуваат на теми кои биле актуелни во поширокиот контекст на грчко-римскиот свет. Тој свет, едновремено развратен и доблесен, ни помага да ги разбереме советите на Павле да го избегнуваме неморалното однесување што го практикуваат незнабожците, и неговата желба верниците да бидат внимателни во своето однесување и на тој начин да стекнат добар углед меѓу оние надвор од црквата.

**Како можат зборовите на Павле за сексуалното однесување да се применат на вашата култура, каде и да живеете?**

## ДА ЖИВЕЕМЕ КАКО ШТО ДОЛИКУВА НА ДЕЦАТА НА СВЕТЛИНАТА

Павле пишува: „Никој да не се мами со празни зборови; зашто поради нив доаѓа гневот Божји врз синовите на непокорноста“ (Ефесјаните 5,6).

За некој што прави разни гревови без срам или каење, Павле вели дека е како „блудник, или нечист, или лакомец – кој е идолопоклоник“ (Ефесјаните 5,5). Тој отворено го изразува својот суд – оние кои се во Христа и кои се предодредени да бидат дел од Неговото идно царство, не треба да се однесуваат на ист начин како оние што не се (Ефесјаните 5,5). Тој е загрижен за влијанието на „празните зборови“. Имено, со простачко изразување верниците би можеле да бидат заведени да мислат дека сексуалниот грев не е никаков табу, па дури и самите да бидат вовлечени во такви гревови (Ефесјаните 5,6). Оној што си дозволува себеси на овој начин да биде измамен, предупредува Павле, ризикува да го доживее Божјиот суд на крајот на времето – „гневот Божји“ што доаѓа „врз синовите на непокорноста“ (Ефесјаните 5,6).

Изразот „Божји гнев“ поттикнува на размислување. Фактот дека овој гнев е Божји, укажува дека тој се разликува од вообичаениот, каприциозен, човечки гнев (сп. Ефесјаните 4,31). Тоа е заслужен одговор на долготрпеливиот, праведен Бог на тврдоглавото препуштање на злото, а не безумна, експлозивна реакција на некој ситен прекршок. Понатаму, споменувањето на божествениот гнев најчесто се јавува во контекст на вдахновени, библиски предупредувања за претстојниот Божји суд (на пр. Откровение 6,12-17; Откровение 16,1-16; Откровение 19,11-16). Бог предупредува за својот претстоен суд – што е дело на благодатта, имајќи предвид дека човечките суштества, кои „по природа... чеда на гневот“ (Ефесјаните 2,3), подлежат на тој суд.

**Зошто Павле ги предупредува верниците да не стануваат содружници или „соучесници“ содружници со грешниците? (Ефесјаните 5,7-10).**

____________________________________________________________

Наместо тоа, тој ги охрабрува: „Живејте како деца на светлината“ (Ефесјаните 5,8) и ја додава следната заповед: „Одлучете се за она што Му е мило на Бога“(или „Испитувајте што Му е угодно на Господа“ според преводот на Константинов; заб. на прев.) (Ефесјаните 5,10). На паганинот му причинува задоволство „блудството и секаква нечистота или лакомост“ (Ефесјаните 5,3, Константинов). Меѓутоа, целта на верникот е драматично поинаква – не да си угодува на себеси, туку да му угоди на Бога (сп. Римјаните 12,1; 2. Коринќаните 5,9; Евреите 13,21; каде што се користи истиот грчки збор, *euarestos*, што значи „угодно“ или „прифатливо“. Верникот настојува да ја одразува Христовата самопожртвуваност („живејте во љубов, како што и Христос ве возљуби и за нас се предаде Себеси како принос и жртва на Бога“, Ефесјаните 5,2).

**Кои се некои од „празните зборови“ од кои треба да се чуваме денес?**

## „СТАНИ ТИ ШТО СПИЕШ!“

**Прочитајте го текстот Ефесјаните 5,11-14. Кое моќно предупредување го изнесува Павле овде и како тоа се однесува на нашата сегашна ситуација?**

___________________________________________________________________________

За да го разбереме текстот Ефесјаните 5,11-14, корисно е да забележиме дека Павле неколку пати ги нуди следните два совети, наизменично: (1) живејте како „деца на светлината“ – живот со кој се прославува Бог (Ефесјаните 5,8; видете и Ефесјаните 5,1.2.4.9.10.11.13.14); (2) не практикувајте сексуално неморален начин на живот што му се спротивставува на Бога, правејќи „бесплодни дела на темнината“ (Ефесјаните 5,11; видете и Ефесјаните 5,3.4.5-8.12).

За да го разбереме стихот Ефесјаните 5,11, можеме да ги разгледаме паралелните совети во текстот Ефесјаните 5,8-10. Верниците пред неверниците треба да живеат како „светлина во Господа“ и „деца на светлината“ (Ефесјаните 5,8). Суштината на сето ова е да се види и јасно да се покаже дека „плодот на светлината се состои во сè што е добро, праведно и вистинито“ (Ефесјаните 5,9). Според тоа, Павле се залага за стратегија на манифестирање на Божјата добрина. Верниците треба да ги разоткријат бесплодните дела на темнината, покажувајќи пред сите која би била праведната алтернатива.

Освен тоа, смелиот, поетски јазик од стиховите 13-14 можеме да го сфатиме како смело тврдење на Павле дека верниците, пројавувајќи го „плодот на светлината“ (Ефесјаните 5,9), можат да ги придобијат световните луѓе за верата во Христа: „А сè што е изобличено, светлината го прави јавно; бидејќи сè што е јавно, светлина е“ (Ефесјаните 5,13.14). Кога декадентниот живот ќе се изложи на светлина, световните луѓе можат да согледаат какво е, всушност, нивното однесување („обелоденето“) – без иднина и подложно на гнев (Ефесјаните 5,5.6), и да го искусат преминувањето од темнина во светлина („бидејќи сè што е јавно, светлина е“) (според српкиот превод „бидејќи сè што се изнесува на виделина – светлина е“; заб. на прев.). Тоа е истата преобразба што ја доживеале и самите Павлови читатели од Ефес кога поверувале (Ефесјаните 5,8).

А што да кажеме за песната или за химната во Ефесјаните 5,14, која користи јазик поврзан со воскресението на мртвите на крајот на времето (сп. Ефесјаните 2,1.5), упатувајќи јасен повик да се разбудиме од духовниот сон, со цел да се доживее Христовото преобразувачко присуство? Бидејќи текстот Исаија 60,1-3, на кој Павле очигледно се осврнува овде, бил упатен до Божјиот народ, Израел, можеме да гледаме на химната/песната од Ефесјаните 5,14б како силен повик до христијанските верници да се разбудат и да ја преземаат улогата што ја имаат како мисионери – носители на Христовата светлина во овој помрачен свет (сп. Филипјаните 2,14-16; Матеј 5,16).

**Како практикуваме начин на живот кој ја разоткрива вистинската природа на делата на темнината?**

# ГРАБНИ ЈА ПОВОЛНАТА ПОНУДА

Павле го завршува текстот Ефесјаните 5,1-20 со две низи совети: Ефесјаните 5,15-17 и Ефесјаните 5,18-20, со што го довршува овој дел од посланието, кој конкретно се занимава со сексуалната чистота. Првата низа започнува со опомена: „Па така, внимавајте добро како живеете! Не како безумни, туку како мудри“ (Ефесјаните 5,15), која подоцна ја повторува со зборовите: „Затоа немојте да бидете неразумни, туку распознајте што е волјата Божја!“ (Ефесјаните 5,17) А помеѓу е и повикот: „Ползувајте го времето“ (Ефесјаните 5,16).

**Размислете за советите на Павле за тоа како да се живее на начин што ја одразува мудроста стекната преку молитвата и духовното размислување (Ефесјаните 5,15-17). Која е разликата во однесувањето меѓу неразумните и „мудрите“? Што значи „ползувајте го времето“?**

____________________________________________________________

Во Посланието до Ефесјаните, Павле постојано ја користи вообичаената старозаветна метафора за „одење“ за да го опише начинот на живот (Ефесјаните 2,2.10; Ефесјаните 4,1.17; Ефесјаните 5,2.8). Овде, во Ефесјаните 5,15-17, тој сака да ги поттикне верниците на совесно ученииштво. Како што треба внимателно да одите кога поминувате по нерамна и темна патека, така и верниците треба да внимаваат да живеат уредно (Ефесјаните 5,15). А бидејќи стихот во Ефесјаните 515 ја наоѓа својата паралела во Ефесјаните 5,17, тука можеме да бараме објаснување за тоа што значи да живееме како мудри луѓе. Не треба да ја бараме мудроста во себе. Да бидеме мудри значи да досегнеме надвор од себе и да спознаеме „што е волјата Божја“ (Ефесјаните 5,17).

Павле го охрабрува таквото совесно учеништво и со една живописна слика. Во изразот „ползувајте го времето“ (Ефесјаните 5,16; или „искупувајте го времето“ (Константинов), тој го користи глаголот *eksagorazō* (сп. Колошаните 4,5). Тоа е всушност израз преземен од светот на трговијата и претставува нагласен облик на глаголот „купува“, што би значело: „да се зграпчи поволната понуда“ додека го чекаме Христовото враќање . За „време“ овде се употребува грчкиот збор kairos, кој опишува поволен момент или укажување прилика. Затоа, „времето“ што ни преостанало до крајот претставува период на посебни поволности, кои треба да се искористат во целост. Тоа е воедно и тешко време, бидејќи „заштo дните се зли“ (Ефесјаните 5,16; споредете со Ефесјаните 6,13, Галатјаните 1,4), и затоа што во „векот на овој свет“ доминира „кнезот на воздушните сили“ (Ефесјаните 2,2).

Додека се надеваат на Христовото враќање, верниците живеат во тешко време кое Павле го доловува со сликата на тргување – полно со ризик, но и со поволни можности. Затоа верниците треба внимателно да го користат преостанатото време, како оние што трагаат по поволни цени во текот на краткотрајна распродажба, кога се нудат големи попусти. И иако не можеме да го купиме спасението, сепак тоа е соодветна слика која порачува: веднаш зграпчете го она што ви се нуди во Христа.

## БОГОСЛУЖЕНИЕ ПОЛНО СО ДУХ (ЕФЕСЈАНИТЕ 5,18-20).

**Во текстот Ефесјаните 5,18-20, Павле ги замислува христијаните собрани на богослужение. Според неговите зборови, што прават тие на тоа богослужение?**

___________________________________________________________________

Во последниот аргумент што го изнесува во текстот Ефесјаните 5,1-20, апостолот ги наговара верниците да се одвратат од употребата на вино кое го затапува умот, и наместо тоа заедно да го искусат присуството и силата на Духот. Павле го забранува пијанството (повикувајќи се веројатно на текстот Мудри изреки 23,31 од грчката верзија на Стариот завет), што нѐ наведува да заклучиме дека тој, всушност, ја има на ум забраната за употреба на алкохол каква што ја наоѓаме во литературата за мудроста (Мудри изреки 20,1; Мудри изреки 23,29-35). Сите зла што произлегуваат од пијанството вклучуваат груб, вулгарен говор, безумство, неморал и идолопоклонство (Ефесјаните 5,3-14). Сето тоа треба да се замени со промислено, од Духот вдахнато обожавање на Бога. Клучниот поттик на Павле да бидеме исполнети со Духот е поблиску дефиниран со низата глаголи во Ефесјаните 5,19-21 („разговарајте... со псалми“; „пеејќи и воспевајќи“; „благодарејќи“; „покорувајќи се еден на друг“.

Опомената „туку полнете се со Духот“ (Ефесјаните 5,18) Павле овде ја применува на заедницата, имајќи ги на ум верниците собрани на од Духот вдахнато обожавање на Бога, кое го поттикнува единството (Ефесјаните 4), кое е спротивно на егоцентричното, паганско однесување и богослужение (Ефесјаните 5,1-18). Во оваа скица на ранохристијанското богослужение доминира музичкото славење. Се вели дека црквата е родена преку песна, а овој пасус, заедно со Колошаните 3,16, дава најдобар доказ за тоа тврдење (сп. Дела 16,25; Јаков 5,13).

Постои извесен „хоризонтален“ елемент во богослужбата затоа што, со пеење, членовите на црквата на некој начин „зборуваат меѓу себе“ (Ефесјаните 5,19). Меѓутоа, конкретниот предмет на тие музички фалбоспеви е Господ, кој, како што е наведено во Ефесјаните 5,20, е препознат како „Господ Исус Христос“ (сп. Колошаните 3,16). Благодарноста од Ефесјаните 5,20, опишана заедно со музичките химни од Ефесјаните 5,19, треба да им се принесе на „Бога и Отецот, во името на нашиот Господ Исус Христос“. Во изразот „духовни песни“, придавката „духовни“ (грчки, pneumatikos) ја нагласува улогата на Светиот Дух во богослужението, бидејќи овој израз опишува песни кои се вдахновени и исполнети со Светиот Дух. Според тоа, Павловата скица за ранохристијанското богослужение ги прикажува сите три члена на Божеството како активни учесници.

**Како можете да ја употребите музиката за да го подобрите сопственото искуство на богослужение?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ако го погледнеме текстот Ефесјаните 5,1-20 како целина, ќе видиме како Павле зазема цврст став против гревот и злото, а особено против злото во вид на сексуален неморал и вулгарно изразување. Тој не е подготвен да прифати присуство на какво било нечесно однесување меѓу Божјиот народ. Наместо тоа, тој ги повикува верниците во Ефес да покажат високи мерила на однесување, „како што им доликува на светите“ и да го прифатат идентитетот што го имаат како Божји „чеда возљубени“ (Ефесјаните 5,1-10). Тој се осмелува да верува дека христијаните, кога се однесуваат вака во својата заедница, ја исполнуваат темнината со светлина и ги одвлекуваат своите ближни од самопоразителниот начин на живот, водејќи ги кон вистината и кон Божјата милост (Ефесјаните 5,11-14).

Павле замислува како црквата, поттикната од обновениот завет да живее „како деца на светлината“ додека го чека Христовото враќање (Ефесјаните 5,8; видете и Ефесјаните 5,15.16), и благословена од Христовото присуство (Ефесјаните 5,14), се собира на богослужение. Бидејќи верниците се мотивирани од својот статус како Божји „чеда возљубени“ и од Христовата смрт за нив (Ефесјаните 5,1,2), и се исполнети со Духот (Ефесјаните 5,18), нивното богослужение се одликува со енергија и радост, додека заедно му пеат пофални песни на својот Господ, Исус Христос и Бог Отецот. Држејќи се цврсто за небесната реалност, тие ја слават својата надеж во иднината, вкоренета во извештаите за она што Бог го направил, што го прави сега и што допрва ќе го оствари преку Исуса Христа, нивниот Господ (Ефесјаните 5,18-20).

Сфатен на ваков начин, овој исечок станува многу повеќе од низа неповрзани заповеди за христијанското живеење. Тој станува пророчки повик кој се однесува на христијанскиот идентитет, на посветувањето, заедницата и богослужението на крајот од времето – со восхит проникнат повик да се „прими поволната понуда“ во деновите што преостануваат до Христовото враќање (Ефесјаните 5,16).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како можат денешните верници, соочени со култура која ги пропагира своите вредности 24/7/365 преку сè поголем број медиуми, да ги усвојат Павловите високи мерила на однесување?**
2. **Кои стратегии би можеле да ги применат верниците денес за да проникнат во она што „му е угодно на Господа“ (Ефесјаните 5,10) и „што е волјата Божја“ (Ефесјаните 5,17)?**
3. **Некој би можел да помисли дека забраната на Павле да се зборува за сексуален неморал меѓу верниците (Ефесјаните 5,3.4) значи дека воопшто не треба да се занимаваме со прашања за сексуално недоличното однесување и злоупотреба. Зошто тоа би бил несоодветен заклучок?**
4. **На кои сè начини нашето современо општество ги обновува паганските обичаи, слични на оние со кои се занимавал Павле во негово време?**

**10. Лекција**
**Од 26 август до 1 септември 2023**

# МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ - ЗАЕДНО КРАЈ КРСТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 5,21-33; Филипјаните 2,3.4; Езекиел 16,1-14; 2. Коринќаните 11,1-4; 1. Мојсеева 2,15-25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Вие, мажите, сакајте ги жените свои, како што Христос ја засака Црквата и се предаде Себе за неа, за да ја освети, очистувајќи ја со водна бања преку словото; та да ја претстави пред Себе како славна Црква, која нема осквернување, или порок, или нешто слично, туку да биде света и непорочна“ (Ефесјаните 5,25-27).**

Во Ефесјаните 5,21-33, Павле се надоврзува на идејата дека верниците треба меѓусебно да се слушаат и да се покоруваат еден на друг (Ефесјаните 5,21), потоа им дава совети на христијанските жени (Ефесјаните 5,22-24), а потоа и на мажите (Ефесјаните 5,25-32), а завршува со концизни упатстава за двајцата (Ефесјаните 5,33).

Читајќи го тој совет, денешните проучувачи на Библијата можат да го слушнат воскреснатиот Христос како зборува за нашите меѓусебни односи. Ние сме упатени така да постапуваме кога ќе го разбереме текстот Ефесјаните 5,21-6,9 како Павлов начин да ја примени големата тема на своето послание, единството, овојпат на христијанското семејство. Иако остро ги критикува погрешните општествени обрасци на стариот човек (види Ефесјаните 4,22), тој исто така го слави создавањето на новиот човек (види Ефесјаните 2,15), вовлечен во пошироката заедница со сите нејзини погрешни општествени обрасци. Во рамките на овие обрасци, верниците го покажуваат слободното дејствување на новата сила, Светиот Дух (Ефесјаните 2,22; Ефесјаните 3,16; Ефесјаните 5,18-21; Ефесјаните 6,17.18) и на новата етика по примерот на Христос (Ефесјаните 4,13-15.20-24.32; Ефесјаните 5,2.10.17.21-33), што укажува на конечното исполнување на Божјиот план за Неговиот народ и за целиот свет.

## СОВЕТИ ДО ЖЕНИТЕ ХРИСТИЈАНКИ

Павле започнува со еден вметнат стих, Ефесјаните 5,21, со кој го поврзува почетокот на главата, Ефесјаните 5,1-20, со текстот Ефесјаните 5,22-33, во кој тој се залага членовите на црквата да се покоруваат на едни на други (сп. Марко 10,42-45; Римјаните 12,10; Филипјаните 2,3.4). Верниците треба да го прават тоа „во страв од Христа“ (Ефесјаните 5,21), што е прва од неколкуте прилики во кои Павле го препознава односот со Христа како најважен и решавачки однос во животот на верникот.

**На што мисли Павле кога ги поттикнува членовите на црквата да се покоруваат еден на друг? Како да ја разбереме таа идеја? (Ефесјаните 5,21).**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Павле, исто така, ги повикува жените христијанки да ги слушаат „мажите свои, како... Господа“ (Ефесјаните 5,22), појаснувајќи дека тој всушност зборува за потчинување на жените на нивните сопрузи (видете и 1. Петрово 3,1.5). Кога вели дека тоа треба да го прават „како... Господа“, дали Павле мисли дека жената треба да му се покорува на својот маж како тој да е Христос, или, всушност, мисли дека Христос е вистинскиот и највисок фокус на нејзиното потчинување?

Имајќи го на ум стихот Ефесјаните 6,7, каде што робовите се повикани доброволно да служат „како на Господа, а не на луѓе“, и Колошаните 3,18, каде што од жените се бара да се покоруваат на своите сопрузи „како што прилега во Господа“, приоритет треба да се даде на втората гледна точка. Самите жени се вернички кои, во крајна линија, мора да го почитуваат Христа повеќе отколку своите мажи.

И во двете посланија, во Колошаните и во Ефесјаните, Христос – и само Христос – е препознаен како Глава на Црквата, која е Неговото тело (Ефесјаните 1,22; Ефесјаните 5,23; Колошаните 1,18): „Христос /е/ Глава на Црквата, и Тој е Спасител на Телото“ (Ефесјаните 5,23). По аналогија, мажот е „глава на жената“ (Ефесјаните 5,23), при што верноста на црквата кон Христа служи како модел за посветеноста на жената кон нејзиниот маж. Во овој текст се тргнува од претпоставката дека се работи за брак полн со љубов и грижа, а не за нефункционална врска. Тие стихови не треба да се толкуваат како одобрување на каков било облик на семејна злоупотреба.

**Во контекст на она што тукуштo го прочитавме, зошто е толку важно да се запамети овој следен совет? Ако мажот е „груб, остар, самобендисан, суров, себичен и арогантен, нека не кажува никогаш дека мажот е глава на жената и дека таа во сè мора да му се покорува; зашто тој не е Господ ниту е сопруг во вистинска смисла на зборот“ (Елена Г. Вајт, *Темели на среќниот дом*, стр. 117 оригинал).**

## ЦРКВАТА КАКО ХРИСТОВА НЕВЕСТА – 1 ДЕЛ

**Споредете ги стиховите во Ефесјаните 5,25-27.29 со приказната за најденче од текстот Езекиел 16,1-14. Кои елементи од тој извештај ги повторува Павле во својата скица?**

---

Кога во текстот Ефесјаните 5,25-27.29 ја обликува својата сторија за свадбата и бракот како метафора за црквата и нејзиниот однос со Христа, Павле креативно ги користи обичаите и улогите во рамките на древната свадба. Во однос на црквата како невеста, Христос е божествениот Младоженец кој:

(1) Ја сака својата црква како невеста (Ефесјаните 5,25). Никогаш не смееме да заборавиме дека за Исус тоа е работа на срцето. Тој нè сака!

(2) Се дава како откупнина за невестата. Во контекст на древните свадбени аранжмани, младоженецот ја „купувал“ невестата по „куповна цена“, која обично била голема сума пари и вредни предмети, толку голема што древната рурална економија зависела од тој обичај. Христос ја плаќа највисоката цена за црквата како Негова невеста затоа што „се предаде Сам Себеси за неа“ (Ефесјаните 5,25). При отелотворувањето, како и на крстот, Тој се дал себеси како откупнина за својата Невеста.

(3) Ја капе својата невеста. Подготовката на невестата била важен дел од древните свадбени свечености. Како што е обичај и денес, деверициите и роднините ја подготвувале невестата за свеченоста. Меѓутоа, Павле си замислува како божествениот Младоженец ја подготвува својата невеста за венчавката! Тој е оној кој ја осветува и чисти „со водно капење“ (Ефесјаните 5,26), што веројатно е алузија на крштевањето.

(4) Го изговара зборот на ветувањето. Ова капење се врши „во словото“ (Ефесјаните 5,26), што укажува на зборот на ветувањето што божествениот Младоженец ѝ го изговара на својата невеста, веројатно во контекст на обредот на веридбата (споредете со Ефесјаните 1,3-14 и Ефесјаните 2,1-10, земајќи ги предвид Божјите ветувања на верниците во времето на нивното преобратување). Веридбата во тоа време била древна верзија на денешните обичаи, со тоа што подразбирала многу посериозна низа преговори, вклучувајќи и писмен договор за цената на невестата (средства што се добивале од мажот) и мираз (имот што невестата би ги донела во бракот од нејзиното семејство).

(5) Ја подготвува и украсува невестата. Кога конечно ќе се појави пред својот Младоженец, таа е чудесно убава и се појавува во беспрекорен сјај (Ефесјаните 5,27). Христос не само што ја капе својата невеста, туку и ја опремува и ја украсува.

**Како овие стихови ни помагаат да разбереме што чувствува Христос кон нас? Зошто тоа треба да ни влее голема утеха?**

## ЦРКВАТА КАКО ХРИСТОВА НЕВЕСТА – 2 ДЕЛ

**Како Павле ги користи елементите од древната венчавка кога се обраќа до христијаните во Коринт? Во кој контекст тој зборува за тоа? (2. Коринќаните 11,1-4).**

---

Повикувајќи се на завршниот елемент од древната венчавка, во Ефесјаните 5,25-27 Павле го прикажува Христа како Оној кој: (6) *Ја предава невестата (на самиот себе!)*. Во старо време, невестата ја предавале кумот, кумовите или нејзиниот татко. Но никогаш од нејзиниот младоженец! Меѓутоа, овде Павле го замислува Исуса како ја предава црквата како невеста на самиот себе.

Павле ги користи брачните обичаи и улоги за да го истакне Христовиот однос кон Црквата со еден развоен, хронолошки образец: 1. *Веридба*. Христос се принесува себеси за црквата (како „невеста“) и на тој начин и се верил со неа (Ефесјаните 5,25). 2. *Подготовка за свадбената церемонија*. Вниманието на младоженецот продолжува со неговите напори да ја посвети и очисти невестата (Ефесјаните 5,26). 3. *Самиот обред на венчавање.* Христовото внимание во тој момент е насочено кон „претставување“ на невестата на свадбата (Ефесјаните 5,27). Овој последен елемент се однесува на величествената венчавка што ќе се случи при Неговото доаѓање, кога Христос, Младоженецот, ќе дојде да ја земе црквата како невеста и да ја претстави пред Себе (Ефесјаните 5,27; сп. 2. Коринќаните 11,1.2; Колошаните 1,21-23,28).

Древните свадби честопати започнувале со една ноќна поворка (види Матеј 25,1-13). Младоженецот и неговата придружба се собирале во неговиот дом – новиот дом на идната двојка – и ја започнувале поворката со величествена свеченост. Осветлени со факели и придружени со радосна музика и голема веселба, свадбената поворка се движела кон домот на таткото на невестата. Кога ќе ја сретне невестата во нејзиниот дом, или со нејзината лична поворка со која би ги пречекала, свадбената поворка ја придружувала двојката до нивниот нов дом, каде што би присуствувала на седумдневна гозба, која кулминирала со свадбената церемонија, кога невестата ќе биде предадена на младоженецот.

Кога го прикажува Христа како ја предава црквата сам на себе, Павле алудира на таа голема поворка и на самиот чин на предавањето. На овој начин, тој дава потресна слика за Христовото враќање како идна свадбена церемонија, кога ќе заврши долгата веридба меѓу Христа и Неговата црква и ќе се прослави венчавката.

**Каква порака треба да извлечеме за самите нас од сите овие позитивни и радосни слики, кои влеваат надеж?**

# ЉУБЕТЕ ЈА СВОЈАТА ЖЕНА КАКО СЕБЕСИ

**Кој нов аргумент го користи Павле за да ги охрабри мажите да покажуваат нежна љубов кон своите жени? Ефесјаните 5,28-30**

___

Правилата на Павле за христијанското домаќинство (Ефесјаните 5,21-6,9) откриваат проблематичен социјален контекст. Во Ефесјаните 5,28-30, Павле им се обраќа на мажите кои, според вообичаениот образец на тоа време, можеле да изберат „да го замразат сопственото тело“ (видете Ефесјаните 5,28-29) со тепање и малтретирање на своите жени. Во грчко-римскиот свет од времето на Павле, правните овластувања на „таткото на семејството“ (лат. *pater familias*) биле многу широки. Тој можел строго да казнува, па дури и да ја убие сопругата, децата и робовите, а сепак да остане во рамките на неговите законски права (иако користењето на тој вид моќ на екстремни начини, под влијание на јавното мислење, станувало сѐ поограничено).

Во Ефесјаните 5,25-27, Павле детално го опишува врвниот пример на љубовта, Христовата љубов кон црквата, нудејќи им на мажите пример драстично поинаков од вообичаениот. Сега, пред да изнесе нов аргумент, тој повторно укажува на тој голем Пример, барајќи од мажите христијани да одговорат „на ист начин“ (Ефесјаните 5,28) како Исус, кој „се предаде Себе за неа“ – за својата невеста, црквата, и кој се грижи за секоја нејзина потреба (Ефесјаните 5,25-27). Павле ги повикува мажите христијани да се одвратат од воспоставените обичаи на своето време и да се потрудат да се сообразат со Христовата нежна љубов.

Во Ефесјаните 5,28-30, Павле додава нова основа за поддршка на љубовта на христијанските мажи кон нивните жени – љубовта кон себеси. Тој го наведува фактот дека „никој никогаш не го намразил телото свое“ (барем никој што јасно размислува). Ниту еден од тие мажи не се повредува себеси ниту го тепа своето тело. Наместо тоа, тој „го храни и го стоплува“ (Ефесјаните 5,29). Во обид да ја елиминира суровоста и насилството врз жените христијанки, Павле го повикува христијанскиот маж да се поистоветува со својата жена. До тој степен си едно со жената, тврди Павле, што ако ѝ наштетувате, тоа не е ништо друго туку самоповредување, а повеќето здраворазумни луѓе со здрав разум не го прават тоа.

Враќајќи се на Исусовиот пример, Павле тврди дека сам Христос води сметка за себе, со тоа што нежно се грижи за верниците кои се дел од „неговото тело“ (Ефесјаните 5,29.30). Усогласете го начинот на кој се однесувате кон својата жена, вели Павле, со начинот на кој се однесувате кон себеси и, впрочем, со начинот на кој Христос се однесува кон вас.

**Павле им го наведува Исусовиот пример и на жените и на мажите. Што можеш да научиш од Исуса за да ги сакаш оние во твојот семеен круг?**

## БРАКОТ КАКО „ЕДНО ТЕЛО“

**Проучи го наративот за создавањето од текстот 1. Мојсеева 2,15-25. Што се случува во тој извештај пред прогласувањето дека мажот и жената се „едно тело“ (1. Мојсеева 2,24)?**

________________________________________________________________

Клучот за примена на Павловиот совет до мажите и жените се состои во тоа цитатот во 1. Мојсеева 2,24 (во Ефесјаните 5,31) да го разбереме како врв на тој совет. Додека го разгледува извештајот за создавањето во 1. Мојсеева, Павле ги зема предвид потребите на христијанските заедници и здравјето на семејните односи во нив. Во текстот 1. Мојсеева 2,24, тој гледа порака што одекнува низ времето. Според божествениот план, бракот треба да биде однос на „едно тело“, со сексуално соединување пресликано како одраз на емоционалното и духовното единство, односно емотивно и духовно единство кое му дава смисла на самиот сексуален однос.

Земете предвид дека бирајќи го стихот 1. Мојсеева 2,24, Павле ја избира одредбата за брак направена пред падот во грев, а потоа ја применува на односите меѓу христијанските мажи и жени. Меѓутоа, во нашиот изразито грешен свет, широко распространетата злоупотреба на сексуалниот однос меѓу мажот и жената открива колку длабоко е вкоренета во модерните култури идејата дека сексуалната заедница, всушност, подразбира потчинување на жената. Павле тврди дека сексуалниот однос, според 1. Мојсеева, не е однос на потчинување, туку на соединување. Тоа не симболизира ниту дозволува доминација на мажот, туку подразбира соединување на мажот и жената, до тој степен што тие стануваат „едно тело“. Затоа можеме да се повикаме и на Ефесјаните 5,21-33 и на 1. Мојсеева 2,24, за да укажеме на важна, контракултурна и корективна теологија на бракот и сексуалноста.

Во истиот контекст, Павле во следниот стих зборува дека „оваа тајна е голема“ (види Ефесјаните 5,32). Тоа ги вклучува двете страни на двојната метафора за која зборува Павле: христијанскиот брак сфатен во светлината на Христовиот однос со Неговата црква (Ефесјаните 5,32) и Христовиот однос со Неговата црква сфатен во светлината на христијанскиот брак (Ефесјаните 5,32).

Христијанскиот брак се издигнува со тоа се споредува со односот меѓу Христа и црквата. Освен тоа, набљудувајќи го односот на црквата спрема Христа низ призмата на грижлив, христијански брак, верниците стекнуваат нов, појасен увид во нивниот заеднички однос спрема Христа.

**Во која смисла Ефесјаните 5,33 служи како кратко резиме на советот на Павле во Ефесјаните 5,21-32? Ако сте во брак, како можете поцелосно да ги примените овие принципи во вашиот брак?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Елена Г. Вајт, „Одговорности во брачниот живот“, Сведоштва за црквата, книга 7, стр. 45-50 оригинал и „Заемни обврски“, Темели на среќниот дом, стр. 114–120 оригинал.

Елена Г. Вајт постојано ги охрабрува сопружниците да се воздржуваат од обидот да се контролираат еден со друг: „Не обидувајте се да го натерате вашиот брачен другар да се покорува на вашите желби. Не можете да го правите тоа а да ја сочувате меѓусебната љубов. Бидете љубезни, трпеливи и воздржани, полни со обѕир и учтиви“ (*Темели на среќниот дом*, стр. 118 (оригинал).

Таа директно го коментира толкувањето и примената на текстот Колошаните 3,18 (и Ефесјаните 5,22-24): „Често се поставува прашањето: ’Зар жените не треба да имаат сопствена волја?‘ Библијата јасно ни кажува дека мажот е глава на семејството. 'Жени, покорувајте им се на мажите свои' (Ефесјаните 5,22). Кога овој налог вака би завршил, би можеле да кажеме дека положбата на жената не е на завидно ниво... Мнозина мажи застануваат на следниве зборови: 'Жени, покорувајте им се...', но ние ќе го прочитаме налогот до крај, а тој гласи: 'како на Господа'. Бог очекува жените постојано да го имаат пред себе Божјиот страв и Неговата слава. Жената може да му биде целосно покорна само на Господа Исуса Христа, кој ја откупил како свое Дете по бескрајна цена, по цена на својот живот... Постои Еден кој е поголем од нејзиниот маж – тоа е нејзиниот Откупител, а таа треба да биде покорна на својот маж така како што одредил Бог – 'како на Господа'“ (*Темели на среќниот дом,* стр. 115, 116 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Замислете да сретнете некој кој тврди дека Ефесјаните 5,21-33 е застарен текст, кој повеќе не одговара на христијанските односи, бидејќи наметнува модел на брак сосредоточен на авторитетот и доминацијата на мажот. Како би одговориле? На кои елементи од самиот текст би го засновале својот одговор?**

**2. Како советот на Павле во Ефесјаните 5,21-33 може да им помогне на оние кои се наоѓаат во проблематични и тешки брачни односи?**

**3. Некои христијани тврдат дека извештајот за создавањето во 1. Мојсеева 1 и 2 е всушност само метафора, и дека не се ни приближува до она што навистина се случило, а тоа е одвивање на процесот на еволуција во текот на повеќе милијарди години. Што ни кажува употребата на Павле на тој извештај за тоа колку буквално го сфатил?**

**4. Нурнете подлабоко во темата „едно тело“. Како ова ни помага подобро да ја разбереме светоста на бракот и на причините зошто брачните парови мора да сторат сè што е во нивна моќ за да ја заштитат таа светост?**

**Лекција 11**
**2-8 септември 2023**

# ПОКАЖУВАЊЕ ВРВНА ПРЕДАНОСТ НА ХРИСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 6,1-9; Марко 10,13-16; Колошаните 3,21; 1. Петрово 2,18-25; 2. Коринќаните 5,10; Колошаните 3,24.25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А вие, господари, постапувајте исто така со нив (вашите слуги), без закани, знаејќи дека нивниот и вашиот Господар е на небесата! И дека Тој не гледа кој е кој!“ (Ефесјаните 6,9).**

Во 2018 година еден експонат во Музејот на Библијата во Вашингтон привлече големо внимание. Тоа беше скратена Библија, осмислена со цел да поучува за основите на верата, но од неа ги избришале сите текстови што би можеле да поттикнат бунт на робовите. Објавена е во 1808 година, но само неколку пасуси овде-онде не биле отстранети од неа. Во неа недостигале деведесет проценти од Стариот завет и педесет проценти од Новиот. Од 1189 глави на Библијата, останале само 232.

Текстовите за кои се сметало дека ја поддржуваат институцијата ропство, особено во отсуство на толку голем дел од библискиот наратив за „радосната вест“, останале целосно недопрени, вклучително и оние кои често се злоупотребуваат, како на пример: „Вие, слуги, бидете послушни кон вашите земни господари со страв и трепет, во простота на срцето, како кон Христос“ (Ефесјаните 6,5).

Денес, во нашево време и култура, важно е пораката на стиховите Ефесјаните 6,1-9 да се чита во контекст на комплетната приказна за спасението, онака како што е откриена во целата Библијата. Што можеме да научиме посматрајќи како Павле ги применува вредностите на Евангелието на погрешните општествени обрасци во негово време?

## СОВЕТИ ЗА ДЕЦАТА

**Каков совет им дава Павле на децата и како тој совет го поткрепува со текстови од Стариот завет? Ефесјаните 6,1-3. (Видете и Матеј 18,1-5.10; Марко 10,13-16)**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

За правилно да го оцениме советот на Павле упатен до децата, мораме да го имаме на ум тоа што тој се читал во куќните цркви на една напредна метропола каков што бил Ефес. Зборот „деца“ (грчки, *ta tekna*) може да се однесува на широк опсег на возрасти, бидејќи децата останувале под власта на својот татко до 60-тата година на таткото (во грчката традиција) или до неговата смрт (во римската). Меѓутоа, овие деца биле доволно млади за да бидат под родителска обука (Ефесјаните 6,4), но и доволно возрасни за и самите да бидат Христови ученици.

Можеме да го слушнеме Павле како апелира до децата кои присуствувале на христијанските богослужби да ги слушаат и да ги почитуваат своите родители „во Господа“, односно во Христа (сп. Ефесјаните 5,22; Ефесјаните 6,4.5.7-9). И ние тука сме повикани да ги почитуваме децата како Христови ученици и да ги вклучиме во богослужението како активни учесници. Затоа овој текст е од суштинско значење за родителството и за службата за децата.

Меѓутоа, заповедта на Павле да се слушаат родителите не е апсолутна. Затоа што, кога заповедите на родителите „се спротивни на Христовите барања, тогаш, колку и да е болно, тие (децата) мора да го послушаат Бога, а последиците да му ги препуштат Нему“ (Елена Г. Вајт, *Темели на среќниот дом,* стр. 293 оригинал).

Својот совет до децата Павле го завршува цитирајќи ја петтата заповед, која сведочи за големата вредност што тој му ја придавал на законот, на Десетте заповеди, како извор на упатства за христијанските верници (ова е очигледно обележје на текстот Ефесјаните 4,1- 6,9, а особено на Ефесјаните 4,25.28 и Ефесјаните 5,3-14). Тој го започнува цитатот („Почитувај ги таткото и мајка си“, Ефесјаните 6,2), потоа го вметнува својот коментар („ова е прва заповед со ветување“, Ефесјаните 6,2), а потоа го довршува цитатот („за да ти биде добро, и да живееш долго на земјата“, Ефесјаните 6,3). Петтата заповед сведочи дека почитувањето на родителите е дел од Божјиот план за напредување на луѓето како Божји созданија. Почитувањето на родителите, колку и да се несовршени, придонесува за негување на здравјето и благосостојбата.

**Како овие стихови ни потврдуваат колку се важни семејните односи?**

## СОВЕТИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

**Споредете ги Ефесјаните 6,4 и Колошаните 3,21. Која причина е дадена во Колошаните 3,21 за тоа зошто не треба да ги раздразнувате вашите деца?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Сирах, еврејски документ што бил достапен во времето на Павле, ги советува татковците како да постапуваат со своите синови: „Кој го сака својот син, често ќе го камшикува... Разгалете го детето и тоа ќе ве малтретира, играјте со него и тоа ќе ве растажи ... Дисциплинирајте го својот син и отежнете му го јаремот, за да не се срамите од неговата бесрамност“ (Сирах 30,1.9.13).

Меѓутоа, советот на Павле има сосема поинаков тон. Тој прво им дава на татковците негативна заповед: „Не дразнете ги своите деца“, а потоа позитивна заповед: „туку подигнувајте ги во воспитанието и науката на Господ“ (Ефесјаните 6,4). Во времето на Павле, татковците имале целосна законска власт над своите деца, кои се сметале за нивна сопственост. Татковците имале право да ги казнуваат насилно, дури и да го убијат своето дете. Навистина, во некои погледи моќта на таткото над сопствените деца ја надминувала моќта на господарот над своите робови. Павле не ја поддржува таквата моќ, но смело ги разјаснува и преобликува семејните односи. Во контекст на врвната преданост на Христа, Павле ги повикува христијанските татковци да ја преиспитаат својата употреба на моќта, бидејќи децата кои се раздразнети од гнев нема да бидат во добра позиција да го прифатат „воспитанието и науката на Господ“ (Ефесјаните 6,4).

„Татковци и мајки, вие треба да го претставувате Божјиот карактер во вашиот дом. Треба да барате послушност, но не со насилни зборови, туку на љубезен начин полн со љубов... Бидете пријатни во домот. Задржете го секој збор што може да поттикне несвет темперамент. Божествениот налог гласи: 'Татковци! Не дразнете ги вашите деца“... Божјата реч не дава дозвола за родителска грубост, угнетување или непослушност на децата. Божјиот закон, без разлика дали се работи за семејниот живот или за управување со нациите, се излева од срцето на бесконечна љубов“ (Елена Г. Вајт, Child Guidance, стр. 259).

**Иако во нашата лекција овде се занимававме со темата за родителите и децата, кои принципи можеме да ги преземеме од овие текстови, а кои треба да влијаат на нашето постапување кон сите луѓе?**

## РОПСТВОТО ВО СВЕТОТО ПИСМО И ИСТОРИЈАТА

**Прочитајте ги советите за робовите и робовладетелите во следните текстови: Ефесјаните 6,5-9; Колошаните 3,22-4,1; 1. Коринќаните 7,20-24; 1. Тимотеј 6,1,2; 1. Петрово 2,18-25. Како би ги резимирале тие совети?**

---

Со восхит го слушаме Павле како им се обраќа на христијанските робовладетели и можеме да ги замислиме христијанските робови и нивните христијански господари како седат заедно во куќните цркви во Ефес. Меѓутоа, ропството во грчко-римскиот свет значително се разликувало од неговата подоцнежна верзија во Новиот свет. Како прво, тоа не било ограничено на една етничка група. Освен тоа, на урбаните домашни робови понекогаш им се нудела можност за образование, и тие можеле да работат како архитекти, лекари и филозофи. Овие домашни робови можеле да ја добијат својата слобода по одреден период на служба, иако повеќето од нив никогаш не успеале во тоа. Во обид да ги препознаат таквите разлики, многубројни неодамнешни преводи на Бибијата го толкуваат грчкиот термин *doulos* („роб“) во Ефесјаните 6,5-8 како „слуга“.

Меѓутоа, тие услови биле застапени доста нееднакво, па робовите во руралните средини редовно биле ангажирани на најтешките работи. Но, каде и да служеле, робовите биле изложени на речиси неограничената моќ и авторитет на нивните господари, кои ги поседувале и нив и нивните сопружници и деца. Зборовите на поранешниот роб Публилиј Сириецот звучат особено потресно: „Убаво е да се умре наместо да бидеш деградиран како роб.“ Имајќи ги предвид сите овие реалности, на преводот на зборот doulos како „роб“ треба да се даде предност, особено од причина што овие робови живееле под директна закана од нивните господари (Ефесјаните 6,9).

Ропството било трајно присутна реалност во светот на Павле. Но тој зборува за тоа, не како некој реформатор на општеството, туку како пастир кој ги советува верниците како да се справат со сегашната реалност и да стекнат нова визија сосредоточена на преобразбата на секој поединечен верник, што подоцна би можело да има пошироки последици за општеството како целина: „Неговата визија не се однесувала на *ослободување на робовите во Римското царство.* Неговиот став подразбирал *нешто друго наместо легално ослободување,* а тоа е *новосоздаденото заедништво засновано на братско-сестрински односи, создадено врз основа на нивното усвојување како Божји деца...* За Павле, општествената револуција требало да се одигра во црквата, во Христовото тело, на локално ниво, во христијанската куќна црква и домаќинството“ (Скот Мекнајт, Писмото до Филемон, Гранд Рапидс, МИ: Издавачка компанија Ердманс, 2017; стр. 10, 11).

**Една од најголемите дамки во христијанската историја е начинот на кој некои луѓе ги користеле библиските стихови за ропството за да ја оправдаат таа практика. Која застрашувачка порака ја наоѓаме во тоа, а ни открива колку внимателно треба да постапуваме со Божјата реч?**

# ХРИСТОВИ СЛУГИ

**Што бара Павле од христијанските робови во деталните упатства што им ги дава? Ефесјаните 6,5-8**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Павле бара од робовите христијани да ги слушаат своите господари и да им служат верно и вредно. Она што е особено забележливо, а што неколкупати го споменува, е големата замена што ја бара од нив. Тие не смеат да го стават својот овоземен господар на Христово место, покажувајќи ја кон него преданоста што му припаѓа само на Христос. Наместо тоа, во нивната посветеност и преданост што ги поттикнува на сесрдна, лојална служба, тие треба да го постават Христа, Господа, на местото на нивниот земен господар. Охрабрувајќи ја таквата суштинска замена, Павле нуди сосема поинакво, христијанско разбирање на односот господар-роб.

Забележете ги начините на кои Павле ги поттикнува да ја направат таа замена:

* Павле ги сведува нивните сегашни господари на „господари по тело“, укажувајќи на вистинскиот небесен Учител (Ефесјаните 6,5).
* Тие треба да служат „со страв и трепет, во простота на своето срце, како Христа“ (Ефесјаните 6,5).
* Павле најјасно ја истакнува оваа замена кога тврди дека христијанските робови треба да служат верно, како такви кои не се робови на своите господари, туку „Христови слуги“ (Ефесјаните 6,6).
* При извршувањето на својата служба, тие треба да ја творат „волјата Божја од срце“, при што нивната работа треба да биде посветена на Бога (Ефесјаните 6,6).
* Павле ги повикува да бидат позитивно мотивирани во својата работа, служејќи „како да Му служите на Господ, а не на луѓе“ (Ефесјаните 6,7).

За нивната сесрдна служба, христијанските робови можеле да очекуваат целосна награда од Христа при Неговото враќање. Тие ја вршеле својата работа за Него и можеле да очекуваат награда од Него, што било особено привлечна идеја за робовите кои инаку бе биле платени. Робот можел да се чувствува како неговиот земен господар да не го цени, но и уште полошо од тоа (сп. 1. Петрово 2:19,20). Меѓутоа, робот-верник има Господар кој е внимателен, кој го забележува сето „добро, што го направил“ (Ефесјаните 6,8) и му нуди сигурна награда.

**Колку и да сакаме Библијата отворено да ја осудува оваа ужасна практика, таа тоа не го прави. Кои принципи сè уште можеме да ги извлечеме од зборовите на Павле во овој контекст, за тоа како да се поврземе со луѓето со кои работиме денес во наш контекст?**

## КОГА ГОСПОДАРИТЕ СТАНУВААТ РОБОВИ

Павле ја завршува својата порака до робовите со изразот: „секој, па било тоа роб или слободен“ (Ефесјаните 6,8). Тој овде го користи зборот „слободен“, мислејќи всушност на робовладетелите, што му овозможува да продолжи кон советите што ги има за нив, додека замислува како робовите и нивните господари стојат рамноправни еднакви пред Христа на судот (сп. 2 Коринќаните 5,10; Колошаните 3,24.25).

**Под претпоставка дека сте христијански сопственик на робови кој го слуша посланието до Ефесјаните како се чита во неговата куќна црква, како би реагирале на следниов совет, даден во присуство на вашите робови? Ефесјаните 6,9**

_______________________________________________________________________________

Обраќајќи им се на господарите, робовладетелите, Павле им упатува сериозна опомена, укажувајќи на остриот контраст меѓу „господарите“ (грчки *hoi kurioi*, преведен како „господари“), кои имале обичај да им се „заканувaат“ на своите робови, и на небесниот „Господар“ (*ho kurios*), Христос, кој „не гледа кој е кој“.

Во врска со ова, Павле бара од господарите да се однесуваат кон своите робови на ист начин, што било прилично шокантно за робовладетелите од првиот век. Господарите треба да им возвратат на своите робови со дела на добра волја, водени од нивната верност кон Христа, што би било во согласност со она што Павле штотуку го побарал од робовите (Ефесјаните 6,5-8). Тој им кажува да престанат да им се заканувaат на своите робови, што била вообичаена практика во времето кога господарите применувале широк дијапазон на казни, вклучувајќи претепување (1. Петрово 2,20), сексуална злоупотреба, продавање (и одвојување од најблиските), исцрпувачка работа, глад, синџири, жигосување, па дури и смрт.

Павле ги поддржува овие негови заповеди користејќи два мотива кои ги повикуваат сопствениците на робови да гледаат подалеку од општествените обрасци на грчко-римскиот свет: 1. И тие и нивните наводни робови се заедно робови на ист Господар („знаејќи дека и над вас самите и над нив има на небесата Господа“), сп. Колошаните 4,1); 2. Небесниот Господар на сите им суди без пристрасност. А бидејќи нивниот Господар се однесува кон овие наводни робови исто како и кон сите други, и тие треба да го прават истото (сп. Филимон 1,15.16).

Многу изрази што Павле ги користи во посланието до Ефесјаните биле особено охрабрителни за христијанските робови: посвоени се како синови (Ефесјаните 1,5); откупени се и избавени (Ефесјаните 1,7); ќе примат наследство (Ефесјаните 1,11.14; Ефесјаните 36); тие се устоличени со Исуса (Ефесјаните 2,6); станале „домашни на Бога“, членови на Божјото домаќинство (Ефесјаните 2,19; сп. 3, 14.15) и составни делови на Христовото тело (види Ефесјаните 3,6, Ефесјаните 4,1-16). Сите други учења претходно изнесени во ова послание, текстот Ефесјаните 6,5-9 се применува на односите меѓу робовите и робовладетелите, вклучувајќи ги советите за начинот на изразување (Ефесјаните 4,25-32) и сексуалната етика (Ефесјаните 5,1-14).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Почитувањето што го покажува Павле кон децата како рамноправни верници (Ефесјаните 6,1-3) ја зајакнува нашата загриженост поради начинот на кој се постапува со децата во денешниот свет. Неговите зборови упатени до татковците (Ефесјаните 6,4) нè повикуваат да размислуваме за родителските одговорности. Применувањето на советите на Павле до робовите (Ефесјаните 6,5-8), а особено оние упатени до сопствениците на робови (Ефесјаните 6,9), претставува уште поголем предизвик, имајќи предвид дека таквата социјална средина е сосема туѓа за многумина од нас, бидејќи знаеме дека ропството, во кој било облик, е едно од најголемите морални зла. Сепак, бидејќи овие зборови се вдахновени и се дел од Светото писмо, треба да размислиме како да ги примениме денес. Како и верниците во Ефес во првиот век, ние ја имаме привилегијата и одговорноста да ги применуваме вредностите на Евангелието во нашите меѓусебни односи. Прашањата за дискусија подолу се осмислени со цел да нè поттикнат да го оствариме тоа важно дело.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што значи за адвентистите тоа што љубовта кон децата се препознава како доказ дека се за „Господа народ подготвен“? Лука 1,17 (цитиран стих Малахија 4,6).**
2. **Очигледната почит на Павле кон децата нè наведува да си поставиме едно осетливо прашање: Која е нашата одговорност во тоа Христовата грижа да ја прошириме на децата кои доживеале насилство, сексуална злоупотреба и понижување во рана животна доба? Имајќи ги предвид истражувањата за длабокото влијание на негативните искуства од детството (види http://www.cdc.gov/violenceprevention/), која е нашата одговорност кон нив?**
3. **Надоврзувајќи се на Павловото изразување почит кон децата и Исусовата грижа за нив, какви одговорности има црквата во негувањето и заштитата на децата што ѝ се доверени да се грижи за нив? Кои системи и процедури би требало да постојат за да се спроведе ова во дело?**
4. **Павловите совети до робовите и сопствениците на робови во текстот Ефесјаните 6,5-9 често се применуваат на односите меѓу вработените и работодавците. Во која смисла тоа би можело да биде соодветно? Какви опасности притоа се јавуваат?**
5. **Ропството останува болна реалност во нашиот свет, со повеќе од 40 милиони луѓе кои се наоѓаат во таа положба (според „Глобалниот индекс на ропство“, http://www.globalslaveryindex.org/). Како слободни луѓе, чии духовни предци цврсто се застапувале за укинување на ропството, какви одговорности имаме кон тие поробени Божји синови и ќерки додека пееме за Христа: „Тој ќе ги симне оковите, зашто робот е наш брат, а во Негово Име секое угнетување ќе престане“ (стихови од песната „О света ноќ“)**

**Лекција 12**
**9-15 септември 2023**

# ПОВИК ДА СТОИМЕ ЦВРСТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 6,10-20; 5. Мојсеева 20,2-4; Римјаните 13,11-14; 1. Солуњаните 5,6-8; 1. Коринќаните 15,23.24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Браќа, засилувајте се во Господ и во силата на Неговата моќ! Облечете се во сето оружје Божјо за да се одржите против ѓаволското лукавство“ (Ефесјаните 6,10.11).**

Со замаглени очи слугата се тетеравел додека излегувал од своето преноќиште и видел вознемирувачка глетка – голема, добро опремена и непријателска војска која го опкружува градот со многу коњи и коли. Обраќајќи му се на пророкот Елисеј, тој успеал со пелтечење да му ја пренесе веста и загрижено прашал: „Ах, господару мој, што ќе правиме сега?“

Пророкот одговорил: „Не бој се, зашто ги има повеќе со нас, отколку со нив.“ Меѓутоа, овој одговор не предизвикал никаква промена во изразот на лицето на неговиот слуга. Затоа Елисеј, привлекувајќи го поблиску до себе, се помолил за него: „Господи, отвори му ги очите да види!“ Молитвата на пророкот веднаш бил услишена. Слугата повторно зачекорил на бедемот, но овој пат превезот помеѓу видливиот и невидливиот свет бил подигнат. Сега видел не една војска, туку две. „И Господ му ги отвори очите на прислужникот, и тој ја виде целата гора полна со коњи и огнени коли околу Елисеј“ (2. Царевите 6,15-17).

Составувајќи го текстот Ефесјаните 6,10-20, Павле се моли визијата на верниците да им се разбистри, за да можат да ја согледаат реалноста на големата борба и да црпат надеж од она што таа им го открива.

## БОРБЕН ГОВОР

**Проучете го јасниот заклучок на Павле на ова послание – Ефесјаните 6,10-20. Што значи борбениот извик на Павле за нас денес, како учесници во големата борба?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Павле го завршува посланието до Ефесјаните со повик за борба, повикувајќи ги верниците да заземат свој став во војната на црквата против злото (Ефесјаните 6,10-20). Тој започнува со еден сеопфатен совет: „засилувајте се во Господа“ (Ефесјаните 6,10), кој го повторува како повик да се облечеме „во сето оружје Божјо“ (Ефесјаните 6,11). Потоа го потврдува тој повик со тоа што ја прецизицира неговата цел („за да се одржите против ѓаволското лукавство“, Ефесјаните 6,11) и нудејќи образложение – битката се води против моќните духовни сили на злото (Ефесјаните 6,12). После тоа, Павле, на детален начин, повторно упатува повик на оружје. Верниците треба да го земат „сето оружје Божјо“ за да се одржат во борбата (Ефесјаните 6,13), да носат појас, оклоп, обувки, штит, шлем и меч (Ефесјаните 6,14-17). А тогаш тие верници, сега целосно вооружени и подготвени да влезат во битка, Павле ги повикува да го направат она што веројатно би го направиле војниците на древно бојно поле – а тоа е да се молат (Ефесјаните 6,18-20).

По примерот на повиците за бој и обраќањата непосредно пред битките во Стариот завет, Павле зборува за мисијата на црквата користејќи воени изрази. Павле го најавува ова во својата прва, сеопфатна заповед: „Засилувајте се во Господа и во силата на Неговата моќ“ (Ефесјаните 6,10).

Повици за борба во Стариот завет (видете, на пример, 5. Мојсеева 20,2-4; Судии 7,15-18; 2. Летописи 20,13-20; 2. Летописи 32,6-8; Неемија 4,14-19-20) ја подвлекуваат идејата дека успехот на Израел во таа борба не зависел од супериорноста на оружјето или од бројната надмоќ на војската над непријателот. Наместо тоа, победата била резултат на потпирањето на Божјото присуство и на Неговата сила. Клучот за успехот не бил надевањето во себеси, туку цврстата доверба во Божјата сила и вера дека Тој ќе им обезбеди победа. Павле смело ги користи овие теми за да ги поттикне верниците да бидат: (1) активни во извршувањето на мисијата на црквата; (2) внимателни кон скриените фактори кои влијаат на нивниот живот и сведочење; (3) потпрени на божествената помош за да постигнат успех; и (4) секогаш свесни за важноста на единството и соработката меѓу нив.

**Врз основа на предупредувањето на Павле дека ние не се бориме против крв и месо, туку против натприроден непријател, што можеме да научиме за тоа во што се состои нашата единствена надеж за победа?**

# НАОЃАЊЕ СИЛА ВО ХРИСТА

Павле го завршува своето послание со силен повик за борба, кој ги поврзува и останатите теми и идеи важни за ова послание како целина. Тој започнува со објава на севкупната тема на тој заклучок, изразен со тон на борбен восклик и манир на некој воен командант: „Браќа, засилувајте се во Господ и во силата на Неговата моќ“ (Ефесјаните 6,10). Остатокот од тој пасус, Ефесјаните 6,11-20, ја илустрира и понатаму ја развива таа голема тема.

**Прочитајте го повторно текстот Ефесјаните 6,10-20. Во која смисла ја гледате реалноста на големата борба, која буквално вклучува дејствување на натприродни сили, како главен елемент на поракprogramа на Павле? Зошто е важно секогаш да ја имаме на ум оваа клучна вистина во нашето секојдневно одење со Бога?**

____________________________________________________________

Со изразот „во Господа и во силата на неговата сила“ Павле го препознава Христа како Извор на силата за верниците (Ефесјаните 6,10), бидејќи зборот „Господ“ се однесува на Христа, кој постојано се повторува низ Посланието до Ефесјаните (Ефесјаните 2,21; Ефесјаните 4,1.17; Ефесјаните 5,8; Ефесјаните 6,1.21). „Силата на Црквата лежи во семоќта на нејзиниот воскреснат Господ, Војводата на нејзиното војување“ (G. G. Findlay, The Epistle to the Ephesians, New York: Rey Long & Richard R. Smith, 1931, стр. 398).

Во стихот Ефесјаните 6,10, Павле се служи со повторување, користејќи ги синонимите сила и јачина за да ја подвлече својата мисла: моќта што црквата треба да ја покажува, не е својствена за верниците, туку таа е изведена. Таа потекнува од Господа – од Христа. Овде, Павле ја сумира важната тема на посланието – Бог ја дели својата сила со верниците (Ефесјаните 1,19-22; Ефесјаните 2,4-6; Ефесјаните 3,16-17). Силата за секој наш сегашен и иден судир се наоѓа во солидарноста на верниците со воскреснатиот и прославен Христос.

И иако воведниот повик го најавува Христа како Оној кој активно учествува во обезбедувањето сила на верниците (Ефесјаните 6,10), всушност сите три лица на Божеството се ангажирани во обидот да ги зајакнат за духовна борба против злото. Бог (Отецот) им го става на располагање своето сопствено оружје означено како „сето оружје Божјо“ (Ефесјаните 6,11.13; сп. Исаија 59,17). Претходно во Посланието, Павле го препознава Духот како активен учесник во јакнењето на верниците, молејќи се на Бога да им го подари Духот, како што вели: „Да се утврдите преку Неговиот Дух во внатрешниот човек“ (Ефесјаните 3,16). Овде Духот е тој што го дава мечот – „духовниот меч, кој е словото Божјо“ (Ефесјаните 6,17). Исто така и верниците треба да се молат на Бога „во секоја пригода... во духот“ (Ефесјаните 6,18). Павле сака неговите слушатели да разберат дека триединствениот Бог е целосно ангажиран да ги опреми да се борат против тие сили на злото.

# ГОЛЕМАТА БОРБА ВО ПОСЛАНИЈАТА НА ПАВЛЕ

**Прочитајте Римјаните 13,11-14, 1. Солуњаните 5,6-8 и 2. Коринќаните 10,3-6. Каква врска постои помеѓу овие стихови и текстот Ефесјаните 6,10-20? Што мислите, зошто Павле користи таков вид на слики?**

Во своите посланија, Павле често користи воени изрази и слики, повикувајќи ги верниците да се угледаат на примерно војничко однесување. Иако текстот од Ефесјаните 6,10-20 го претставува најдолгиот и најсеопфатниот пример за неговата употреба на воен речник, се покажало како еден од главните начини на кои тој го разбира евангелскиот наратив. Откако ги победил „началствата и властите" на крстот (Колошаните 2,15), прославениот Христос сега ги спроведува резултатите од таа победа од неговата возвишена положба како Господар над војските (Филипјаните 2,9-11).

Регрутирајќи ги своите следбеници како борци во вселенската војна, Христос ги предводи војските на светлината кон големиот ден на победата (1. Коринќаните 15,54-58; 2. Солуњаните 2,8; Римјаните 16,20). Кога ќе ја согледаме Павловата употреба на воената симболика, гледаме дека тој го разбира судирот меѓу доброто и злото како „долготрајна вселенска војна: битките, како плимата и осеката, се водат меѓу две војски, кои се соочуваат една со друга низ вековите, сè додека едната од нив не ја извојува победата во вселенскиот судир" (Peter W. Macky, St. Paul's Cosmic War Myth: A Military Version of the Gospel (New York: Peter Lang Publishing, Inc., 1998), p. 1).

Вселенската војна, како тема за која Павле често зборува, е дел од нишката и посланието до Ефесјаните. Во својот повик за наоружување (Ефесјаните 6,10-20), Павле ги спојува елементите на вселенскиот судир што веќе ги користел: Божјото јакнење на верниците со изобилството на „Неговата сила" (Ефесјаните 1,18-20; Ефесјаните 3,16-20); Христовата победа и поставување „повисоко од секое началство, власт, сила и господство" (Ефесјаните 1,20-23); верниците како воскресната војска од некогаш мртви луѓе, но сега зајакнати со нивното поистоветување со прославениот Христос и способни да се борат против својот некогашен, мрачен господар (Ефесјаните 2,1-10); улогата на црквата во најавувањето на силите на темнината за нивната претстојна пропаст (Ефесјаните 3,10); употребата на Псалм 68,18 за да се прикаже Христос како победоносен, божествен Воин (Ефесјаните 4,7-11); и повикот до верниците да се „облечат" во евангелска облека (видете Ефесјаните 4,20-24). Бидејќи сме повикани да го облечеме „сето оружје Божјо", добро сме подготвени да ја разбереме централната улога на вселенскиот судир, но во исто време треба цврсто да се држиме за нашето убедување дека ќе имаме удел во конечната Христова победа.

**На кои сè начини вие лично сте ја искусиле реалноста не само на вселенскиот судир, туку и на победата на која полагаме право во Исуса? Зошто разбирањето на Неговата победа во наша полза има толку темелна важност за нашата надеж и искуство?**

## СТОЕЊЕ НА ДРЕВНОТО БОЈНО ПОЛЕ

**Прочитајте го текстот Ефесјаните 6,10-20, обрнувајќи внимание на тоа колку пати Павле користи некој облик на глаголот „стои“, т.е. „одржува“. Зошто оваа идеја му е толку важна?**

__________________________________________________________________________

Павловата војничка метафора мора да ја разбереме во контекст на древното бојно поле. Што значело во оваа смисла да се „стои“ (Ефесјаните 6,11.13.14)? Дали тој глагол сугерира само одбранбен став? Борбените говори содржани во списите на Тукидид, еден од големите класични автори на воената литература, нагласуваат три последователни дејства што треба да ги преземе една страна за да победи: (1) војниците мора „да му се приближат на непријателот“, што значи дека тие мора да му маршираат во пресрет; (2) потоа, тие мора да го нападнат и да „стојат цврсто“, односно „да се одржат на својата положба“, борејќи се со непријателот гради в гради; (3) и конечно, тие мора да го „потиснат непријателот“ (видете Тукидид, Пелопонеска војна, 4.10.1-5).

Клучниот момент во тие древни битки се случувал и за време на второто од тие три дејства, кога двете спротивставени фаланги би се судриле во нешто што би можело да се опише како „страшна какафонија од судир на бронза, дрво и месо“, што античкиот писател Ксенофон го нарекува „страшен тресок“ (Victor Davis Hanson, The Western Way of War, New York: Oxford University Press, 1989, pp. 152, 153). Да се стои цврсто, да се одржи во тој стратешки момент, претставувало голем предизвик за време на древните битки. Во борбата од непосредна близна која би следувала, секоја страна се обидувала да го постигне потребниот замав за да го „потисне непријателот“.

Повикот на Павле на оружје се однесува на таков вид борба во која војниците „се борат во толпи, задавајќи ѝ примајќи стотици удари од непосредна близина“ (Victor Davis Hanson, The Western Way of War, стр. 152). Тој го потврдува ова на тој начин што ја прикажува борбата на црквата против нејзините непријатели како натпревар во борење (Ефесјаните 6,12; видете ја поуката од четврток), и го употребува нагласениот облик на глаголот „стои“ (да се опстане, да се одржи) во стихот 13: „За да можете да се браните во лош ден, та, откако ќе победите, *да се одржите*“.

Тоа не е опуштен став! Според тоа, да се „стои“ значи да се биде енергично вклучен во битка, користејќи го секое оружје во борба од близок тип, што е очигледно врз основа на „војничката слика“ од Павловото претходно обраќање, кога тој ја изразува надежта дека ќе ги затекне како стојат „во еден дух, борејќи се еднодушно за верата на Евангелието“ (Филипјаните 1,27).

**Прочитајте Евреите 12,4. Како тој стих ни помага да резимираме што значи да се стои во Господа? Во што се огледува корпоративната природа на тој став?**

## БОРЕЊЕ СО ЗЛИТЕ СИЛИ

**Што мислите, каква цел имал на ум Павле додека ги набројувал различните имиња за злите духовни сили прикажани во следните стихови: Ефесјаните 1,21, Ефесјаните 3,10 и Ефесјаните 6,10-20?**

___

Павле ја опишува „нашата војна“ (Ефесјаните 6,12), користејќи го грчкиот збор за натпревар во борење (*palē*). Со оглед на тоа што борењето се сметало за одлична подготовка за битка, тоа е соодветен опис на борбата гради в гради до која доаѓа кога војските се судираат директно. Павле на тој начин ја нагласува реалноста на блиската борба на верниците против злите сили.

Еве некои од имињата што им ги дава тој:

| Ефесјаните 1,21 | Ефесјаните 3,10 | Ефесјаните 6,12 |
|---|---|---|
| секое началство (или секое поглаварство) | началствата | началствата |
| (секоја) власт | властите | властите |
| (секоја) сила | | световните управители на темнината од овој век |
| (секое) господоство | | духовните сили на злото во небесните места |
| секое име со кое се именуваат | | |

Користејќи ги овие општи изрази („од секое име со кое се именуваат“, Ефесјаните 1,21; „духовните сили на злото во небесните места“, Ефесјаните 6,12), Павле потврдува дека сите овие зли и натприродни сили се потчинети на Христа (Ефесјаните 1,21). Сепак, никогаш не е добра стратегија во која било борба да се потцени силата на противничката страна. Павле нè предупредува дека не се соочуваме само со човечки непријатели, туку и со „духови на злото под небото“ (Ефесјаните 6,12), предводени од лукавиот генерал, ѓаволот (Ефесјаните 6,11). Меѓутоа, иако мораме да внимаваме поради нашите моќни непријатели, не треба да се плашиме. Бог е со нас во таа борба (Ефесјаните 6,10) и ни го обезбедил најдоброто оружје, „сето оружје Божјо“ (Ефесјаните 6,11; сп. Исаија 59,15-17). Тој ни ги става на располагање својата вистина, правда, мир, вера, спасение и Светиот Дух (Ефесјаните 6,13-17). Имајќи предвид дека Бог оди пред нас и дека сме покриени од глава до пети со оклопот што ни го дал, не можеме да пропаднеме (Римјаните 16,20; 1. Коринќаните 15,23.24; 2. Солуњаните 2,8).

**Што треба да нè научи укажувањето на реалноста на тие натприродни зли сили – против кои самите ние сме целосно беспомошни – кога станува збор за тоа зошто мораме да се држиме цврсто за Господа Исуса, кој не само што е помоќен од тие сили, туку и веќе ги победил?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Нашето дејствување е офанзивно и ние, како верни Исусови војници, мораме да носиме крвав барјак влегувајќи во самите упоришта на непријателот. 'Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места.' Но, ако се согласиме да го положиме оружјето, да го спуштиме знамето обоено со крв, да станеме заробеници и слуги на сатаната, тогаш можеме да бидеме поштедени од судирите и страдањата. Меѓутоа, тој мир можеме да го стекнеме само по цена да го изгубиме Христа и небото. Не можеме да прифатиме мир под такви услови. Нека има војна, војна, до крајот на земната историја, а не мир преку отпадништво и грев!" (Ellen G. White, The Review and Herald, May 8, 1888).

Како е поврзан текстот од Ефесјаните 6,10-20 со книгата Откровение? Тој го прикажува истото основно видување на настаните од последното време, истата есхатологија, како и мотивот на битката од книгата Откровение (види: Откровение 12; Откровение 16,12-16; Откровение 19,17-21 Откровение 20,7-10). Во двата случаи, Божјиот народ е нападнат од непријател кој е „на небесата" и е „активен и моќен во сегашниот еон" (или време). Во двата случаи, Божјиот народ е охрабрен од „сликата на идниот еон". Понатаму, „и двете сценарија јасно укажуваат на конечна битка кога непријателот ќе биде целосно поразен, по што засекогаш ќе биде воспоставен нов еон", нова доба во која „конечната славна состојба на Божјиот народ" и „вечното уништување на непријателот" ќе бидат очигледни (Видете: Yordan Kalev Zhekov, Eschatology of Ephesians /Osijek, Croatia: Evangelical Theological Seminary, 2005/, pp. 217, 233–235)

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кога најјасно сте се соочиле со силите на темнината? Кои стратегии ви биле најкорисни во тоа време?**
2. **Врз основа на текстот од Ефесјаните 6,10-20, како би му сведочеле на некој што делува особено измачено од страна на „духовните сили на злото" (Ефесјаните 6,12)?**
3. **Како најдобро да ги препознаеме и да ги отфрлиме „измамите на ѓаволот" (Ефесјаните 6,11)? На пример, колку често ви доаѓа да се откажете од својата вера затоа што се чувствувате премногу грешни, премногу расипани за да бидете спасени? Кој ви ја става таа мисла во главата – Христос или силите на темнината? Зошто, особено во такви моменти, мора да се повикате на многубројните прекрасни ветувања што сме добиле во Исуса?**

**Лекција 13**
**16-22 септември 2023**

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ МИР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 6,10-20; 1. Петрово 4,1; 1. Петрово 5,8; Исаија 59,17; Исаија 52,8-10; 1. Солуњаните 5,16-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „При сè тоа земете го штитот на верата, со кого ќе можете да ги угаснете сите огнени стрели на нечестивиот! Земете го и шлемот на спасението и мечот на Духот - кој е Божјото слово“ (Ефесјаните 6,16.17).**

Во класичното дело од духовната литература на Џон Бањан, Патувањето на поклоникот христијанинот, кое тој го напишал додека бил во затвор, главниот лик, Кристијан, бил пратен во оружарницата на замокот и му биле прикажани „секакви видови опрема (оружје), кои ги обезбедил нивниот Господ за поклониците – како меч, штит, шлем, граден оклоп, молитвеник и чевли што не стануваат ветви се истрошуваат. А овде имало доволно од сите работи за да се наметнат онолку луѓе за служба на Господа колку што има ѕвезди на небото.“ Пред Кристијан да тргне на својот пат, тој повторно бил одведен во оружарницата, каде што бил „облечен од глава до пети во непробоен оклоп, во случај да биде нападнат по патот“.

Делото на Бањан од 1678 година потсетува на текстот што го напишал апостол Павле околу 1.600 години порано, Посланието до Ефесјаните, исто така составено во затвор. Во него, овој голем апостол и мисионер замислува една огромна војска, црквата, која ја посетува Божјата оружарница и се облекува во божествената паноплија, грчки термин за целосна воена опрема – оклоп од глава до петици. Божјата оружарница содржи има доволно од најдоброто оружје за секој војник во Неговата војска да биде „покриен од глава до петици со ‚железото од Север‘ (види Еремија 15,12), кога ќе излезе да воставува мир во Негово име.

## ЦРКВАТА – ОБЕДИНЕТА ВОЈСКА

**Прочитајте Ефесјаните 6,10-20. Што вели Павле за видот на војна во која е вклучена црквата? Дали тој првенствено ја опишува духовната битка на поединечни верници или црковната корпоративна војна против злото?**

______________________________________________________________________

Победата во грчката и римската војна зависела од соработката на војниците во самата воена единица, а особено од поддршката што си ја давале едни на други во жарот на битката. Индивидуализмот во борбата се сметал за одлика на варварските воини, што ги осудувала на пораз.

Постојат важни причини кои ја поддржуваат идејата дека Павле, во текстот Ефесјаните 6,10-20, во согласност со вообичаеното сфаќање на војската, првенствено зборува за заедничката борба на црквата против злото: 1. Тој текст претставува кулминација на посланието, која е целосно посветена на црквата. Би било крајно необично за Павле да го заврши своето послание со ликот на осамен христијански воин кој се бори против силите на темнината; 2. На крајот од тој текст, Павле го нагласува христијанското заедништво, повикувајќи ги верниците да се молат „за сите свети“ (Ефесјаните 6,18-20); 3. А што е најзначајно од сè, порано во посланието, кога зборува за силите на злото, Павле ги поставува наспроти црквата, а не наспроти против поединечниот верник: „Та многуразличната Божја мудрост да им се соопшти сега преку Црквата на началствата и на властите во небесните места“ (Ефесјаните 3,10).

Според тоа, текстот Ефесјаните 6,10-20 не прикажува некој поединечен, осамен воин кој се спротивставува на злото. Наместо тоа, Павле како генерал ѝ се обраќа на црквата како војска. Нè повикува да го земеме нашиот комплетен оклоп и, како обединета војска, да тргнеме во битка сложно и енергично. Павле одлучил својот темелен  нагласок на црквата, која едноподруго вклучува описи на црквата како Христово тело (Ефесјаните 1,22-23; Ефесјаните 4,1-16), Божја зграда/храмот (Ефесјаните 2,19-22) и Христова невеста (Ефесјаните 5,21-33), да го заокружи со завршна метафора – црквата како војска на живиот Бог. Бидејќи ни се наближува тој „лош ден“ (Ефесјаните 6,13), конечната фаза од долготрајната битка против злото, ова не е време да имаме нејасни ставови кога станува збор за нашата посветеност на Бога и преданост којашто треба да си ја покажуваме еден на друг како Христови соборци.

**Како можеме ние, како корпоративно тело, да учествуваме во големата борба, за да си помагаме едни на други кога се соочуваме со злото, во каков било облик и да се појави тоа?**

## ПОЈАС И ОКЛОП

**Како Павле ги замислува верниците кои почнуваат да се подготвуваат за борба против злото? Ефесјаните 6,14; видете и 1. Петрово 4,1; 1. Петрово 5,8; Римјаните 8,37-39.**

___

Павловото предупредување за жестоката борба (Ефесјаните 6,13) ги подготвува читателите за неговиот последен (четврт) повик да стоиме цврсто (сп. Ефесјаните 6,11,13), кој воедно претставува и детален повик за да се наоружаме (Ефесјаните 6,14- 17). Павле го опишува дејството на „препашување на бедрата“ (сп. Исаија 11,5). Древната широка облека требало да биде врзана околу половината пред да се започне со работа или битка (сп. Лука 12,35.37; Лука 17,8). Павле го замислува верникот облечен во оклоп како римски легионер, почнувајќи од кожен војнички појас – појас со украсни приврзоци и тока (плочка од метал што служи за закопчување на ремен; заб. на прев). Од неговиот појас виселе неколку кожни ремени покриени со метални плочки. Заедно тие формирале „престилка“ што се носела како ознака на чин поради визуелен ефект. Неговата примарна улога била да ја прицврсти облеката и да ги држи на место останатите делови од опремата.

Верниците не ја поседуваат вистината сами по себе; тоа е дар од Бога (сп. спасението во Ефесјаните 2,8). Сепак, тоа не треба да остане некоја апстрактна, нејасно разбрана предност без никакво преобразувачко влијание врз нивниот живот. Треба да се „опашат“ со Божјата вистина, да го искусат и да го искористат тој божествен дар. Тие самите не ја поседуваат Божјата вистина до степен до кој Божјата вистина ги поседува и заштитува нив.

Потоа, Павле ги охрабрува верниците да се облечат во „оклопот на правдата“ (сп. 1. Солуњаните 5,8). Како и појасот на вистината, и тој има божествено потекло, бидејќи е дел од оклопот што го носи Јахве во својата улога како божествен Воин (Исаија 59,17). Оклопот за телото, што го носеле војниците во времето на Павле, се состоел од оклоп (од мали, испреплетени железни прстени), крлушка-оклоп (од мали, преклопени плочки од бронза или железо) или испреплетени железни ленти прицврстени заедно. Тој оклоп за телото или градите ги штител виталните органи од непријателските удари. На сличен начин, верниците треба да ја искусат духовната заштита што им ја пружа Божјиот дар на правдата. Во посланието до Ефесјаните, Павле ја поврзува правдата со светоста, добрината и вистината (Ефесјаните 4,24; Ефесјаните 5,9), гледајќи на неа како особина на чесно и добро однесување спрема другите, а особено спрема останатите членови на црквата.

**На кои начини сте ја искусиле вистинитоста на таа идеја дека добрината, светоста и вистината можат да преставуваат заштита?**

# ОБУВКИ – ЦРКВАТА НАЈАВУВА МИР

Римскиот војник кој се подготвувал за битка, врзувал пар цврсти војнички сандали. Повеќеслојниот ѓон имал груби шилци, што му помагало на војникот да ја задржи својата позиција и да се „одржи“ (Ефесјаните 6,11.13.14). Павле го објаснува значењето на тие војнички обувки користејќи се со јазикот од текстот Исаија 52,7, кој го слави моментот кога гласникот ја носи веста дека битката што ја води Јахве во име на својот народ е добиена (Исаија 52,8-10) и дека завладеал мир: „Колку се прекрасни по планините нозете на гласоносецот на радоста кој разгласува мир, носи среќа и проповеда спасение, говорејќи му на Сион: ‘Твојот Бог царува!’“ (Исаија 52,7)

**Прегледајте ги осумте места во Ефесјаните каде што Павле го нагласува мирот. Зошто тој користи метафора на војска со бројни детали кога е толку заинтересиран за мирот? Ефесјаните 1,2; Ефесјаните 2,14.15.17; Ефесјаните 4,3; Ефесјаните 6.15.23.**

---

Павле го слави мирот како дело на Христос, кој е „нашиот мир“, Оној што проповеда мир „на вас, кои бевте далеку и мир на оние, кои беа близу“ (Ефесјаните 2,14-17), создавајќи од Евреите и незнабошците „еден нов човек“ (Ефесјаните 2,15). Одржувајќи ја жива евангелската сторија за Христовото спасение и за Неговото миротворно дело, славејќи го Неговото победничко минато и очекувајќи го Неговиот победнички вик во иднината, верниците ставаат „обувки на нозете“ и стојат подготвени за битка. Како гласоносецот од текстот Исаија 52,7, верниците ја објавуваат Христовата победа и Неговиот мир.

Меѓутоа, Павле не сака да го сфатиме неговиот повик да се наоружаме како повик да земеме вистинско оружје за војна против нашите непријатели. Затоа тој ги опишува верниците како оние кои го објавуваат „евангелието на мирот“ (Ефесјаните 6,15). Тој, исто така, не сака верниците да бидат воинствени во своето однесување кон другите, бидејќи го нагласува единството, учтивото изразување и благоста (видете особено Ефесјаните 4,25 - 5,2). Црквата треба да „ воспостави мир“, служејќи се со евангелскиот арсенал на христијанските доблести (како што се понизноста, трпението, простувањето итн.) и практики (молитвата, богослужбата). Таквите дела се од стратешка важност и упатуваат на Божјиот голем план да ги обедини сите во Христа (Ефесјаните 1,9.10).

**Како следниов текст ни помага да разбереме што треба да значат воените слики на Павле во нашиот живот како верници? „Бог нѐ повикува да облечеме оклоп. Нам не ни треба оклопот на Саул, туку сето оружје Божјо. Тогаш можеме да тргнеме на работа со срце полно со Христолика нежност, сочувство и љубов“ (Елена Г. Вајт, Извештај од конференција одржана во Австралија на 28 јули 1899 г.).**

# ШТИТ, ШЛЕМ И МЕЧ

**Кога и како верниците, како учесници во големата борба, треба да го користат штитот, шлемот и мечот? Ефесјаните 6,16.17.**

______________________________________________________________

Штитот за кој зборува Павле е големиот, правоаголен штит на еден римски легионер. Направен од дрво и покриен со кожа, имал рабови кои биле закривени навнатре за да го заштитат воинот од странични напади. Кога би се натопил во вода, со штитот можеле да се „угаснат сите огнени стрели“ – стрели потопени во смола и запалени. Павле го опишува „штитот на верата“ упатувајќи на старозаветната употреба на штитот како симбол на Бога кој го штити својот народ (1. Мојсеева 15,1; Псалм 3,3). Да се земе „штитот на верата“ (Ефесјаните 6,16) значи да се влезе космичката борба со доверба во Бога, кој се бори на страната на верниците (Ефесјаните 6,10), ги снабдува со најдоброто оружје (Ефесјаните 6,11.13), и ја осигурува нивната победа.

Од друга страна, римскиот борбен шлем бил направен од железо или бронза. На кружниот дел, кој ја штител главата, се додавало: на задната страна плоча за заштита на вратот, потоа штитници за ушите и веѓите, како и плочки со шарки за заштита на образите. Со оглед на суштинската заштита што ја обезбедувал шлемот, „шлемот на спасението“ (Ефесјаните 6,17) го симболизира сегашното спасение што верниците го доживуваат во поврзаноста солидарност со воскреснатиот, возвишен и прославен Христос (Ефесјаните 2,6-10). Да се стави „шлемот на спасението“ значи да се отфрли стравот од духовните сили, толку вообичаен во тоа време, и наместо тоа, да се има доверба во Христовата врховна власт (сп. Ефесјаните 1,15-23; Ефесјаните 2,1-10).

Последниот дел од борбената опрема е „духовниот меч, кој е словото Божјо“ (Ефесјаните 6,17), кој се поврзува со краткиот меч со две острици што го носеле римските легионери. Вообичаена борбена тактика била да се фрлат две копја (кои Павле не ги спомнува), а потоа да се извлече меч и да се нападне, при што краткиот меч се користел за прободување на непријателот. Мечот на верникот е „духовниот меч“ по тоа што е обезбеден од Духот, и тоа оружје е препознаено како „словото Божјо“. Павле, затоа, чекори напред како генерал и повикува да се земе оружје, ветувајќи ја надежта и победата што Врховниот командант на божествената војска ќе им ги обезбеди на верниците. Токму овие ветувања, дадени во текстот Ефесјаните 6,10-20, ја претставуваат „Божјата реч“ како главно оружје во борбата против злото. Според тоа, „словото Божјо“ се однесува на јасните евангелски ветувања што ги наоѓаме во Библијата.

**Дури и ако не ни се допаѓаат многу тие војнички слики, што ни порачуваат за тоа колку навистина е буквална големата борба и колку сериозно треба да ја сфатиме?**

# ПРАКТИКУВАЊЕ МОЛИТВА НА БОЈНОТО ПОЛЕ

Завршувајќи го својот повик за борба, Павле ги поттикнува верниците да учествуваат како војници во клучната, постојана молитва „за сите свети“ (Ефесјаните 6,18), а исто така и за оној кој е „пратеник во окови“ (Ефесјаните 6,19.20). Овој повик за молитва може да се смета за продолжение на војничките сцени, со оглед на тоа дека повикувањето на Бога (или богови) во молитва било вообичаена практика на древното бојно поле. Да наведеме еден библиски пример: по повикот на Јазил за борба, „сите Евреи и Ерусалимци“, заедно со царот Јосафат, „паднаа пред Господа за да Му се поклонат“ (2. Летописи 20,18). Иако молитвата не е седмиот дел од борбената опрема, таа е составен дел од препораките на Павле и неговата воена метафора.

Во првото од двете молитвени барања, Павле бара од верниците да учествуваат во сесрдна, итна и истрајна молитва „за сите свети“ (Ефесјаните 6,18). Ако црквата сака да биде успешна во својата борба против силите на злото, ќе мора да вежба да се потпира на Бога преку молитва проникната со Духот.

Второто молитвено барање на Павле се однесува на него лично: „И за мене“, додава апостолот (Ефесјаните 6:19). Тој бара од верниците да се молат Бог да му ја даде правата порака („да ми се даде слово“), во вистинско време („кога ќе ја отворам устата“), за да ја објави на вистински начин („за да можам да ја соопштувам смело“), и дека се однесува на најважната тема, на „тајната на евангелието“ (Ефесјаните 6,19). Тој последен израз се однесува на она што можеме да го наречеме „откриена тајна“ на Божјото залагање преку Христа да ги откупи незнабошците заедно со Евреите (види Ефесјаните 3,1-13), создавајќи „еден нов човек“ (Ефесјаните 2,15; англ. „едно ново човештво“ /NIV/; видете и Ефесјаните 2,11-22), како знак на сеопфатниот план „за да соедини повторно во Христа сè“ (Ефесјаните 1,10).

**Размислете за следните „повици за молитва“ во Новиот завет. Кој ве инспирира најмногу? Зошто? Лука 18,1-8; Филипјаните 4,6; Колошаните 4,2; 1. Солуњаните 5,16-18.**

---

Зошто верниците толку често се поттикнуваат да се вклучат во искрена, истрајна молитва? Војничката метафората на Павле нуди два одговора: (1) опасноста од духовна битка против цела низа натприродни непријатели е страшна и реална; (2) Божјите ветувања за духовна сила и победа се илустрирани со Павловите војнички слики (Ефесјаните 6,10-17). Сесрдната истрајна молитва ни дава можност внимателно да ги сослушаме тие ветувања, да го славиме Бога за нив и да Му се заблагодариме за ризниците изворите ресурсите што ни ги обезбедува Неговата благодат.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Војската што се бори би била збунета и ослабена ако не дејствуваат сите сложно. Ако војниците постапуваат врз основа на сопствените импулсивни замисли, без да се обѕрнуваат на позициите и дејствувањето на другите, тие би биле само збир независни атоми и не би можеле да ја извршат работата на организирано тело. Затоа Христовите војници мора да дејствуваат сложно. Тие не смеат да мислат само на себе, бидејќи, во тој случај, припадниците на Господовиот народ, наместо да бидат совршено усогласени, еднодушни, едномислени и посветени на една голема цел, ќе сметаат дека нивните напори се бескорисни, а нивното време и способности напразно потрошени. Силата е во заедништвото. Дури и мал број преобратени души кои дејствуваат сложно, работејќи со една голема цел, под еден водач, ќе остваруваат победи при секоја средба“ (Ellen G. White, *Spalding and Magan Collection*, p. 121).

Какво е значењето на тоа што Павле за себе вели дека е „пратеник во окови“ (Ефесјаните 6,20)?

Пратениците (или амбасадорите) често имале значајни улоги за време на војна, така што Павловиот самоопис се вклопува во контекстот на неговата војничка метафора. Кон амбасадорите требало да се постапува со должна почит и уважување на нивната личност и на државата што ги испратила. Овде, значи, гледаме остар контраст помеѓу статусот на Павле како амбасадор на Врховниот владетел на вселената и целосното непочитување на кое укажувале неговите окови (буквално, „синџир“). Меѓутоа, бидејќи амбасадорите биле врзани со „синџирот на службата“, Павловото спомнување на „синџирот“ може да биде „зачинето со иронија“, гледајќи на својот синџир како „одликување што треба да го носи со достоинство“ (Дејвид Џ. Вилијамс, *David J. Williams, Paul’s Metaphors: Their Context and Character*, Peabody, MA: Hendrickson, 1999, p. 152).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во вашето катче на овој поделен и завојуван свет, што значи за вас и за вашата локална црква „да се воспостави мир“? Како можеме да бидеме поборници за мир во свет кој сѐ повеќе го карактеризираат агресија и насилство?**
2. **Кои конкретни „огнени стрели“ се испраќаат во ваша насока? Како можете да се потрудите „штитот на верата“ да биде поставен на право место за успешно да ги изгаснете?**
3. **Понекогаш зборуваме за „војници на молитвата“. Како треба да ја водиме „молитвената служба“ врз основа на текстот Ефесјаните 6,18-20?**
4. **Како треба да се однесуваме кон оние кои се ранети на бојното поле на голема борба? Како треба да се однесуваме кон христијанскиот верник кој бега од страв во жарот на битката или отворено капитулира и преминува на другата страна?**

Лекција 14
23-29 септември 2023

# ПОРАКАТА НА ПОСЛАНИЕТО ДО ЕФЕСЈАНИТЕ ВО СРЦЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефесјаните 1 - Ефесјаните 6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто по благодат сте спасени, преку верата, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар! Не од делата, за да не се фали некој. Имено, Негово дело сме, создадени во Христа Исуса, за добри дела, кои Бог ги подготви однапред, за да живееме во нив“ (Ефесјаните 2,8-10).**

Посетителите на Лондон во голем број се искачуваат на „Лондонско око“, најголемиот панорамски рингишпил во светот, сместен на брегот на реката Темза. Од него, од над 130 метри височина, можете да видите сѐ: Биг Бен, зградата на Парламентот и многу историски значајни палати и катедрали. За новозаветниот научник Николас Томас „Том“ Рајт, „посланието до Ефесјаните во извесна смисла стои како ‘Лондонското око’ во однос на другите посланија на Павле. Тоа не е негов најдолг или најкомплетен спис, но нуди прекрасен поглед врз целиот пејсаж. Преку него, додека тркалото се врти, добивате поглед од птичја перспектива на најважните теми кои следат една по друга“ (*Paul for Everyone: The Prison Letters;* London: S.P.C.K. [Society for Promoting Christian Knowledge Publishing], 2004; стр. 3).

Во посланието до Ефесјаните, Павле не е фокусиран на прашања од локално значење. Звучи како Павле да им се обраќа на верниците насекаде каде што ги има и на христијанските цркви каде и да постојат. Безвременското чувство што го зрачи посланието, овозможува тој „поглед што го одзема здивот“, кој ни го дава Павле, да продре во нашиот сопствен свет и во нашите мисли. Додека читаме глава по глава, да го имаме на ум следново прашање: Кои важни вистини, содржани во посланието до Ефесјаните, треба да продолжат да го обликуваат нашиот живот како верници?

## БЛАГОСЛОВЕНИ СМЕ ВО ХРИСТА

Некој ги опишал Ефесјаните како Алпи на Новиот Завет. Павле, нашиот пранинарски водич, нѐ упатува на брзо искачување во 1. глава. Брзо останувамe без здив, но сме воодушевени од глетката од врвот.

**Размислете за текстот Ефесјаните 1. Што особено ве инспирира? Кои врвови ги гледате?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Текстот Ефесјаните 1,3-14 е како мапа што ја разгледуваме на врвот на планина. Ги означува врвовите на хоризонтот, додека Павле нѐ упатува кон блаженото место подготвено за нас на широкиот пејзаж на планот на спасението. Тој пејзаж го опфаќа целиот опсег на историјата на спасението, од бесконечното минато, преку Божјите милостиви дела направени во Христа, до вечната иднина. Божјото откупување на верниците е одраз на божествените иницијативи преземени „пред создавањето на светот“ (Ефесјаните 1,4), кои сега се разработуваат во нашиот живот (види Ефесјаните 1,7.8.13.14). Тие стратегии од пред создавањето на светот ќе бидат целосно остварени на крајот на времето (Ефесјаните 1,9.10). Тогаш „сѐ“ ќе се „соедини повторно во Христа: сѐ што е на небесата и што е на земјата“, и ќе се исполни Божјиот план „кога ќе се исполнат времињата“ (Ефесјаните 1,10). Тогаш целосно ќе го искусиме Божјиот таинствен план (Ефесјаните 1,9). Но, веќе во сегашноста можеме да бидеме сигурни дека спасението сосредоточено на Христа, во кое стоиме, претставува важен дел од Божјиот сеопфатен план за откупување на „сите“.

Стоењето на врвот на планина предизвикува чувство на благодарност. Во текстот Ефесјаните 1,15-19, Павле му се заблагодарува на Бога додека се моли верниците да го доживеат спасението што Тој го имал во план за нив. Ние сме на уште едно стрмно угорниште додека апостолот нѐ упатува нагоре кон воскреснатиот, возвишен, устоличен Христос, кој владее над секоја постоечка сила за сите времиња (Ефесјаните 1,20-23).

Преку Божјата благодат изразена во Христа Исуса, ние уште денес можеме да живееме на врвот на планината!

**Стихот Ефесјаните 1,4 вели дека Христос „нѐ избра во Него, пред создавањето на светот, за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубов“. Размислете што значи тоа. Ние сме избрани во Него уште пред да постои светот! Каква голема надеж треба да ни влее тоа во однос на Божјата желба да бидеме спасени?**

## НИЕ СМЕ ОТКУПЕНИ ЗА ДА ЖИВЕЕМЕ ВО ЗАЕДНИЦА

**Додека ја читате 2. глава од Посланието до Ефесјаните, обидете се да одговорите на следново прашање: Што направил Бог за нас преку својот Син, Исус Христос?**

---

„Но Бог...“ Овие два збора се сигурно зборови кои пружаат наголема надеж од сите што му се познати на човештвото. Во Ефесјаните 2,1-10, Павле го опишува мрачното минато на своите слушатели. Делејќи ја судбината на целото човештво, тие биле склони да се побунат против Бога, а со нивниот живот управувале гревот и сатаната (Ефесјаните 2,1-3). „Но Бог, кој е богат во милост...“ Што направил Бог за нив – и за нас? 1. Тој нè оживеал со Христа – Христовото воскресение воедно е и наше. 2. Тој нè подигнал со Христа – Христовото вознесение воедно е и наше. 3. Нè седна на престолот со Христа на небото – Христовото крунисување воедно е и наше (Ефесјаните 2,4-7). Ние не сме само набљудувачи на настаните во Христовиот живот – настани кои ја менуваат вселената! Бог ги презел сите овие извонредни дела, не поради некаква наша заслуга, туку поради Својата милост (Ефесјаните 2,8.9), и Неговата намера е верниците да живеат во солидарност со Исуса и да прават „добри дела“ (Ефесјаните 2,10).

Ако текстот Ефесјаните 2,1-10 нè учи да живееме во солидарност со Исуса, Ефесјаните 2,11-22 нè учи да живееме во солидарност со луѓето кои се дел од Неговата црква. Исусовата смрт ни обезбедува и вертикални предности, преку воспоставување заемен однос на верниците со Бога (Ефесјаните 2,1-10), но и хоризонтални, преку зајакнување на нашите меѓусебни односи со другите (Ефесјаните 2,11-22). Со својот крст, Исус го урива сето она што ги дели нееврејските верници од еврејските, вклучувајќи ја и злоупотребата на Законот, со цел тој јаз да се прошири (Ефесјаните 2,11-18). Освен тоа, Исус и гради нешто – прекрасен, нов храм составен од верници. Неевреите, кои некогаш биле исклучени од богослужението во светото подрачје на храмот, сега им се придружуваат на еврејските верници и стануваат дел од храмот. Ние, исто така, стануваме дел од Божјата црква, „живеалиште Божјо преку Духот“ (Ефесјаните 2,19-22).

Благодарение на Божјата милост, денес ја имате привилегијата да живеете во солидарност со Исуса и со другите верници.

Текстот Ефесјаните 2,8-10 одиграл значајна улога во преобратувањето на многумина. Мартин Лутер во тие стихови ја пронашол милоста што го освоила неговото срце, а открил и некои централни пораки на реформацијата: спасението доаѓа само преку верата, само преку благодатта, само преку Христа и само за слава на Бога. Во 1738 година, осумнаесет дена по своето преобратување во лондонската улица Алдерсгејт, Џон Весли проповедал на Универзитетот во Оксфорд, изнесувајќи „лелек од срцето“ и „манифест на новото движење“. Неговиот појдовен текст? Ефесјаните 2,8 (видете: *A. Skevington Wood, „Strangely Warmed: The Wesleys and the Evangelical Awakening“,* Christian History [magazine], vol. 5, no. 1 [1984]).

## НИЕ СМЕ ЦРКВА НА ЖИВИОТ БОГ

**Зошто е истовремено и важно и возбудливо да се биде дел од Божјата црква? Ефесјаните 3**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Ние самите се охрабруваме кога слушаме дека верниците зборуваат позитивно за црквата. Меѓутоа, дури и најголемите ентузијасти меѓу нас не успеваат да го исполнат вдахновеното сведочење на Павле за црквата во Посланието до Ефесјаните 3 глава. Павле го започнува извештајот за своите молитви за верниците во Ефес (Ефесјаните 3,1; сп. Ефесјаните 1,15-23), но го прекинува за да зборува за Божјето создавање на црквата (Ефесјаните 3,2-13) и дури тогаш го завршува својот молитвен извештај (Ефесјаните 3,14-21). Патем, учиме важни работи за Божјиот „план“, односно за Неговата „тајна“:

- Во вечноста, Бог замислил „тајна“ или „план“ во врска со црквата (Ефесјаните 3,3-5.9.11).
- Преку животот и смртта на Исус, Тој го „оствари“ тој долго криен план (Ефесјаните 3,11; сп. Ефесјаните 2,11-22).
- Павле „по откровение“ ја дознава „тајната“ на црквата и зачудувачкиот факт дека обратените незнабошци ќе бидат полноправни учесници во неа (Ефесјаните 3,3-6).
- Павле учествува во ширењето на таа добра вест како проповедник кој треба да им го претстави „неискажливото богатство Христово“ на незнабошците (Ефесјаните 3,8.9).
- Со многумина кои се придобиени за Христа, преку црквата, составена од преобратени Евреи и незнабошци, „многуразличната Божја мудрост“ се покажува пред „началствата и на властите во небесните места“ (Ефесјаните 3,10), со што се објавува нивната претстојна пропаст (сп. Ефесјаните 6,10-20). Остварувањето на планот да се соедини сè во Христа (Ефесјаните 1,10), токму сега е во тек, а нивното време е кратко.

Таквото разбирање на црквата го мотивира Павле да се моли за верниците. Зошто да не го замислите како својата сесрдна молитва од Ефесјаните 3,14-21 ја упатува за вас? Зошто да не го замислите како се моли „да се исполните со сета полнота Божја“ (Ефесјаните 3,19) и да земете целосно учество во откривањето на неверојатната тајна на обединетата црква?

**Какви бариери постојат меѓу верниците во нашата црква кои, во светлината на она што го напишал Павле, не би требало да постојат? Што можете да преземете за да ги отстраните?**

# ЕДИНСТВО НА ВЕРАТА

**Во Ефесјаните 4. глава Павле ги повикува верниците да престанат да прават некои работи и да се потрудат да прават некои други. Кои се тие работи?**

___

Ефесјаните 4 започнува и завршува со повик да се грижиме еден за друг како членови на црквата (Ефесјаните 4,1-3.32). Помеѓу овие повици, Павле дава силна поддршка на идејата дека треба да негуваме единство во црквата. Тој почнува со набројување на седум „единства“: „Едно тело сте и еден Дух, како што сте и повикани кон една надеж на вашето звање. Еден Господ, една вера и едно крштение, еден е Бог и Отец на сите, Кој е над сѐ, и преку сите, и во сите нас“ (Ефесјаните 4,4-6). Нас нѐ поврзуваат овие духовни реалности. Всушност, ние сме обединети.

И иако ова единство е теолошка извесност, сепак тоа бара напорна работа од нас. Затоа секогаш треба да се трудиме да го одржуваме „единството на Духот“ (Ефесјаните 4,3). Еден од начините на кој секој од нас може да го направи тоа е да биде активен дел од телото Христово (Ефесјаните 4,7-16). Секој член е надарен дел од тоа тело и треба да придонесува за неговото општо здравје (Ефесјаните 4,7.16). И сите треба да имаат полза од службата на апостолите, пророците, евангелистите, пастирите и учителите (Ефесјаните 4,11.12). Затоа што сите тие, како лигаментите и тетивите, имаат обединувачка улога, помагајќи ни заедно да раснеме во Христа кој е Глава на тоа тело (Ефесјаните 4,13.15).

Во исто време, Павле исто така вели дека повеќе не треба да бидеме мали „деца, кои ги лулее и ги носи секој ветар на науката, што – со човечката измама и лукавство – доведува до итро измислени заблуди“ (Ефесјаните 4,14). Тие зборови јасно сугерираат дека раната црква се соочувала со некои внатрешни борби поради „човечките измами“.

Додека се подготвува да им го упати својот последен повик да бидат „еден спрема друг добри и милосрдни, проштавајќи си еден на друг“ (Ефесјаните 4,32), Павле бара од верниците да се оттргнат од својата поранешна тврдоглавост (Ефесјаните 4,17- 24), да го избегнуваат гневот и грубиот говор, заменувајќи го со зборови што изградуваат и пружаат милост (Ефесјаните 4,25-31).

Оваа глава за единството лесно се чита кога сѐ е мирно. Меѓутоа, многу е потешко – и поважно – да го читаме кога ќе се вплеткаме во некој судир. Дали редовно се потсетувате себеси дека сте повикани да го доживеете единството на телото Христово, единството за кое Тој умрел?

**На кои начини можеме да придонесеме за единството на нашата црква, и на локално и на светско глобално ниво? Зошто е важно да правиме сѐ што можеме?**

# НИЕ СМЕ И ПРИМАТЕЛИ И ДАВАТЕЛИ НА БЛАГОДАТТА

**Додека читате Ефесјаните 5 глава, размислувајте за тоа на кој начин Павле бара од нас да го покажуваме евангелието на дело во нашите односи со другите. Која од неговите опомени е особено значајна за вас?**

___

Ако едноставно почнете да ја читате Ефесјаните 5. глава од почеток, може да ја пропуштите сета сила на една важна тема. Затоа, почнете од стихот Ефесјаните 4,32, во кој Павле им порачува на верниците од Ефес: „Бидете еден кон друг добри, милостиви, проштавајќи си еден на друг, како што и Бог ви прости вам во Христа“.

Како верници, повикани сме да го обликуваме нашето однесување спрема другите во согласност со Божјото проштавање и милост што ја покажал кон нас. Со други зборови, ние треба да го имитираме Бога! (Според Матеј 5,43-48)

Павле го споредува овој живототен стил на имитирање на Божјата љубов со вообичаениот, пагански пристап кон меѓучовечките односи. Наместо да ги вреднуваат другите како браќа и сестри во Божјото семејство, луѓето премногу често ги искористуваат другите за свое сексуално задоволство, па дури и да се фалат со тоа (Ефесјаните 5,3.4). Тој предупредува дека таквиот пристап нема иднина во новиот свет што Бог го подготвува (Ефесјаните 5,5-7).

Наместо тоа, верниците треба да се свртат од темнината на своето минато и да живеат како „деца на светлината“ (Ефесјаните 5,8-10), имитирајќи ја љубовта на Отецот. И повторно, Павле нè предупредува да се одвратиме од „делата на темнината“ што се „вршат потајно“ (Ефесјаните 5,11.12). Наспроти тоа, ние треба да живееме во Христовата светлина (Ефесјаните 5,13.14). Наместо залудно да го потрошиме нашиот живот во пијанство, ние го „ползуваме времето“ (англ. „го искупуваме времето“; Константинов) на тој начин што му заблагодаруваме на Бога за Неговата љубов (видете Ефесјаните 5,15-21).

Павле уште повеќе ја проширува оваа тема за имитирање на Божјата љубов додека ги советува мажите и жените христијани. Христовата самопожртвувана љубов кон црквата станува пример за мажите христијани (Ефесјаните 5,25-33), додека посветеноста на црквата кон Христа станува модел за жените христијанки (Ефесјаните 5,22-24). Наместо да го користат дарот на човечката сексуалност на развратен и себичен начин, мажот и жената, кои се христијани, се фокусираат на тоа да се ценат и вреднуваат еден со друг, станувајќи „едно тело“ (Ефесјаните 5,28-33).

„И така, угледајте се на Бога, како чеда возљубени“ (Ефесјаните 5,1). По Божја милост, денес сте повикани да го спроведете тој совет во дело во вашите меѓучовечки односи со другите.

**Како стихот Ефесјаните 5,2, кој вели дека треба да живееме „во љубов“, ни помага да разбереме што мисли Павле во Ефесјаните 5,1 кога нè повикува да се угледаме на Бога?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Проучувањето за оваа седмица го заклучуваме со размислување за 6. глава посланието до Ефесјаните, каде што откриваме дека ние, црквата, сме Божја војска која воспоставува мир.

Во посланието до Ефесјаните Павле ја прикажува црквата како Христово тело (Ефесјаните 1,22-23; Ефесјаните 4,11-16), како Божји храм (Ефесјаните 2,19-22) и како невеста/жена Христова (Ефесјаните 5,21-33). Во Ефесјаните 610-20, Павле ја опишува црквата како Божја војска и упатува енергичен повик за наоружување. Станува збор за текст кој нуди многу придобивки, но носи и ризик да биде погрешно сфатен.

Зборовите на Павле може да ги сфатиме и погрешно, како повик да земеме вистинско воено оружје или да бидеме воинствени во нашиот однос спрема другите. Меѓутоа, Павле го нагласувал единството, учтивото изразување и благоста (видете особено Ефесјаните 4,25-5,2). Тој ја опишува Божјата добра вест како „евангелие на мирот“ (Ефесјаните 6,15). Преку оваа живописна војничка метафора, црквата не се охрабрува да води војна во традиционална смисла. Наместо тоа, треба да го воспоставуваме мир во духовната војна против злото. Павле стапува на бојното поле на големата битка и нè повикува да се пријавиме во Божјата војска.

Тоа треба да го направиме имајќи ја предвид реалната проценка на непријателот, бидејќи никогаш не е добро да се потценат силите што се построени против нас. Се соочуваме не само со човечки непријатели, туку и со „духовните сили на злото во небесните места“ (Ефесјаните 6,12), предводени од лукав војсководец, ѓаволот (Ефесјаните 6,11). Меѓутоа, не треба да нè заплашуваат нашите непријатели. Бог е со нас во таа борба (Ефесјаните 6,10) и ни го обезбедил најефикасното оружје – неговиот сопствен оклоп – „сето оружје Божјо“ (Ефесјаните 6,11; сп. Исаија 59,15-17). Тој ни ги ставил на располагање вистината, правдата, мирот, верата, спасението и Духот (Ефесјаните 6,13-17). Со оглед на тоа дека Бог оди пред нас и дека сме облечени од глава до петици во оклопот што Тој ни го дал, ние не можеме а да не успееме. Победата ни е загарантирана.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Иако не се спасуваме со нашите сопствени дела, на што мисли Павле кога вели дека „сме, создадени во Христа Исуса, за добри дела, кои Бог ги подготви однапред, за да живееме во нив“ (Ефесјаните 2,10)? Тогаш, која е целта на нашите добри дела?**
2. **Павле пишува: „А на Оној, Кој со Својата сила, што дејствува во нас, може да направи прекумерно над сè што ние молиме или мислиме“ (Ефесјаните 3,20). Која сила дејствува во нас и како таа треба да се пројави во нашиот живот?**

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУЛИ
# ВЕЧНА КАРПА

### УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **Јован 2,24.** | *Учител* |

### ЅВЕЗДА НА НАДЕЖТА

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Даниел 5,25.** | *Непобедлив помошник* |
| *3. Понеделник* | **2. Тимотеј 3,12.** | *Бранител на вистината* |
| *4. Вторник* | **Галатјаните 4,4.** | *Ѕвезда на надежта* |
| *5. Среда* | **Исаија 55,9.** | *Мудар и моќен Советник* |
| *6. Четврток* | **1. Петрово 2,4.5.** | *Карпа на вековите* |
| *7. Петок* | **Ефесјаните 5,1.** | *Пример* |
| *8. Сабота* | **Јован 13,36.** | *Возљубен Учител и Пријател* |

### ЛЕБ НА ЖИВОТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Јован 17,17.** | *Творец на вистината* |
| *10. Понеделник* | **1. Коринќаните 1,30.** | *Наша праведност* |
| *11. Вторник* | **Јован 16,24.** | *Голем адвокат* |
| *12. Среда* | **Јован 6,32.** | *Леб на животот* |
| *13. Четврток* | **Исаија 33,22.** | *Божествен Законодавец* |
| *14. Петок* | **Лука 9,56.** | *Извор на исцелителна милост за овој свет* |
| *15. Сабота* | **Матеј 26,39.** | *Творец што умира* |

### ВЕЧНА КАРПА

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Матеј 13,55.** | *Кроток Пример* |
| *17. Понеделник* | **Јован 15,9.** | *Возљубениот на Небо* |
| *18. Вторник* | **Јован 1,12.** | *Христос, откриен во евангелијата* |
| *19. Среда* | **2. Коринќаните 5,10.** | *Судија на сите живи* |
| *20. Четврток* | **Псалм 118,22.** | *Вечна карпа* |
| *21. Петок* | **Римјаните 11,33.** | *Голем трговец со духовни богатства* |
| *22. Сабота* | **Езекиел 33,8.** | *Пријател на грешниците* |

### ВОЗВИШЕН ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **Захарија 6,12.** | *Градител на Божјата црква* |
| *24. Понеделник* | **Псалм 44,26.** | *Искупителот што доаѓа* |
| *25. Вторник* | **Матеј 5,16.** | *Возвишен пример* |
| *26. Среда* | **Евреите 9,11.** | *Свештеник на Новиот завет* |
| *27. Четврток* | **Марко 15,37.** | *Жртва што крвави* |
| *28. Петок* | **Ефесјаните 1,22.** | *Почитуван на Небото* |
| *29. Сабота* | **Матеј 6,19.** | *Сопственик на сите наши земни добра* |

### БОЖЕСТВЕН ЗАСТАПНИК

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Исаија 66,2.** | *Небесен архитект* |
| *31. Понеделник* | **Исаија 49,16.** | *Божествен Застапник* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – АВГУСТ

## ЗАПОВЕДНИК НА НЕБОТО

### НАЈГОЛЕМИОТ УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Јаков 1,5.** | *Извор на мудроста и знаењето* |
| *2. Среда* | **Марко 4,2.** | *Најголемиот Учител* |
| *3. Четврток* | **Дела 26,28.** | *Распнатиот Спасител* |
| *4. Петок* | **Матеј 5,17.** | *Тој што го дал Законот* |
| *5. Сабота* | **2. Тимотеј 3,16.** | *Жив Поглавар на христијаните* |

### ЗАПОВЕДНИК НА НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **2. Летописи 6,14.** | *Ангел на заветот* |
| *7. Понеделник* | **Матеј 21,38.** | *Наследник* |
| *8. Вторник* | **Откровение 1,7.** | *Царот во својата убавина* |
| *9. Среда* | **Филипјаните 2,7.** | *Заповедник на небото* |
| *10. Четврток* | **1. Коринќаните 15,23.** | *Остварување на подигнатиот и превртен сноп* |
| *11. Петок* | **Колошаните 1,13.** | *Мил и Возљубен* |
| *12. Сабота* | **Исаија 53,4.** | *Трпелив Страдалник* |

### СЕМОЌЕН ПОСРЕДНИК

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Матеј 19,1.** | *Пример за добрина* |
| *14. Понеделник* | **Псалм 138,8.** | *Судија на сите созданија* |
| *15. Вторник* | **Матеј 8,17.** | *Света замена* |
| *16. Среда* | **1. Тимотеј 2,5.** | *Семоќен Посредник* |
| *17. Четврток* | **1. Петрово 1,20.** | *Канал* |
| *18. Петок* | **4. Мојсеева 13,3.** | *Ангел на божествената присутност* |
| *19. Сабота* | **Јован 18,37.** | *Вечна Реч* |

### БОЖЕСТВЕН ГЛАСНИК

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Матеј 4,16.** | *Светлина што треба да ги осветли незнабошците* |
| *21. Понеделник* | **1. Јованово 1,6.** | *Христос му ја открил вистината на светот* |
| *22. Вторник* | **Еремија 32,17.** | *Автор на физичкиот закон* |
| *23. Среда* | **Јован 6,38.** | *Божествен Гласник* |
| *24. Четврток* | **Псалм 103,8.** | *Оној што трпи долго време* |
| *25. Петок* | **Псалм 119,105.** | *Средиште на секое вистинско учење* |
| *26. Сабота* | **Откровение 3,18.** | *Началник на нашата вера* |

### ЛЕКАР ПОЛН СО СОЧУВСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Захарија 9, 11.12.** | *Град* |
| *28. Понеделник* | **4. Мојсеј 22,12.** | *Единствен вистински Водич* |
| *29. Вторник* | **Псалм 34,17.** | *Ослободител на кој се надевале* |
| *30. Среда* | **Матеј 26,53.** | *Обожаван од ангелите* |
| *31. Четврток* | **Еремија 8,22.** | *Лекар полн со сочувство* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – СЕПТЕМВРИ

# ИЗВОР НА СРЕЌА

### ДАРОДАВЕЦ НА ЖИВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Лука 18,13.** | *Најискрен Пријател* |
| *2. Сабота* | **1. 2. Тимотеј 1,12.** | *Дародавец на живот* |

### КНЕЗОТ ШТО ЌЕ ДОЈДЕ

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **Дела 10,38.** | *Единствен Помошник* |
| *4. Понеделник* | **1. Јованово 3,1.** | *Омилен Заповедник* |
| *5. Вторник* | **Псалм 25,11.** | *Вистинскиот извор на простување и мир* |
| *6. Среда* | **Евреите 2,9.** | *Зачетникот на нашето спасение* |
| *7. Четврток* | **Матеј 3,1.2.** | *Кнезот што ќе дојде* |
| *8. Петок* | **Исаија 40,11.** | *Врата на Божјото стадо* |
| *9. Сабота* | **Матеј 13,3.** | *Небесен сејач* |

### ИЗВОР НА СРЕЌА

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **2. Мојсеева 12,7.** | *Божјо Јагне* |
| *11. Понеделник* | **1. Коринќаните 1,23.** | *Распнатиот Назареец* |
| *12. Вторник* | **1. Коринќаните 1,13.** | *Камен кој обединува* |
| *13. Среда* | **5. Мојсеева 32,2.** | *Учител и Спасител на целото човештво* |
| *14. Четврток* | **Мудри изреки 19,23.** | *Извор на среќа* |
| *15. Петок* | **Матеј 2,16.** | *Оној што треба да дојде* |
| *16. Сабота* | **Матеј 25,8.** | *Небесен Младоженец* |

### ГОЛЕМИОТ ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **Еремија 23,6.** | *Царско јагне* |
| *18. Понеделник* | **Псалм 111,3.** | *Величество на Небото* |
| *19. Вторник* | **Ефесјаните 5,1.2.** | *Големиот Пример* |
| *20. Среда* | **Матеј 13,23.** | *Воскреснатиот Спасител* |
| *21. Четврток* | **Јован 2,11.** | *Избавителот на својот народ* |
| *22. Петок* | **2. Самоилова 22,47.** | *Цврста Карпа* |
| *23. Сабота* | **Псалм 25,4.** | *Водач* |

### СПАСИТЕЛ НА ГРЕШНИЦИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Јован 7,46.** | *Проповедник над проповедниците* |
| *25. Понеделник* | **Лука 1,32.** | *Големиот Цар* |
| *26. Вторник* | **Јован 1,26.** | *Оној што одамна беше ветен* |
| *27. Среда* | **Откровение 3,18.** | *Големиот Посредник* |
| *28. Четврток* | **Захарија 3,2.** | *Спасител на грешниците* |
| *29. Петок* | **Јован 19,30.** | *Свршител на делото* |
| *30. Сабота* | **Захарија 14,9.** | *Господ Емануел* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ



















Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!







**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

### *Јули*

| | |
|---|---|
| **1.** | Псалм 115-117 |
| | |
| 2. | 118 |
| 3. | 119,1-88 |
| 4. | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| 6. | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| **8.** | 128-130 |
| | |
| 9. | 131-133 |
| 10. | 134-136 |
| 11. | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| 13. | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| **15.** | Изреки 1-3 |
| | |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| **22.** | 23-25 |
| | |
| 23. | 26-28 |
| 24. | 29-31 |
| 25. | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| **29.** | Песна над пес. 1-3 |
| | |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-8 |

### *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| **5.** | 14-17 |
| | |
| 6. | 18-20 |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| 10. | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| **12.** | 37-40 |
| | |
| 13. | 41-43 |
| 14. | 44-46 |
| 15. | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| 17. | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| **19.** | 60-62 |
| | |
| 20. | 63-66 |
| 21. | Еремија 1-3 |
| 22. | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| 24. | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| **26.** | 17-20 |
| | |
| 27. | 21-23 |
| 28. | 24-26 |
| 29. | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| 31. | 33-35 |

### *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| **2.** | 40-42 |
| | |
| 3. | 43-45 |
| 4. | 46-49 |
| 5. | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Езекиел 1-4 |
| **9.** | 5-7 |
| | |
| 10. | 8-10 |
| 11. | 11-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| **16.** | 27-29 |
| | |
| 17. | 30-32 |
| 18. | 33-35 |
| 19. | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| 21. | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| **23.** | Даниел 1-4 |
| | |
| 24. | 5-8 |
| 25. | 9-12 |
| 26. | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| 28. | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| **30.** | Јоил 1-3 |

## *Јули*

**1.** Псалм 1.
2. Псалм 2.
3. Псалм 3.
4. Псалм 4.
5. Псалм 5.
6. Псалм 6.
7. Псалм 7.
**8.** Псалм 8.
9. Псалм 9.
10. Псалм 10.
11. Псалм 11.
12. Псалм 12.
13. Псалм 13.
14. Псалм 14.
**15.** Псалм 15.
16. Псалм 16.
17. Псалм 17.
18. Псалм 18,1-15.
19. Псалм 18,16-30.
20. Псалм 18,31-50.
21. Псалм 19.
**22.** Псалм 20.
23. Псалм 21.
24. Псалм 22,1-15.
25. Псалм 22,16-31.
26. Псалм 23.
27. Псалм 24.
28. Псалм 25.
**29.** Псалм 26.
30. Псалм 27.
31. Псалм 28.

## *Август*

1. Псалм 29.
2. Псалм 30.
3. Псалм 31,1-14.
4. Псалм 31,15-24.
**5.** Псалм 32.
6. Псалм 33.
7. Псалм 34.
8. Псалм 35,1-14.
9. Псалм 35,15-28.
10. Псалм 36.
11. Псалм 37,1-19.
**12.** Псалм 37,20-40.
13. Псалм 38.
14. Псалм 39.
15. Псалм 40.
16. Псалм 41.
17. Псалм 42.
18. Псалм 43.
**19.** Псалм 44,1-12.
20. Псалм 44,13-26.
21. Псалм 45.
22. Псалм 46.
23. Псалм 47.
24. Псалм 48.
25. Псалм 49.
**26.** Псалм 50.
27. Псалм 51.
28. Псалм 52.
29. Псалм 53.
30. Псалм 54.
31. Псалм 55.

## *Септември*

1. Псалм 56.
**2.** Псалм 57.
3. Псалм 58.
4. Псалм 59.
5. Псалм 60.
6. Псалм 61.
7. Псалм 62.
8. Псалм 63.
**9.** Псалм 64.
10. Псалм 65.
11. Псалм 66.
12. Псалм 67.
13. Псалм 68
14. Псалм 69,1-16.
15. Псалм 69,17-36.
**16.** Псалм 70.
17. Псалм 71,1-14.
18. Псалм 71,15-24.
19. Псалм 72.
20. Псалм 73,1-15.
21. Псалм 73,16-28.
22. Псалм 74.
**23.** Псалм 75.
24. Псалм 76.
25. Псалм 77.
26. Псалм 78,1-14.
27. Псалм 78,15-28.
28. Псалм 78,29-42
29. Псалм 78,43-56.
**30.** Псалм 78,57-72.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУЛИ 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | **7.** | **14.** | **21.** | **28.** |
| **Виница** | **20:09** | **20:06** | **20:01** | **19:54** |
| **Колешино** | **20:06** | **20:03** | **19:58** | **19:52** |
| **Стар Дојран** | **20:06** | **20:03** | **19:58** | **19:52** |
| **Куманово** | **20:13** | **20:10** | **20:05** | **19:58** |
| **Неготино** | **20:09** | **20:06** | **20:01** | **19:55** |
| **Струмица** | **20:07** | **20:04** | **19:59** | **19:53** |
| **Кочани** | **20:09** | **20:06** | **20:01** | **19:55** |
| **Велес** | **20:11** | **20:08** | **20:03** | **19:57** |
| **Кавадарци** | **20:09** | **20:06** | **20:01** | **19:55** |
| **Дебар** | **20:16** | **20:12** | **20:08** | **20:01** |
| **Скопје** | **20:14** | **20:10** | **20:05** | **19:59** |
| **Битола** | **20:11** | **20:08** | **20:03** | **19:57** |
| **Кичево** | **20:14** | **20:11** | **20:06** | **20:00** |
| **Лаки** | **20:08** | **20:05** | **20:00** | **19:54** |
| **Чифлик** | **20:08** | **20:05** | **20:00** | **19:54** |
| **Штип** | **20:10** | **20:06** | **20:02** | **19:55** |
| **Тетово** | **20:15** | **20:12** | **20:07** | **20:01** |
| **Јегуновце** | **20:15** | **20:12** | **20:07** | **20:01** |
| **Росоман** | **20:10** | **20:07** | **20:02** | **19:56** |
| **Гевгелија** | **20:06** | **20:03** | **19:59** | **19:52** |
| **Свети Николе** | **20:11** | **20:08** | **20:03** | **19:57** |
| **Делчево** | **20:08** | **20:05** | **20:00** | **19:54** |
| **Валандово** | **20:07** | **20:04** | **19:59** | **19:53** |
| **Охрид** | **20:13** | **20:10** | **20:05** | **19:59** |
| **Радовиш** | **20:08** | **20:05** | **20:00** | **19:54** |
| **Прилеп** | **20:11** | **20:08** | **20:03** | **19:57** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2023 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | *4.* | *11.* | *18.* | *25.* |
| **Виница** | **19:47** | **19:38** | **19:28** | **19:17** |
| **Колешино** | **19:44** | **19:35** | **19:26** | **19:15** |
| **Стар Дојран** | **19:44** | **19:35** | **19:26** | **19:15** |
| **Куманово** | **19:50** | **19:41** | **19:31** | **19:21** |
| **Неготино** | **19:47** | **19:39** | **19:29** | **19:18** |
| **Струмица** | **19:45** | **19:36** | **19:26** | **19:16** |
| **Кочани** | **19:47** | **19:38** | **19:28** | **19:17** |
| **Велес** | **19:49** | **19:40** | **19:30** | **19:20** |
| **Кавадарци** | **19:48** | **19:39** | **19:29** | **19:18** |
| **Дебар** | **19:54** | **19:45** | **19:35** | **19:24** |
| **Скопје** | **19:51** | **19:42** | **19:32** | **19:21** |
| **Битола** | **19:49** | **19:41** | **19:31** | **19:20** |
| **Кичево** | **19:52** | **19:43** | **19:33** | **19:23** |
| **Лаки** | **19:46** | **19:37** | **19:27** | **19:16** |
| **Чифлик** | **19:47** | **19:38** | **19:28** | **19:17** |
| **Штип** | **19:48** | **19:39** | **19:29** | **19:18** |
| **Тетово** | **19:53** | **19:44** | **19:34** | **19:23** |
| **Јегуновце** | **19:53** | **19:44** | **19:34** | **19:23** |
| **Росоман** | **19:48** | **19:39** | **19:29** | **19:19** |
| **Гевгелија** | **19:45** | **19:36** | **19:26** | **19:16** |
| **Свети Николе** | **19:49** | **19:40** | **19:30** | **19:19** |
| **Делчево** | **19:46** | **19:37** | **19:27** | **19:16** |
| **Валандово** | **19:45** | **19:36** | **19:27** | **19:16** |
| **Охрид** | **19:52** | **19:43** | **19:33** | **19:23** |
| **Радовиш** | **19:46** | **19:37** | **19:28** | **19:17** |
| **Прилеп** | **19:49** | **19:40** | **19:31** | **19:20** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## СЕПТЕМВРИ 2023

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:29 | 18:17 |
| Колешино | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| Стар Дојран | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| Куманово | 19:09 | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:20 |
| Неготино | 19:07 | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Струмица | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| Кочани | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:30 | 18:18 |
| Велес | 19:08 | 18:57 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| Кавадарци | 19:07 | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Дебар | 19:13 | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |
| Скопје | 19:10 | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:21 |
| Битола | 19:09 | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Кичево | 19:11 | 19:00 | 18:48 | 18:35 | 18:23 |
| Лаки | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| Чифлик | 19:06 | 18:54 | 18:43 | 18:30 | 18:18 |
| Штип | 19:07 | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:18 |
| Тетово | 19:12 | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:23 |
| Јегуновце | 19:11 | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Росоман | 19:07 | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| Гевгелија | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| Свети Николе | 19:08 | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:19 |
| Делчево | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:28 | 18:16 |
| Валандово | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| Охрид | 19:12 | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Радовиш | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:30 | 18:17 |
| Прилеп | 19:09 | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |

*Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија

